# A-5-1-2

## Мерки на трговска политика кои се применуваат во внатрешноста при пуштање на стоките во слободен промет (увоз)

- **Форми на извоз и увоз - општо**
- **Безбедност на храна и производи кои при производство и промет доаѓаат во контакт со храна**
- **Добиточна храна, производи за исхрана на животни и вештачко ѓубриво**
- **Здравствена исправност на предмети од општа употреба**
- **Лекови - *Лекови, помошни лековите средства и медицински помагала***
- **Опојни дроги и психотропни супстанции**
- **Отрови**
- **Прекурсори**
- **Животна средина**
- **Здравствена заштита**
- **Сообразност / Стандардизација / Метрологија/Хомологација**
- **Интелектуална сопственост**
- **Злато и благороднн метали**
- **Културно наследство**
- **Вооружување (воена опрема, стопански експлозив, ловечко и спортско оружје и нивна муниција, хемиско оружје)**
- **Опасни материи**

## Форми на извоз и увоз - општо

**Стоки што се увезуваат врз основа на дозвола со цел :**

- **заштита на здравјето и животот на луѓето;**
- **заштита на животна средина и просторно планирање;**
- **стоки кои треба да ги исполнат пропишаните метеролошки и други услови;**
- **стоки (готови производи и производи што не се употребувани) за чии увоз е потребна потврда за извршен преглед и евидентирање на пропратрна техничка документација;**
- **стоки за чии увоз е потребна дозвола од Народна банка на РМ;**
- **увоз на истриски и уметнички дела;**
- **увоз на одредени благородни метали, банкноти и друго;**
- **средства за вооружување и воена опрема;**

***Надлежност***: Министерство за економија

***Документи***: Дозвола за увоз (Одобрение) кое го издаваат надлежните органи

***Регулатива***: Закон за трговија (Сл. вес. на РМ 16/2004)

Одлука за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз (Сл. вес. на РМ бр. 113 /2005)

o поопширно види во **А-5-12**

## Безбедност на храна и производи кои при производство и промет доаѓаат во контакт со храна (храна и пијалоци вклучувајќи и вода за пиење, како и тутун; материјали за пакување на храна; производи и материјали што при производство, промет и употреба доаѓаат во контакт со храна

***Надлежност***: Министерство за здравство - Дирекција за храна (надлежен за контрола на квалитетот, декларирање и означување на производите кои се увезуваат во земјата за храна од растително потекло и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната.

Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство - Управа за ветеринарство е надлежен орган за контрола на здравствената исправност, квалитетот како и декларирање и означување на производите од животинско потекло

Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство - Управа за земјоделие е надлежен орган за контрола на квалотет на како и декларирање и означување на добиточна храна (сточна храна), додатоци на сточна храна, суровини за производство на сточна храна и храна за животни

***Документи***: Одобрение за увоз (согласност) кое го издаваат надлежните органи

***Регулатива***: Закон за безбедноста на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната (Сл. весник на РМ бр. 54/02)Закон за здравствената исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба (Сл. лист на СФРЈ бр. 53/91 Сл весникна РМ бр. 15/95)Закон за ветеринарно здравство (Сл. весник на РМ бр. 28/1998)

Закон за сточарство ( Сл.весник на РМ бр. 67/97) и Закон за земјоделска инспекција ( Сл.весник на РМ бр. 45/2004)

o поопширно види во **А-5-13**

## Здравствена исправност на предмети од општа употреба

*(* детски играчки , средства за лична хигиена и козметика, средства за чистење, средства кои доаѓаат во непосреден допир со кожа и слузокожа и суровини и помошни производи кои се употребуваат во коизметичката индустрија.. )

***Надлежност*** :Минсистерство за здравство -Државен санитарен и задравствен инспекторат

***Документи***: Согласност за увоз од надлеженорган

***Регулатива*** Закон за здравствената исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба (Сл. лист на СФРЈ бр. 53/91 Сл весникна РМ бр. 15/95)

Правилник за усливите во поглед на здравствена исправност на предмети од општа употреба што можат да се пуштат во промет (*Службен лист на СФРЈ бр. 26/83)*

Законот за санитарна и здравствена инспекција (Службен весник на РМ бр. 19/95

- поопширно види во **А-5-14**

## Лекови - *Лекови, помошни лековите средства и медицински помагала*

***Надлежност***: Министерство за здравство (за хумана медицина)

Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство (за ветерина)

***Документи***: Одобрение за увоз кое го издаваат надлежните органи

***Регулатива***: Закон за лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала (Сл. весник на РМ бр. 21/98)

- поопширно види во **А-5-15**

## Опојни дроги и психотропни супстанции

***Надлежност:*** Министерство за здравство

***Документи:*** Одобрение за увоз кое го издаваат надлежните органи

***Регулатива:*** Закон за производство и промет на опојни дроги (Сл. лист на СФРЈ 13/91)

Конвенција за опојни дроги 1961, Конвенција за психотропни супстанции 1971,

- поопширно види во **А-5-5**

## Прекурсори

***Надлежност:*** Министерство за здравство

***Документи:***Одобрение за увоз кое го издаваат надлежните органи

***Регулатива:*** Закон за прекурзори ( Сл. весник на РМ 37/2004)

Конвенција за опојни дроги 1961, Конвенција за психотропни супстанции 1971,

- поопширно види во **А-5-6**

## Отрови

***Надлежност* :** Министерство за здравство
***Документи:*** Одобрение за увоз кое го издаваат надлежните органи
***Регулатива***:Конвенција против илегална трговија со наркотични дроги и псохотропни супстанции 1988, Закон за промет на отрови (Сл.лист на СФРЈ бр. 13/91); Список на отрови кои може да се стават во промет (Сл.лист на СФРЈ бр. 58/82, 7/84, 9/86, 18/87, 33/88)

- поопширно види во **А-5-7**

## Животна средина:

**производи со кои се загрозува животната средина и природата**

- **отпадни, опасни, штетни и радиоактивни материи;**
- **биолошки неразградливи супстанции и пестициди што содржат полифосфати;**
- **забранети технологии и технолошки линии од еколошки причини;**
- **супстанци кои за оштетуваат и осиромашуваат озонската обвивка**
- **трговија со заштитени диви животни и растенија*;***
- **надоместоци кои се наплаќаат при увоз**

***Надлежност* :** Дирекција за радијациона сигурност;
Министерство за здравство -РЗЗЗ (извори на јонизирачко зрачење);
Министерство за животна средина и просторно планирање (за опасен отпад, супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка, загрозени диви животни и растителни видови);
***Документи:*** Одобрение за увоз кое го издаваат надлежните органи
Дозвола за увоз според ЦИТЕС конвензија за меѓунаодна трговија со загрозени видови на растенија и животни издадена од надлежен орган
***Регулатива***: Закон за заштита на животната средина и природата (Сл. весник на РМ бр. 51/00-пречистен текст, 96/00, 45/02, 13/03-пречистен текст),
Закон за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/2004)
Закон за животна средина(Сл. весник на РМ бр. 53/2005)
Закон за заштита од јонизирачки зрачења и за нуклеарна сигурност (Сл. весник на РМ бр. 48/02),
Закон за отпадот (Сл. весник на РМ бр. 37/98), Закон за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр. 68/2004)
Базелска Конвенција за контрола на прекугранично пренесување на опасен отпад и негово складирање (Сл. Весник на РМ бр. 49/97),
Монтреалски протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка( 1994)
Виенска конвенција за заштита на озонската обвивка( 1994),
Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви животни и растителни видови (Вашингтон 1973) (Сл.весник на РМ бр.82/99) (CITES)
Конвенцијата за заштита на дивиот свет и природните живеалишта во Европа (Сл. весник на РМ бр. 49/97)

- поопширно види во **А-5-8**

## Здравствена заштита

***Надлежност:*** Министерство за здравство

***Регулатива:*** Закон за измена и дополнување на Законот за здравствена заштита (Службен весник на РМ бр. 111/2005)

- поопширно види во **А-5-22**

---

## Интелектуална сопственост- *Индустриска сопственост, авторски права и сродни права*

---

***Надлежност*** **:**Министерство за економија -Државен завод за индустриска сопственост
Министерство за култура

***Документи***: Барање од носителот на правото за заштита на интелектуалната сопственот
Решение за признавање на права при увоз кое го издаваат надлежните органи

***Регулатива***:-Закон за царински мерки за заштита на права од интелктуална сопственост (Сл. весник на РМ бр. 38/2005)
-Правилник за спроведување на законот за царински мерки (Сл. весник на РМ бр. 58/2005)
-Закон за индустриска сопственост (Сл. весник на РМ бр. 47/02, 9/2004)
-Закон за авторско право и сродните права (Сл. весник на РМ бр. 47/96, 3/98, 98/2002)

- поопширно види во **А-5-17**

---

## Злато и благородни метали

***Надлежност*** **:** Министерство за економија
***Документ :*** Дозвола за увоз која издаваат надлежните органи
***Регулатива :*** -Закон за трговија (Сл. вес. на РМ 16/2004)
-Закон за контрола на скапоцени метали (Сл. Весник на РМ бр. 23/95)
-Одлука за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз (Сл. вес. на РМ бр. 58/2004)

- поопширно види во **А-5- 18**

## Културно наследство - *Делови од уметнички или историски споменици и археолошки наоѓалишта; стари вредни предмети (постари од 100 год.); ковани пари; добра од уметнички интерес (платна, слики, оригинални вајарски дела, уметнички збирки); етнолошки материјал; ретки ракописи;*

***Надлежност*** **:** Министерство за култура - Управа за заштита на културно наследство
***Документи***: Одобрение за увоз кое го издаваат надлежните органи
***Регулатива:***- Закон за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ 20/2004); -Конвенција за мерките за забрана и спречување на недозволен увоз, извоз и пренос на сопств. на културни добра - 1970; - Конвенција за зашита на светското културно и природно наследство - 1972

- поопширно види во **А-5- 19**

## Вооружување **(воена опрема, стопански експлозив, ловечко и спортско оружје и нивна муниција, хемиско оружје)**

***Надлежност*** **:** Министерство за внатрешни работи и Министерство за одбрана;
***Документи***: Дозвола за увоз која ја издаваат надлежните органи
***Регулатива***: Закон за оружје ( Сл.весник на РМ бр. 7/2005) Закон за производство и промет на вооружување и воена опрема (Сл. весник на РМ бр. 54/02); Закон за прометот на експлозивните материи (Сл. лист на СФРЈ бр. 30/85, 6/89, 53/91 Сл. весник на РМ бр. 12/93 ); Конвенција за забрана на хемиско оружје (Сл.весник на РМ бр.23/97)

- поопширно види во **А-5-9**

## Опасни материи

***Надлежност*** **:** Министертво за транспорт и врски
Министерство за внатрешни работи,
***Документи:*** Одобрение/ дозвола за транспорт, увоз или извоз
***Регулатива:*** -Закон за превоз на опасни материи (Сл.лист на СФРЈ бр. 27/90)

- поопширно види во **А-5-10**

# Форми на увоз и извоз
# А-5-12

Со Одлуката за распоредување на стоките на форми на увоз и извоз ( *Службен весник на РМ бр.43/2011),* која ја носи Владата на Република Македонија, предвидени се следните форми при увоз на одредени видови на стоки и тоа:

-слободен увоз –ЛБ

-увоз врз основа на дозвола, одобрение односно согласност од надлежна институција –Д

---

- **Д1** дозвола од Министерство за здравство/Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, вклучувајќи го:
    - **Прилог 2 - Список на опојни дроги, психотропни супстанци и прекурзори;**
    - **Прилог 7 - Заедничка воена листа на Европска унија**
    - **Прилог 9 -Список на хемикалии кои се под меѓународна контрола, согласно Конвенцијата на ОН за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиско оружје**

- **Д2** дозвола од Министерство за економија
- **Д3** дозвола од Дирекција за радијациона сигурност
- **Д4** дозвола од Министертво за животна средина, вклучувајќи:
    - **Прилог 3 - Список на супстанци што ја осиромашуваат озонската обвивка;**
    - **Прилог 4 - Список на загрозени видови диви животни ;**
    - **Прилог 5 - Список на загрозени видови на растенија;**
    - **Прилог 6 - Список на загрозени габи**
    - **Прилог 7 - Заедничка воена листа на Европска унија**

- **Д5** Забранет увоз
- **Д6** дозвола од Министерство за култура
- **Д7** дозвола од Министерство за внатрешниработи / Министерство за одбрана
    - **Прилог 7- Заедничка воена листа на Европска унија**

# Безбедност на храна и производи кои при производство и промет доаѓаат во контакт со храна A-5-13

---

## A-5-13-1 Законски основ и надлежни инспекциски органи за контрола

Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната (*кој е објавен во службен весник на РМ бр. 54/2002*) започна да се применува од **01.01.2005 година.**

Со цел дефинирање на видовите на стоки кои подлежат на контрола од страна на надлежните инспекциски органи, како и нивните надлежности во поглед на примената на овој закон Ви го проследуваме следното упатство.

Со Законот за безбедност на храна се уредуваат условите за обезбедување на безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, производството и прометот, правата и обврските на правните и физички лица кои произведуваат или вршат промет, **со цел заштита на здравјето на луѓето**, како и слободен промет на внатрешниот и надворешниот пазар.

За вршење на работите од областа на безбедност на **храна од растително потекло и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната,** формирана е **Дирекцијата за храна**, како орган во состав на Министерството за здравство.

**Дирекцијата за храна е надлежен орган за контрола на квалитетот, декларирање и означување на производите кои се увезуваат во земјата (за храна од растително потекло и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната** - според списокот кој е наведен во точка 3 за сите стоки со исклучок на категорија I. б. **Инспекцискиот надзор на овој вид стоки ќе го вршат Државни инспектори за храна.**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-**Управата за ветеринарство** е надлежен орган за контрола на **храна од животинско потекло** (храна која во својот состав има над 50% состојки од животинско потекло) согласно прописите за ветеринарно здравство и општите барања согласно истиот закон.

Инспекцискиот надзор на **храна од животинско потекло** ќе го вршат **Државни ветеринарни инспектори**. (според списокот на стоки наведен во точка 3 категорија I. б ).

**Управата за ветеринарство е надлежен орган за контрола на здравствената исправност, квалитетот како и декларирање и означување на производите од животинско потекло кои се увезуваат во земјата, согласно Законот за безбедност на храна.**

### *A-5-13-1-2* Што претставува храна

***Храна*** претставува секоја супстанца што во преработена, делумо преработена или непреработена состојба е наменета за човечка употреба за исхрана и пиење, како и секоја состојка што се употребува за производство, преработка и подготвување на храна. Под храна се

подразбира и вода за пиење, пакувана вода, како и вода наменета за производство за храна.

## *А-5-13-1-3* Што подлежи на контрола според овој закон

***I. Храна и пијалоци вклучувајќи и вода за пиење, како и тутун***

***II. Материјали за пакување на храна***

***III.Производи и материјали што при производство, промет и употреба доаѓаат во контакт со храна***

## *А-5-13-1-3-1 Храна и пијалоци вклучувајки и вода за пиење*

- **храната за човечка исхрана може да биде во облик на :**

**-**суровини, полупроизводи и готови производи

-адитиви, бои и други додатоци

-помошни технички средства

Таа се дели на :

**а) храна од растително потекло**

**б) храна од животинско потекло**

**а) храната од растително потекло** ги опфаќа сите суровини, полупроизводи или готови производи, кои во својот состав можат да имаат помалку од 50% стока од животинско потекло. Во оваа категорија на стоки спаѓаат следните видови на стоки:

-жита и мелнички производи (пченица, пченка, рж, јачмен, ориз, брашно, гриз, трици и др.)

-пекарски производи

-тестенини и сродни производи (кори, пити и др видови теста печени или непечени)

-брзо смрзнато тесто

-пекарски квасец

-кекси и производи сродни на кекси (чајно пециво, медењаци, вафли и др)

-растителни масла за јадење

-нерафинирани масла за јадење

-мешаници на нерафинирани растителни масла за јадење со рафинирани растителни масла

-маргарин и сродни производи

-мајонез и сродни производи

-адитиви за прехрамбени производи

-какао и производи од какао (чоколади, шекерни табли, крем производи)

-кафе, чај

-бомбони, гуми за џвакање

-колачи

-зачини, екстрати од зачини и смеси на зачини

-овошје, зеленчук, печурки и производи од нив

-пектински препарати

-оцет и разблажена оцетна киселина

-диететски производи, додатоци на храна и преработки

-готварска сол и сол за прехрамбена индустрија

-храна за доенчиња и мали деца ( за возраст до 36 месеци) без оглед на составот и процентот на состојки од животинско потекло **подлежни на контрола од Дирекцијата за храна**

-теста,

-супи

-производи од тесто (макарони, кроасани, тортелини)

-прашкасти производи со млеко(пудинзи, шлагови)

-сирење и кашкавал од растително потекло

-чоколадо и чоколадни кремови

-лактоза и казеин

-готови јадења

-желатин (желатински капсули) наменет за фармацевтска индустрија

За наведената стока Дирекцијата за храна е надлежен орган за контрола на квалитетот, декларирање и означување на производите кои се увезуваат во земјата (за храна од растително потекло и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, односно ќе издава СОГЛАСНОСТ за царинење.

Освен тоа пратките на наведените стоки подлежат на контрола при увоз од страна на граничната ветеринарна инспекција и потребно е да поседуваат здравствен сертифакт.

**б) храна од животинско потекло** (сирова, полупреработена или во преработена состојба), или пак производи за храна во чиј состав има над 50% производи од животинско потекло ќе се смета дека е храна од животинско потекло, која ја опфаќа следната стока :

-месо (свежо, разладено, замрзнато) и нивни производи и преработки

-риби, икра, ракови, школки, полжави и жаби и нивни производи и преработки

-млеко и производи од млеко

-јајца и производи од јајца

-производи и преработки со или без додатоци на месо, риби, млеко и јајца

-мед и други производи од пчели

-белтачинести производи и мешаници на белтачести производи за прехрамбената индустрија со висока содржина на белтачини добиени од млеко, јајца и од крв

-и производи и преработки од нив

**в) пијалоци**

- алкохолни пијалоци(вино, ракија, жестоки пијалоци, ликери, пиво)
- безалкохолни пијалоци (освежителни, сирупи, прашоци и пастели за освежителни безалкохолни пијалоци)

**г) природна и минерална вода, вода за пиење** ( газирана, негазирана, минерална или обична вода за пиење)

**д) тутун и тутунски производи и прибор за пушење**

### *А-5-13-1-3-2 Материјали за пакување на храна, како и материјали за врзување*

**материјали за пакување на храна, како и материјал за врзување** можат да бидат изработени од најразличен материјал: хартија, картон, стакло, пластика, најлон, текстил, јута, метал, дрво и сл

### *А-5-13-1-3-3 Производи и материјали што при производство, промет и употреба на храната доаѓаат во контакт со храната*

**1. садови за домаќинство и прибор** (од легури, керамика, порцелан, пластични маси и др)

**2. амбалажа за храна** (од најразличен материјал: хартија,картон, стакло, пластика, најлон, текстил, јута метал, дрво и сл)

**3. постројки и уреди за производство на храна, како и технолошки процеси**

**4. сите средства за чистење на садови во домаќинство и прехранбена индустрија**

- средства за миење и чистење на садови и прибор за јадење и апарати за домаќинството
- средства за дезинфекција и дезинсекција и дератизација во домакинството и при производсто и промет на храна

### *А-5-13-1-4* **Место на спроведување на инспекциска контрола од надлежна институција и постапка**

Храната и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, кои се предмет на увоз, подлежат на инспекциска контрола од страна на надлежните инспекциски служби на **царинските терминали во внатрешните царински испостави и во царинските складишта.**

Увозникот на храна и материјалите што доаѓаат во контакт со храна, односно овластен застапник е должен да поднесе писмено **барање за преглед** за секоја пратка од горенаведениот список што се увезува на формулар (*Прилиг бр. 1)* до Дирекцијата за храна или (*Прилог бр.1 а*) до Управа за ветеринарство, кои се наоѓаат на царинските теринали или во подрачните единици.

Контролата и прегледот на пратката која ја спроведувааат надлежните инспекции опфаќа:

1.Преглед на пропратната документација и утврдување на хигиенските услови под кои е пристигната пратката

2.Органолептички преглед

3.Земање на мостри заради лабараториско испитување

4.Издавање документ за царинскиот орган и увозникот

Во определени случаи можно е надлежниот инспекциски орган да утврди дека пратката е небезбедна, врз основа на органолептички преглед без земање на мостра и за истата да донесе **Решение со кое се забранува увоз (** *Прилог бр. 2 од Дирекција за храна*). Во овој случај кога стоката е

сеуште под царински надзор истата се враќа во странство или со **Решение за уништување** се уништува под царински надзор.

Државниот инспектор за храна или Ветеринарниот инспектор земаат мостри заради лабараториско испитување, во присиуство на царински службеник и овластен застапник на пропишано место (**царински терминал или царинско складиште**). За земената мостра надлежниот инспектор издава **записник**. Записникот се составува во 3 примероци (еден примерок за Царинскиот орган, еден за увозникот и еден примерок останува во евиденцијата на инспекторатот.

*(Прилог 4 од Дирекција за храна*) односно (*Прило бр. 2 од Управа за ветеринарство).*

Заедно со овој записник надлежниот инспектор издава **СОГЛАСНОСТ за царинење** (*Прилог бр. 6 од Дирекција за храна*), односно (*Прилог бр. 4 од Управа за ветеринарство*), кој се издава во 4 примероци (еден за царинскиот орган, еден за увозникот и 2 примерока остануваат во евиденцијата на инспекторатот). **Врз основа на Согласноста за царинење царинскиот орган може да започне постапка за увозно царинење на предметната стока**.

**Со завршување на увозното царинење на пратката со храна врз основа на горенаведениот документ и пуштањето на истата од под царински надзор, завршува надлежноста на Царинскиот орган во однос на Законот за безбедност на увезената стока.**

**Во понатамошната постапка согласно Законот за безбедност на храна продолжуваат надлежностите на инспекциските органи.**

На увозникот привремено му се забранува пуштање во промет/преработка на увезената стока се до добивање на резултатите од лабараториската анализа, односно се до добивање на Решението за пуштање во промет/преработка од надлежниот инспекциски орган, до кога предметната стока останува привремено ускладиштена во простории на увозникот (магацини, стоваришта и сл).

По завршување на лабараториската анализа доколку резултатите одговараат на пропишаните услови од законската регулатива, надлежниот инспекциски орган му издава на увозникот Решение со кое се одобрува пуштање во промет-преработка .

Во спротивно ако од резултатите од анализата се утврди дека пратката не е безбедна и не одговара на квалитетот на пропишаните услови надлежните инспекциски органи издаваат Решение со кое се забранува пуштање во промет или преработка, кое се доставува до сите субјекти, при што предметната стока се враќа во странство или се уништува.

Доколку пратката за која е донесено Решение за забрането пуштање во промет не може од определени причини да се врати во странство, во тој случај надлежниот инспекциски орган издава Решение за уништување на небезбедна стока при што уништувањето се врши на трошок на увозникот. По уништување се сочинува записник за утврдување на фактичката сотојба.

Во одредени случаи кога одредени пратки од животинско потекло:

- представуваат целина односно се царинат во исто време, а истите потекнуваат од ист производител со исти сериски броеви на производство и пристигнуваат во кратки временски растојанија, за кои претходно е извршен инспекциски надзор-контрола и земени се мостри за лабораториски испитувања од страна на Ветеринарен инспектор;
- пратка со претходно наброени параметри се прегледувала на друго место за царинење (на друг царински терминал) за кое странката поднела писмен доказ дека е извршен инспекциски надзор-контрола и се земени мостри за лабораториски испитувања од ветеринарен инспектор;
- пратката е од таков карактер што не трпи подолго чекање на завршување на постапката и добивање на резултатите од испитувањето (пример свежо разладено месо и сл.) во тој случај ветеринарниот инспектор не зема мостри за лабораториско испитување, туку врши само инспекциски преглед и издаваат **Решение со кое се дава СОГЛАСНОСТ за царинење** (*Прилог бр. 12 од Управа за ветеринарство*) со кое може да се царини пратката.

## *А-5-13-1-5* Постапка на царински орган

- Царинскиот орган во внатрешните царински испостави не смее да започне постапка на увозно царинење се додека не добие **СОГЛАСНОСТ за царинење** (*Прилог бр. 6* )од Дирекцијата за храна.
- Царинскиот орган во внатрешните царински испостави не смее да започне постапка на увозно царинење се додека не добијат **Решението со кое се дава СОГЛАСНОСТ за царинење** (*Прилог бр. 4 или Прилог бр. 12* ) од Управата за ветеринарство.

## *А-5-13-1-6* Што е забрането со овој закон

- Се **ЗАБРАНУВА УВОЗ** на храна и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, се додека не се заврши контролата на пратката и не биде издадено **Согласност за увозно царинење** од страна на надлежните инспектори.

## *А-5-13-1-7* Што претставува небезбедна храна и производи и материјали за пакување, односно производи и материјали што при производство, промет и употреба на храната доаѓаат во контакт со храната

**ЗАБРАНЕТО Е увоз на небезбедна храна**. Како небезбедна храна според овој закон се смета храна која што е несоодвета за човечка употреба и на било кој начин представува ризик за здавјето на човекот (пример: изминат рок на употреба, оштетено пакување, содржи токсични материи, микрорганизми, паразити, пестициди, адитиви, остатоци од антибиотици, механички е загадена, изменет состав или органолептички својства, нема податоци за рок на употреба, нема декларација и начин на употреба и др.).

За онаа храна за која што надлежниот инспекциски орган ќе утврди дека е небезбедна, ќе донесе **Решение за враќање на стоката во странство**

**или Решение за уништување**. За предметната стока царинскиот орган ќе постапува согласно член 85 точка а), алинеа 4, или член 87 точка 2), од Царинскиот закон, како со стока забранета за увоз, доколку истата е сеуште под царински надзор.

**Царинскиот орган не смее да дозволи увоз на небезбедна храна.**

**ЗАБРАНЕТО е користење на производи и материјали за пакување , како и производи кои при производство и промет доаѓаат во контакт со храната, што се ризични по здравјето на луѓето**.

Тоа значи дека при увоз на овој вид на стока, истата подлежи на кантрола од страна надлежните инспекциски органи. Доколку предметната стока не ги исполнува условите за безбедност Дирекцијата за храна ќе донесе **Решение за врќање на стоката во странство** или **Решение за уништивање** на стоката, односно царинскиот орган со истата ќе постапува согласно член 85 точка а), алинеа 4, или член 87 точка 2), од Царинскиот закон, како со стока забранета за увоз, доколку истата е сеуште под царински надзор.

**Царинскиот орган не смее да дозволи увоз на небезбедни производи и материјали за пакување, како и производи кои што при производство и промет доаѓаат во контакт со храната.**

## *А-5-13-1-8* Престанок на важење на следните закони

Со примената на овој закон престануваат да важат одредбите кои се однесуваат на животни намирници, садови, прибор, постројки и уреди за производство и промет на животни намирници и предмети кои доаѓаат во допир со животните намирници, тутун, тутунски преработки, и прибор за пушење од следните закони:

- Законот за здравствена исправност на животни намирници и предмети од општа употреба ( *Службен лист на СФРЈ бр. 53/91 и Службен весник на РМ 15/95*)
- Законот за здравствен надзор над прехрамбените продукти и на предмети за општа употреба ( *Службен весник на СРМ 35/97 и 23/99 и Службен весник на РМ 15/95*)
- Законот за санитарна и здравствена инспекција ( *Службен весник на РМ бр. 19/95*)
- Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехрамбените производи во надворешно-трговскиот промет (*Службен весник на РМ 5/1998*); и Одлуката за определување на земјоделски и прехрамбени производи и нивните преработки кои подлежат на контрола на квалитетот во надворешно-трговско работење *(Службен весник на РМ бр. 53/1998)*
- Законот за пазарна инспекција (*Службен весник на РМ 35/97,23/99*)

**што се однесуваат на инспекциски надзор на прехрамбени производи**

Тоа значи дека кога за стоката што се увезува е издадена Согласност за царинење од Дирекцијата за храна или Управата за ветеринарство, **Државните пазарни инспектори нема дополнително да вршат контрола на квалитетот, декларирање и означување на производите кои се увезуваат во земјата, ниту да издаваат Уверение за квалитет за увезената стока.**

Според Законот за безбедност на храна, Државните инспектори за храна и Државните ветеринарни инспектори се надлежни органи за контрола на означувањето на храната со декларација и упатство за употреба.

Државниот пазарен инспектот **нема повеќе да врши контрола и да издава Уверение за квалитет за сите стоки при увоз и извоз,** согласно Одлуката за определување на земјоделски и прехрамбени производи и нивните преработки кои подлежат на контрола на квалитетот во надворешно-трговско работење *(Службен весник на РМ бр. 53/1998).*

Државниот пазарен инспекторат и понатаму ќе продолжи да врши контрола на стоките (од глава 25 до 97 од Царинската тарифа, кои не се предмет на контрола според Законот за храна), а кои се наменети за малопродажба во поглед на **декларирање и упатство за употреба** *(акӣ бр. 07-7147/2 од 09.07.2004 ӣодина).*

Ова упатство ќе почне да се применува од **01.02.2005 година.** Сите царински службеници се должни да се запознаат и истото да го применуваат.

## А-5-13-1-9 ПРИЛОЗИ НА УПАТСТВО ЗА ПРИМЕНА НА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА

### I. Прилози од Дирекција за храна

*Прилоī бр. 1* - **Барање за преглед**
*Прилоī бр. 2* - **Решение за забрана за увоз**
*Прилоī бр. 4* - **Записник за земена мостра**
*Прилоī бр. 6* - **СОГЛАСНОСТ за царинење**

**Република Македонија** **Прилог: 1**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТО**
**-ДИРЕКЦИЈА ЗА ХРАНА-**

Позиција_____________________
Референт: ____________________
Тел.број: _____________________

# Барање за инспекциски надзор (увоз)

1. ИМЕ НА ПРАТКАТА: _______________________________________

Бруто/кг.__________________ нето _____________ пакување _________

2. УВОЗНИИК: _______________________________________________
(точни податоци за седиштето и единствен матичен број)

3. ШПЕДИЦИЈА: ______________________________________________
(точни податоци за седиштето)

4. КОРИСНИК: _______________________________________________

5. ПРОИЗВОДИТЕЛ:____________________________________________
(точни податоци за седиштето)
6. ИСПОРАЧУВАЧ: ____________________________________________
(точни податоци за седиштето)

7. ПРАТКАТА Е СМЕСТЕНА ВО: ________________________________
(превозно средство со регистарски броеви)

8. ТРОШОЦИТЕ ЗА АНАЛИЗА ГИ ПОДНЕСУВА: _________________

9. ТОВАРЕН ЛИСТ Бр.___________ датум на пристигнување __________

10. ПРАТКАТА ЌЕ БИДЕ СПРЕМНА ЗА НАДЗОР ВО: ____________
_____________________________________________________________.

11. ПРИЛОГ: Копија од фактурата, сертификат за квалитет и безбедност на стоката или производна спецификација, решение за склад, таксени марки 300 денари и уплатници за земени мостри.

Барањето за инспекциски надзор мора да биде отпечатено

**ПО ОВАЛСТУВАЊЕ НА УВОЗНИКОТ:**
**ШПЕДИЦИЈА**

Место:_________________
Датум: _________________

М.П.

БП/ВТ

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО** **Прилог: 2**

- ДИРЕКЦИЈА ЗА ХРАНА-

**-Одделение увоз/извоз ______________-**
**Бр. __________________**
**__________200____ година**

Државниот инспектор во одделението за инспекциски надзор на храна од увоз/извоз во ____________________ постапувајќи по барање бр.______________ од _____________________ врз основа на член 27, 46 и 47 од Законот за безбеднсот на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната ("Службен весник на РМ",бр.54/02), донесе

*Р Е Ш Е Н И Е*

**СЕ ЗАБРАНУВА на** ________________________________________________________________
(увозник)
од ___________________, увоз на ____________________________________________________
__________________________________________ во количина од _____________ чиј што испраќач е фирмата _______________________________________________________________ од ________________, држава __________________, која пристигнала во ______________________.

*О б р а з л о ж е н и е*

Во постапката на инспекциски надзор над увозот на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, чие царинење се врши во ________________________________, ставена е под надзор пратката определена во диспозитивот на ова решение, заради утврдување на нејзината безбедност.

При прегледот на пратката е утврдено дека: ________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

Со оглед на наведеното се донесе решение како во диспозитивот.
Таксата за ова решение наплатена е согласно член 37 од Законот за административните такси ("Службен весник на Република Македонија",бр.17/93 и 20/96), тарифен бр.33, во износ од _____________________денари.
Трошоците на постапката се пресметани согласно Правилникот за начинот на пресметувањето и висината на трошоците на инспекцискиот надзор во постапки поведени по барање на странка ("Службен весник на РМ"бр.27/96).
**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се изјави жалба, преку овој орган, до Минситерот за здравство, во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението.

Доставено до:
- Увозникот,
- Царинарница,
- Архива

**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР**
**ЗА ХРАНА,**
______________________

Република Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ДРАВСТВО**
**-ДИРЕКЦИЈА ЗА ХРАНА-**
**-Одделение увоз/извоз ______________-** **Прилог: 4**
**Бр. __________________**
**_________200___ година**
**С к о п ј е**

# З А П И С Н И К

**за земени мостри на храна и на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната од увоз/извоз заради лабораториско испитување на квалитет и безбедност**

Составен на ден _______________200____ година, во ___________часот во царински терминал __________
________________________________________________________________________________________
во присуство на инспектор за храна од увоз/извоз _______________________________________________
и работникот __________________________________________ од ________________________, државниот инспектор за храна во Одделението за инспекциски надзор од увоз/извоз, врз основа на член 44 став 1 точка 3 од Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната ("Службен весник на РМ"бр. 54/02), заради лабораториски испитувања за квалитет и безбедност на пратката _______________________________________________________________________
____________________________________________________________________________________
што се увезува во вкупна количина од ___________________кгр. Зема мостри:
________________________________________________________________________________________

Присутни лица при увидот се:
___________________________________ во својство на _____________________________________________
____________________________________во својство на ______________________________________________

| **Ред. Бр.** | **НАЗИВ НА ПРАТКАТА** | **Земени мостри за анализа во кгр./парче** | **Земени мостри за супер- анализа во кгр./парче** |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |

**ЗАБРАНЕТ Е** промет на пратката од која се земени мострите до донесување на решение на државниот инспектор за храна, а врз основа на резултатите на испитувањето.

Мострите се земени, означени, запакувани и затворени спрема Упатството за начинот на земање мостри за вршење на анализи и супеанализи на животните намирници и предметите за општа употреба ("Службен лист"бр.60/78).
Доколку не се прави суперанализа, увозникот има право на враќање на втората мостра во рок од 7 дена по донесувањето на конечното решение на инспекторот.
Овој записник е направен во 4 примероци, од кои еден за увозникот, царинарница, лабораторијата и еден на инспекторот.

| **Овластен претставник на увозникот што присуствувал при земањето на мострите** | **ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР ЗА ХРАНА**<br>___________________________ |
|---|---|

Потврдувам дека увозникот ___________________________________________________ се согласува, остатоците од земените мостри да се предадат на социјалната установа во Република Македонија.

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

- ДИРЕКЦИЈА ЗА ХРАНА-

**-Одделение увоз/извоз ________________-** **Прилог: 6**

**Бр. ____________________**

**__________200____ година**

По барање на увозникот ____________________________________________________________
од _________________________преку претставникот ________________________________ со примена на одредба од членот 27 став 1, 2 и 3 од Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната ("Службен весник на РМ",бр.54/02).

**СОГЛАСЕН СУМ** да се изврши царинење на пратката _______________________________ _____________________________________________________________________________________ ____________________________________________________________________________ во количина од_____________кг.нето_______________парчиња-пакувања,пристигнатата по фактура-товарен лист бр.______________________________________________________ на ден ________________ од испраќачот ____________________________________________ ______________________________________________________________________.

**СЕ ОДОБРУВА** ускладиштување на предметната пратка во складот-ладилникот________ ________________________________________ во ________________________________________ ул: ______________________________________________бр.______________.

Увозникот-корисник е должен да ја превземе и складира пратката под соодветни услови за овој вид производи, истата видно да ја означи и издвои од друга складирана стока.

**СЕ ЗАБРАНУВА** ставање во промет-преработка на пратката чие царинење и ускладиштување е одобрено врз основа на оваа согласност, до донесување на решение од страна на Државниот инспектор за храна од увоз, врз основа на лабораториски наод дека пратката е безбедна.

Ако со лабораториското испитување се утврди дека пратката во поглед на квалитет и безбедност не одговара на пропишаните услови врз основа на овластувањата од член 44 став 1 точка 4, 6, 7, 8 и 9 од Законот ќе се донесе соодветно решение.

Непостапувањето по оваа согаласност е казниво согласно одредбата од член 53 на наведениот закон.

**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР**
**ЗА ХРАНА,**

________________________

Доставено до:
- Увозникот,
- Царинарница,
- Архива

**II.  Прилози од Управа за ветеринарство**

*Прилоḡ бр. 1 а* - **Барање за преглед**

*Прилоḡ бр. 2* - **Записник за земена мостра**

*Прилоḡ бр. 4* - **СОГЛАСНОСТ за царинење**

*Прилоḡ бр. 12* - **СОГЛАСНОСТ за царинење**

**ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО** **Прилог: 1а**

Ветеринарен инспектор во П.О.Е_______________

**Барање за инспекциски надзор на пратка од увоз**

1. ВИД НА ПРАТКАТА:_________________________________________

Бруто/кг.___________ нето _____________ пакување_______________

2. УВОЗНИК:__________________________________________________
(точни податоци за седиштето и единствен матичен број)

3. ШПЕДИЦИЈА: __________________________________________________
(точни податоци за седиштето)

4. КОРИСНИК: ____________________________________________________
(точни податоци за седиштето )

5. ПРОИЗВОДИТЕЛ:________________________________________________
(точни податоци за седиштето)

6. ИСПОРАЧУВАЧ: ________________________________________________
(точни податоци за седиштето)

7. ПРАТКАТА Е СМЕСТЕНА ВО: _________________________________
(превозно средство со регистарски броеви)

8. ТРОШОЦИТЕ ЗА АНАЛИЗА ГИ ПОДНЕСУВА: ______________________

9. ТОВАРЕН ЛИСТ Бр.______________ датум на пристигнување ______________

10. ПРАТКАТА ЌЕ БИДЕ СПРЕМНА ЗА НАДЗОР ВО: ___________________
_____________________________________________________________________.

11. ПРИЛОГ: ветеринарно уверение за здравствената состојба на пратката, пропратна царинска документација, решение за увоз-склад, таксени марки 300 денари .

Барањето за инспекциски надзор мора да биде отпечатено

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА УВОЗНИКОТ**
**ШПЕДИЦИЈА**

Место:______________
Датум: ______________
Тел. Бр. _____________

**М.П**

БП/ВТ

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**Управа за ветеринарство**

**Прилог: 2**

**Р.О.Е.__________________**
**Бр.___________________**

# ЗАПИСНИК
## за земени мостри на храна и на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната од увоз заради лабораториско испитување на безбедноста

На ден ________ 200__година, во _______ часот, на царинскиот терминал ______________________________________, државниот ветеринарен инспектор _____________________________ од П.О.Е. ___________________, врз основа на член 44 став 1 точка 3 од Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната (Службен весник на РМ бр.54/02), член 116 став 1 точка 15 од Законот за ветеринарното здравство (Службен весник на РМ бр. 28/98), зема мостри заради лабораториски испитувања на безбедност на пратката ________________________________ сопственост на ______________________ од _________________________, што се увезува од _____________________, со превозно средство рег.бр. ___________________, во вкупна количина од ____________ кгр.
Присутни лица при увидот се:
___________________, ул. _________________, .л.к. _________ во својство на _____________
___________________, ул. _________________, .л.к. _________ во својство на _____________

| Ред. Бр. | НАЗИВ НА ПРАТКАТА | Земени мостри за анализа во кгр./парче | Земени мостри за суперанализа во кгр./парче |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |

Прометот со пратката од која се земени мострите Е ЗАБРАНЕТ до донесување на решение на државниот ветеринарен инспектор, а врз основа на резултатите на испитувањето.

Мострите се земени, означени, запакувани и затворени спрема Упатството за начинот на земање мостри за вршење на анализа и суперанализа на животните намирници и предмети за општа употреба ( Службен лист, бр.60/78).
Доколку не се прави суперанализа, увозникот има право на враќање на втората мостра во рок од 7 дена по донесувањето на конечното решение на инспекторот.
Овој записник е направен во 4 примероци, од кои по еден за странката, царинарницата, овластена лабораторија за испитување и на инспекторот.

*Потврдувам дека увозникот ________________________________ се согласува, останоците од земените мостри да се предадат на социјалната установа во Република Македонија.*

**Присатно лице**

___________________________________

**ДРЖАВЕН ВЕТЕРИНАРЕН ИНСПЕКТОР**

_____________________________

**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО** **Прилог: 4**

**Управа за ветеринарство**

**П.О.Е.________________**

**Бр.__________________**

**__________.200__ година**

Државниот ветеринарен инспектор ______________________________ од П.О.Е. __________________, по барање бр. ______________ од ______________ на увозникот ______________________ од ___________________________________ и по извршениот ветеринарно-санитарен надзор-контрола, врз основа на член 27 од Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната ( Службен весник на РМ, бр.54/02), член 114 и 116 од Законот за ветеринарното здравство ( Сл. Весник на РМ бр. 28/98 ) и член 202 од Законот за општата управна постапка, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1.СОГЛАСЕН СУМ** да се изврши царинење на пратката ____________________________, сопственост на _________________________ од ______________________________во количина од ______________ кг.нето______________ парчиња-пакувања, пристигната со ветеринарно уверение за здравствена состојба бр. _____________ од ___________ и фактура-товарен лист бр. ______________, на ден ______________ од испраќачот ___________________________ од ____________________________________________.

**2.СЕ ОДОБРУВА** ускладиштување на предметната пратка во складот-ладилникот сопственост на ____________________________________ во ____________________ на ул:___________________________ бр.________.

Увозникот-корисникот е должен да ја превземе и складира пратката под соодветни услови за овој вид производи, истата видно да ја означи и издвои од другата складирана стока.

**3.СЕ ЗАБРАНУВА** ставање во промет-преработка на пратката чие царинење и ускладиштување е одобрено, до донесување на решение од страна на Државниот ветеринарен инспектор, врз основа на лабораториски наод дека пратката е безбедна.

Ако со лабораториското испитување се утврди дека пратката во поглед на безбедност не одговара на пропишаните услови, врз основа на член 44 став 1 точките 4, 6, 7, 8 и 9 од Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната ( Службен весник на РМ, бр.54/02) ќе се донесе соодветно решение.

Жалбата изјавена против ова решение не го одлага извршувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

постапката на надзорот-контролата на погоре наведената пратка, чие царинење се врши во

______________________, со писмо бр. _________ од ______________ земени се и испратени мостри

на лабораториско испитување. Бидејќи надзорот-контролата над пратката не е завршен, се донесе

решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се изјави жалба, преку овој орган, до Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 15 дена од доставувањето на решението.

ДРЖАВЕН ВЕТЕРИНАРЕН

ИНСПЕКТОР

________________________

**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО** **Прилог: 12**

**Управа за ветеринарство**

**П.О.Е.__________________**

**Бр. ____________________**

**___________.200__ година**

Државниот ветеринарен инспектор ________________________________ од П.О.Е. ____________________, по барање бр. _______________ од _______________ на увозникот ____________________________ од ______________________________ и по извршениот ветеринарно санитарен преглед, врз основа на член 27 и 46 од Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната ( Службен весник на РМ, бр.54/02), член 114, 116 од Законот за ветеринарното здравство ( Сл. Весник на РМ бр. 28/98 ) и член 202 од Законот за општата управна постапка, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1.СОГЛАСЕН СУМ** да се изврши царинење на пратката ____________________________, сопственост на ___________________________ од _________________________________во количина од _______________ кг.нето_______________ парчиња-пакувања, пристигната со ветеринарно уверение за здравствена состојба бр. ______________ од ____________ и фактура-товарен лист бр. _______________, на ден _______________ од испраќачот _____________________________ од _______________________________________________.

**2.СЕ ОДОБРУВА** ускладиштување на предметната пратка во складот-ладилникот сопственост на ______________________________________ во ______________________ на ул:____________________________ бр.________.

Увозникот-корисникот е должен да ја превземе и складира пратката под соодветни услови за овој вид производи и истата да ја означи.

Жалбата изјавена против ова решение не го одлага извршувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Во постапката на надзорот-контролата на погоре наведената пратка, чие царинење се врши во ________________________, констатирано е дека истата ги исполнува условите пропишани со член 24 од Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната ( Службен весник на РМ, бр.54/02), и член 58 став 4 Законот за ветеринарното здравство ( Сл. Весник на РМ бр. 28/98 ).

Со оглед на наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се изјави жалба, преку овој орган, до Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 15 дена од доставувањето на решението.

**ДРЖАВЕН ВЕТЕРИНАРЕН ИНСПЕКТОР**

__________________________

**Доставено до:**

-странката,

-царинарница,

-ветеринарен инспектор ПОЕ ______________

-архива

## *А-5-13-2* УПАТСТВО
## за контрола на добиточна храна и производи за исхрана на животни како и вештачко ѓубре

### А-5-13-2-1 Законски основ и надлежен инспекциски органи за контрола

Согласно Законот за сточарство (*Службен весник на РМ бр. 61/97*), Законот за ветеринарно здравство (*Службен весник на РМ бр. 28/98*) како и Законот за квалитетот и контролата на квалитетот на вештачките ѓубрива (*Службен весник на СРМ бр. 10/1973*) **Државниот инспекторат за земјоделство** и **Управата за ветеринарство** се надлежни органи за вршење на инспекциски надзор и контрола на добиточна храна и производи за исхрана на животни, како и вештачките ѓубрива.

Со цел ефикасно и економично спроведување на контролните активностина, а воедно избегнување на преклопување на надлежностите на овие два органа во составот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, потпишана е Спогодба за соработка на полето на контролата на добиточна храна и производите за исхрана на животните.

**Државниот инспекторат за земјоделство** е надлежен орган за спроведување на инспекциски надзор и контрола на декларирање и означување добиточна храна и вештачко ѓубре, која е предмет на увоз во земјата од аспект на исправност и квалитет (**за стоките наведени во точка 3 категорија I.а ; I.в и II ).**

**Управата за ветеринарство** е надлежен орган за спроведување на инспекциски надзор и контрола на декларирање и означување на одредена категорија на добиточна храна (од животинско потекло) која е предмет на увоз во земјата, од аспект на ветеринано-санитарна исправност и квалитет (**за стоките наведен во точка 3 категорија I.б ).**

### *А-5-13-2-2* Што представува добиточна храна и вештачко ѓубре

***Добиточна храна*** е производ од растително, животинско или минерално потекло, добиена природно како кабаста или индустриски, како крмни смеси, концентрати и суровини за производство за добиточна храна, кои служат како храна на животни, а кои не се штетно за нивновто здравје.

*Вештачки ѓубрива* представуваат хемиски соединенија (органски и неоргански) и нивни мешаници, што служат за исхрана на растенија, без оглед на тоа во каква агрегатна состојба се наоѓаат.

### *А-5-13-2-3* Кои стоки подлежат на контрола

***I.а) Добиточна храна од растително потекло***

- зрнести крмива
- житарици за животни
- производи и споредни производи на мелничарство ( тар. бр. 2302)
- споредни производи од индустријата за скроб ( тар. бр. 2303)
- споредни производи од индустријата за алкохол и вриење ( тар. бр. 2307)
- споредни производи од индустријата за масло ( тар. бр. 2304, 2305 и 2306)

- споредни производи од индустријата за шекер ( тар. бр. 2303)
- сушени растителни производи и други производи од растително потекло за исхрана на животни ( тар. бр. 2308 )
- храна за животни од тарифна ознака 2309 90 20 00, 2309 90 31 00
- резанки од шекерна репка со додаток на меласа ( тар. ознака 2309 90 91 00 )
- слама и плева од жита, сурови, неприготвени, вклучувајки и сечени, мелени, пресувани или во форма на палети ( тар. бр. 1213 )
- бросква, добиточна репка, корења за сточна храна, сено, луцерка, детелина, еспарзета, добиточен кељ, лупина, граорица и слични производи за добиточна храна, вклучувајки и во форма на палети (тар. бр. 1214)

***I.б) Добиточна храна и храна за животни од животинско потекло***

- премикси и адитиви ( тар.ознака 2309 90 99 10)
- супер концентрати
- суровини за производаство на добиточна храна од животинско потекло ( рибно брашно, млеко, заместители на млеко и др) ( тар. бр. 2301 )
- храна за животни, која во својот состав има суровини од животинско потекло ( тар. бр. 2309, со исклучок на тарифните ознаки 2309 90 20 00, 2309 90 31 00 и 2309 90 91 00 кои се опфатени во категорија I а)
- минерални крмива

***I.в) Концентрирани крмни смеси***

***II.) Вештачки ѓубрива*** (со исклучок на вештачки ѓубрива во пакување до 2 кг (за цвеќарство и сл) кое исклучиво служи за потребите на домаќинствата ).

## *А-5-13-2-4* Место на спроведување на инспекциска контрола од надлежните институција и постапка

Добиточна храна и производи за исхрана на животни и вештачко ѓубриво при увоз подлежат на инспекциска контрола од страна на **Државниот инспекторат за земјоделство** или **Управата за ветеринарство** на **царинските терминали во внатрешните царински испостави и во царинските складишта.**

Увозникот на наведената стока, односно овластен застапник е должен да поднесе писмено **барање за преглед** за секоја пратка од горенаведениот список што се увезува, на формулар (*Прилиг бр. 1)* до **Државниот инспекторат за земјоделство** или **Управата за ветеринарство**, кои се наоѓаат на царинските теринали, или во подрачните единици на МЗШВ. (*Прилог бр. 5* -Список на подрачни единици на Државниот инспектор за земјоделство).

Контролата и прегледот на пратката која ја спроведуваaат надлежните инспекции опфаќа:

1.Преглед на пропратната документација и утврдување на хигиенските услови под кои е пристигната пратката

2.Органолептички преглед

3.Земање на мостри заради лабараториско испитување

4.Издавање документ за царинскиот орган и увозникот

Во определени случаи можно е надлежниот инспекциски орган да утврди дека пратката е здавствено и хигиенски неиспрана односно неебезбедна, врз основа на органолептички преглед без земање на мостра и за истата да донесе **Решение со кое се забранува увоз (** *Прилог бр. 2* ). Во овој случај кога стоката е сеуште под царински надзор истата се враќа во странство или со **Решение за уништување** се уништува под царински надзор.

**Царинскиот орган не смее да дозволи увоз на неисправа или неквалитетна добиточна храна или производи за исхрана на жиовотни и вештачко ѓубриво.**

Надлежниот инспекциски орган зема мостри заради лабараториско испитување, во присиуство на царински службеник и овластен застапник на пропишано место (**царински терминал или царинско складиште**). За земената мостра надлежниот инспектор издава **записник**. Записникот се составува во 3 примероци (еден примерок за Царинскиот орган, еден за увозникот и еден примерок останува во евиденцијата на инспекторатот. *(Прилог бр . 3).* Заедно со овој записник надлежниот инспектор издава **ПОТВРДА / СОГЛАСНОСТ за царинење** (*Прилог бр.4* ), кој се издава во 4 примероци (еден за царинскиот орган, еден за увозникот и 2 примерока остануваат во евиденцијата на инспекторатот). **Врз основа на Потврдата/ Согласнос за царинење царинскиот орган може да започне постапка за увозно царинење на предметната стока**.

**Со завршување на увозното царинење на пратката со добиточна храна, производи за исхрана на животни, како и вештачко ѓубриво врз основа на горенаведениот документ и пуштањето на истата од под царински надзор, завршува надлежноста на Царинскиот орган .**

Во понатамошната постапка согласно Законот за ветринарно здравство, Законот за сточарство, како и Законот за квалитетот и контролата на квалитетот на вештачките ѓубрива **продолжуваат надлежностите на Државниот инспекторат за земјоделство** или **Управата за ветеринарство.**

На увозникот привремено му се забранува пуштање во промет/преработка на увезената стока се до добивање на резултатите од лабараториската анализа, односно се до добивање на Уверение за квалитет / Решение за пуштање во промет/преработка на увезената стока од инспекциски орган, до кога предметната стока останува привремено ускладиштена во простории на увозникот (магацини, стоваришта и сл).

По завршување на лабараториската анализа доколку резултатите одговараат на пропишаните услови, надлежниот инспекциски орган му издава на увозникот Уверение за квалитет/ Решение за пуштање во промет/преработка.

Во спротивно ако од резултатите од анализата се утврди дека пратката е здравствено-хигиенски неисправна, односно не е безбедна и не одговара на квалитетот на пропишаните услови надлежните инспекциски органи издаваат Решение со кое се забранува пуштање во промет или

преработка, кое се доставува до сите субјекти, при што предметната стока се враќа во странство или се уништува.

Доколку пратката за која е донесено Решение за забрането пуштање во промет не може од определени причини да се врати во странство, во тој случај надлежниот инспекциски орган издава Решение за уништување на здравствено-хигиенски неисправна стока, при што уништувањето се врши на трошок на увозникот. По уништување се сочинува записник за утврдување на фактичката сотојба.

Обрасците кои ги издава Управата за ветеринарство за одреден вид храна за животни од животинско потекло се идентични со обрасците кои се доставени во Упатството за безбедност на храна ( *Акт бр. 07-918/1 од 31.01.2005)*

При увоз на **концентрирани крмни смеси (I. в )** двата инспекциски органа се надлежни за инспекциска контрола во однос на квалитетот и ветеринано санитарна исправност.

Со цел економично спроведување на контролните активностина, а воедно избегнување на преклопување на надлежностите на овие два органа, потпишана е Спогодба за соработка на полето на контролата, при што договорена е следната процедура. Увозникот на концентрирани крмни смеси, односно овластен застапник е должен да поднесе писмено барање за преглед **до Државниот инспекторат за земјоделство**, кој ќе земе мостра за анализа и ќе издаде записник и Потврда / Согласност за царинење. Понатамошната постапка е идентична со горенаведената.

## *А-5-13-2-5* Постапка на царинскиот орган

Царинскиот орган во внатрешните царински испостави не смее да започне постапка **на увозно царинење на добиточна храна, производи за исхрана на животни и вештачко ѓубриво се додека не добие ПОТВРДА / СОГЛАСНОСТ за царинење** (*Прилог бр.4)* од **Државниот инспекторат за земјоделство** или **Управата за ветеринарство.**

## *А-5-13-2-6* Означување на стоката

**Државниот инспекторат за земјоделство** или **Управата за ветеринарство** се надлежни органи и за контрола на **ОЗНАЧУВАЊЕ на добиточна храна или производи за исхрана на жиовотни и вештачко ѓубриво со ДЕКЛАРАЦИЈА И УПАТСТВО ЗАУПОТРЕБА**.

Прилози: 4

## А-5-13-2-7 Прилози на Упатство за контрола на добиточна храна, храна за животни и вештачко ѓубриво

*Прилог бр. 1* - барање за преглед до надлежен инспекциски орган
*Прилог бр. 2* - Решение со кое се забранува увоз
*Прилог бр. 3* - Записник за земена мостра
*Прилог бр.* 4 - ПОТВРДА / СОГЛАСНОСТ за царинење

**Штембил**

*Прилог бр.1*

**До МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**Подрачна Единица** ______________________

______________________

**ПРЕДМЕТ:** Барање за издавање на цертификат (уверение за квалитет)

Ве молиме да ни издадете цертификат (уверение за квалитет) за производот што се увезува.

1. *УВОЗНИК (АДРЕСА)* ___________________________________________________
2. *ДАНОЧЕН БРОЈ НА УВОЗНИКОТ* _____________________________________
3. *ЖИРО СМЕТКА НА УВОЗНИКОТ* _____________________________________
4. *ВИД И ИМЕ НА ПРОИЗВОДОТ* _______________________________________
5. *ЗЕМЈА ИЗВОЗНИК* ____________________________________________________
6. *ИМЕНА СТРАНСКИОТ ДОБАВУВАЧ* ___________________________________
7. *ИМЕНА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ* ________________________________________
8. *ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО НА ПРОИЗВОДОТ* _______________________________
9. *ВИД И БРОЈ НА ПРЕВОЗНО СРЕДСТВО* _______________________________
10. *МЕСТО НА НАТОВАР* ___________________________________________________
11. *УПАТНА СТАНИЦА* _____________________________________________________
12. *АДРЕСА НА МАГАЦИНОТ КАДЕ СЕ ВРШИ РАСТОВАР* _________________
13. *КОРИСНИКНА СТОКАТА* _________________________________________________
14. *БРОЈНА ПАРЧИЊА И ЕДИНИЦА НА ПАКУВАЊЕ* ______________________
15. *ТЕЖИНА БРУТО* ____________ *НЕТО* __________________________________
16. *ВРЕДНОСТ НА СТОКАТА ВО ДЕНАРИ* ___________________________________
17. *БРОЈ НА ДОГОВОР ЗА ШПЕДИЦИЈА* ___________________________________

(се пополнува само ако барањето се поднесува преку шпедитер)

Со Барањето се поднесуваат следните документи:

- доказ за извршена уплата на средствата за трошоците на ДИЗ;
- ветеринарен цертификат (за производи од животинско потекло);
- производна спецификација;
- фактура на странскиот добавувач и
- други документи кои служат за идентификација на пратката.

Барањето задолжително мора да е означено со штембил и архивски број на увозникот, односно неговиот овластен претставник (шпедитер).

Барањето се поднесува 24 часа пред да се изврши натоварот.
Државниот инспектор за земјоделство постапува само по барања кои ги содржат сите горенаведени податоци и пропратни документи. Некомплетните барања инспекторот ќе ги врати за дополнување и по нив ќе постапи откако недостатоците ќе бидат отстранети.

Согласно член 19 од Законот за земјоделската инспекција ("Сл. весник на РМ" бр. 38/2004), со парична казна од 50.000,00 до 300.000,00 денари ќе се казни за прекршок правното лице ако во барањето поднесено за добивање на цертификат даде неточни податоци и не дозволи увид во надзорот.

наплатена и поништена такса 150,00 ден.

________________
200____ год.

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВ
Бр. __________
________ 200__ година
Скопје

**З А П И С Н И К**
**за земање мостри за контрола на квалитет на добиточна храна и прехрамбени производи во надворешно-трговскиот промет, заради лабораториско испитување**

Записникот составен на ден __________200___година, на царинскиот терминал ______________________во присуство на претставник на увозникот________________________________________________ и Државниот инспектор за земјоделство _____________________________.

До Државниот инспекторат за земјоделство поднесено е барање за издавање на уверение за квалитет (цертификат) заведено под архивски број _________________ од ___________200__ година. Државниот инспектор за земјоделство врз основа на член 7 став 1 точка 2 од Законот за земјоделската инспекција (вСлужбен весник на РМг бр. 38/2004) и член 2 и 3 од Правилникот за начинот и постапката за вршење контрола на квалитетот на земјоделските и прехрамбените производи во надворешно-трговскиот промет (вСлужбен весник на РМг бр. 55/98), изврши органолептички преглед и констатира дека во однос на органолептичките својства производите одговараат на пропишаниот квалитет и зема мостра заради лабораториско испитување на квалитетот на производите што се увезуваат во вкупна нето количина од _______. кгр.

| **Ред. број** | **Мостра за анализа Кгр/парче** | **Назив на производот** | **Мостра за супер анализа кгр/парче** |
|---|---|---|---|
| **1.** | | | |
| **2.** | | | |
| **3.** | | | |
| **4.** | | | |
| **5.** | | | |

Земените мостри се прописно земени, означени, запакувани и запечатени со службен печат на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државен инспекторат за земјоделство.

Забранет е прометот на производите од кои се земени мостри за лабораториско испитување до добивањето на Уверението за квалитет.

Записникот е прочитан од страна на увозникот - претставникот и ја даде следната забелешка:
____________________________________________________________
____________________________________________________________

| Увозник-овластен претставник на увозникот | **ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО** |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |

*Прилоḡ бр. 4*

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
Бр. __________
________ 200__ година
С к о п ј е

Врз основа на член 45 од Законот за сточарството (вСлужбен весник на РМг бр. 61/97) и член 15 став 3 од Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехрамбените производи во надворешно-трговскиот промет (вСлужбен весник на РМг бр. 5/98 и 13/99) се издава

**П О Т В Р Д А**
**за извршен органолептички преглед и земени мостри за лабораториско испитување**

за производот ____________________________________________________

кој го увезува ____________________________________________________

земја на извозникот _______________________________________________

име на странскиот добавувач________________________________________

земја на потекло__________________________________________________

вид и регистерски број на превозно средство ___________________________

место на натовар_________________________________________________

упатна станица и адреса на магацинот каде стоката се растоварува______________

број на обвивки (парчиња)___________единица на пакување _______________

количина (тежина) бруто ___________нето____________________________

За извршениот органолептички преглед и земените мостри составен е записник бр. ________________ од ______________200__година.

Потврдата се издава заради царинење на производот и ставање во карантин до добивање на цертификат (уверение за квалитет), односно решение за одбивање на издавање на цертификат во смисла на член 45 став 2 од Законот за сточарството (вСлужбен весник на РМг бр. 61/97) и член 13 став 1 од Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехрамбените производи во надворешно-трговскиот промет(вСлужбен весник на РМг бр. 5/98 и 13/99).

Забранет е промет на производи за кои не е издаден цертификат. Со парична казна од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице кое ќе стави во прометпроизводи за кои не е издаден цертификат.

**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

__________________________________

## Здравствена исправност на производи од општа употреба А-5-14

**У П А Т С Т В О**

## за примена на Законот за здравствена исправност на предмети од општа употреба

### А-5-14-1-1 Законски основ и надлежен инспекциски органи за контрола

Државниот санитарен и здравствен инспекторат е надлежен орган за вршење на инспекциски надзор над **здравствена исправност на предмети од општата употреба,** соглано Законот за здравствена исправност на животни намирници и предмети од општа употреба ( *Службен лист на СФРЈ бр. 53/91 и Службен весник на РМ 15/95);* Правилник за усливите во поглед на здравствена исправност на предмети од општа употреба што можат да се пуштат во промет (*Службен лист на СФРЈ бр. 26/83) и* Законот за санитарната и здравствената инспекција (*Службен весник на РМ бр. 19/95*).

### *А-5-14-1-2* Што представува стока за општа употреба, која подлежи на контрола

Во категоријата на предмети за општа употреба спаѓаат:

***I. Детски играчки***

***II. Средства за одржување на лична хигиена, за нега и разубавување на лице и тело***

***III. Средства за одржување чистота во домаќинство***

***IV.Определени предмети што при употребата доаѓаат во непосреден допир со кожата и слузокожата***

***V.Суровини за производство, адитиви и предмети за општа употреба кои привремено се увезуваат заради преработка, доработка и обработка во козметичката индустрија и во индустријата за производство на предмети од општа употреба.***

*А-5-14-1-2-1* ***Детски играчки*** подлежат на контрола, согласно Правилникот за својствата на детеските играчки што се пуштаат во промет (*Сужбен весник РМ бр. 90/04).* Согласно Правилникот не смеат да бидат пуштени во промет детски играчки ако истите не ги исполнуваат основните безбедносни услови во однос на механичките, физичките, хемиските, електричните и хигиенските својства.

При увозот потребно е да се обрати внимание што е предмет на инспекциски надзор во однос на детските играчки. Поради тоа треба да се знае дека следните производи НЕ СЕ СМЕТААТ како играчки и НЕ СЕ ПРЕДМЕТ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ПРИ УВОЗ:

- Новогодишни и Божиќни декорации:
- Детални пропорционални модели за возрасни собирачи (колекционери);
- Спортска опрема
- Опрема наменета за користење во длабока вода;
- Народни кукли, декоративни кукли и други слични производи за возрасни собирачи(колкеционери);

- "Професионални играчки поставени на јавни места (шопинг центри, станици и др.)
- Сложувалки со повеќе од 500 делчиња или без слика наменети за специјалисти;
- Воздушни пушки и воздушни пиштоли;
-Огномети, вклучувајќи и ударни луписли со исклучок на ударните каписли посебно дизајнирани за употреба во играчки;
- Прачки и катапулти;
- Сетови на стрелци со метални врвови;
- Електрични фурни, пегли или други функционални производи кои работат при номинален напон кој надминува 24 волти;
- Производи кои содржат грејни елементи наменети за употреба под надзор на возрасни во наставни цели;
- Возила со мотори на согорување;
- Играчки - парни машини;
- Велосипеди дизајнирани за спорт или за патување на јавен автопат;
- Видео играчки кои можат да се поврзат на видео екран кои работат при номинален напон кој надминува 24 волти;
- Модел на бебе - манекен;
- Верни репродукции на вистински огнени оружја; и
- Моден накит за деца.

Под инспекциски надзор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат спаѓаат и детски играчки од типот на: лизгалки и скејтборди, функционални играчки, хемиски играчки кои содржат одредни супстанци или слични играчки како и обесените љуљашки и карики, трапези, јажиња и слични играчки прицврстени на попречна греда.

### *А-5-14-1-2-2 Средства за одржување на лична хигиена, за нега и разубавување на лице и тело и козметички производи*

Во оваа категорија производи спаѓаат:

1. Средства (козметички) што доаѓаат во допир со слузокожата и тоа:
   - средства за чистење и нега на забите и усната шуплина;
   - средства за разубавување и бојосување на усните;
   - средства за разубавување и бојосување на очите
   - средства за интимна хигиена.
2. Средства (козметички) што остануваат подолго време на кожата;
   - средства за нега и заштита на кожата;
   - средства за разубавување и бојосување на лицето и телото;
   - средства за парфимирање на телото;
   - дезодорансите и антиперспирансите;
3. Средства што по кратко време се отстрануваат од кожата или се користат за разубавување на ноктите и косата
   - средства за миење и чистење на лицето и телото
   - средства за бричење и депилаторите;
   - средства за миење и нега на косата
   - средства за бојосување и разубавување на ноктите;
   - средства за бојосување и разубавување на косата

### *A-5-14-1-2-3 Средства за одржување чистота во домаќинство*

- средства за перење и облагородување на текстил
- средства за миење и чистење на тврди површини
- средства за чистење на обувки, кожни предмети и дамки од текстил
- освежувачи на простории
- средсва за дезинфекција и дезинсекција и дератизација во домаќинството

### *A-5-14-1-2-4 Определени предмети што при употребата доаѓаат во непосреден допир со кожата и слузокожата*

**(** како на пример детски пелени, влажни марамчиња, тоалетна хартија, хартиени марамчиња, памук, влошки, заштитни ракавици, презервативи, прибор за нега на нокти, веѓи, прибор за нега на нозе, сунѓерчиња, чешли, четки за коса, четки за заби, прозводи кои се наменените за настава во училишта и др)

***A-5-14-1-2-5 Суровини за производсто, адитиви и предмети за општа употреба кои привремено се увезуваат заради преработка, доработка и обработка во индустријата за производство на предмети од општа употреба (*** како на пример во козметичката индустрија - етерични масла и др.)

## *A-5-14-1-3* Место на спроведување на инспекциска контрола од надлежна институција и постапка

Производите од општа употреба при увоз, подлежат на инспекциска контрола од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат на **царинските терминали во внатрешните царински испостави и во царинските складишта.**

Увозникот на производи од општа употреба, односно овластен застапник е должен да поднесе писмено **барање за преглед** за секоја пратка од горенаведениот список што се увезува, на формулар (*Прилиг бр. 1)* до Државен санитарен инспекторат, кои се наоѓаат на царинските теринали. Контролата и прегледот на пратката која ја спроведувааат надлежните инспекции опфаќа:

1.Преглед на пропратната документација и утврдување на хигиенските услови под кои е пристигната пратката

2.Органолептички преглед

3.Земање на мостри заради лабараториско испитување

4.Издавање документ за царинскиот орган и увозникот

Во определени случаи можно е надлежниот инспекциски орган да утврди дека пратката е здавствено и хигиенски неиспрана односно неебезбедна, врз основа на органолептички преглед без земање на мостра и за истата да донесе **Решение со кое се забранува увоз (** *Прилог бр. 2* ). Во овој случај кога стоката е сеуште под царински надзор истата се враќа во странство или со **Решение за уништување** се уништува под царински надзор.

Државниот санитарен инспектор земаат мостри заради лабараториско испитување, во присиуство на царински службеник и овластен застапник на пропишано место (**царински терминал или царинско складиште**). За земената мостра надлежниот инспектор издава **записник**. Записникот се составува во 3 примероци (еден примерок за Царинскиот орган, еден за увозникот и еден примерок останува во евиденцијата на инспекторатот. *(Прилоī бр . 3)* Заедно со овој записник надлежниот инспектор издава **СОГЛАСНОСТ за царинење** (*Прилоī бр.4* ), кој се издава во 4 примероци (еден за царинскиот орган, еден за увозникот и 2 примерока остануваат во евиденцијата на инспекторатот). **Врз основа на Согласноста за царинење царинскиот орган може да започне постапка за увозно царинење на предметната стока**.

**Со завршување на увозното царинење на пратката со стока од општа употреба врз основа на горенаведениот документ и пуштањето на истата од под царински надзор, завршува надлежноста на Царинскиот орган .**

**Во понатамошната постапка согласно** Законот за здравствена исправност на предмети од општа употреба, Правилник за усливите во поглед на здравствена исправност на предмети од општа употреба,што можат да се пуштат во промет и Законот за санитарна и здравствена инспекција **продолжуваат надлежностите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.**

На увозникот привремено му се забранува пуштање во промет/преработка на увезената стока се до добивање на резултатите од лабараториската анализа, односно се до добивање на Решението за пуштање во промет/преработка од инспекциски орган, до кога предметната стока останува привремено ускладиштена во простории на увозникот (магацини, стоваришта и сл).

По завршување на лабараториската анализа доколку резултатите одговараат на пропишаните услови, надлежниот инспекциски орган му издава на увозникот Решение со кое се одобрува пуштање во промет-преработка .

Во спротивно ако од резултатите од анализата се утврди дека пратката е здравствено-хигиенски неисправна, односно не е безбедна и не одговара на квалитетот на пропишаните услови надлежните инспекциски органи издаваат Решение со кое се забранува пуштање во промет или преработка, кое се доставува до сите субјекти, при што предметната стока се враќа во странство или се уништува.

Доколку пратката за која е донесено Решение за забрането пуштање во промет не може од определени причини да се врати во странство, во тој случај надлежниот инспекциски орган издава Решение за уништување на здравствено-хигиенски неисправна стока, при што уништувањето се врши на трошок на увозникот. По уништување се сочинува записник за утврдување на фактичката сотојба.

## *А-5-14-1-4* Постапка на царинскиот орган

Царинскиот орган во внатрешните царински испостави не смее да започне постапка на увозно царинење на стока од општа употреба се додека не добие **СОГЛАСНОСТ за царинење** (*Прилоī бр.3)* од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

## *А-5-14-1-5* Што е забрането со овој закон

Се **ЗАБРАНУВА УВОЗ** на производи за општа употреба, се додека не се заврши контролата на пратката и не биде издадено **Согласност за увозно царинење** од страна на Државниот санитарен и здравствен инспектор.

## *А-5-14-1-6* Што представува здравствено неисправни производи за општа употреба

**ЗАБРАНЕТО Е увоз на здавствено и хигиенски неисправни производи за општа употреба**. Како здавствено и хигиенски неисправни производи од општа употреба според овој закон се смета оние производи кои се несоодветни за човечка употреба и на било кој начин представува ризик за здавјето на човекот (пример: изминат рок на употреба, оштетено пакување, содржи токсични материи, микроорганизми, паразити, бои и адитиви, механички се загадени со примеси, контаминирани со радиокативни материи, или поради органолептички својства и состав се штетни, нема податоци за рок на употреба.

За оние производи од општа употреба за која што надлежниот инспекциски орган ќе утврди дека се здравствено-хигиенски неисправни, ќе донесе **Решение за враќање на стоката во странство или Решение за уништување**. За предметната стока царинскиот орган ќе постапува согласно член 85 точка а), алинеа 4, или член 87 точка 2), од Царинскиот закон, како со стока забранета за увоз, доколку истата е сеуште под царински надзор. **Царинскиот орган не смее да дозволи увоз на здавствено и хигиенски неисправни производи за општа употреба**.

# Лекови, помошни лековити средства и медицински помагала
# А-5-15

**УПАТСТВО ЗА УВОЗ НА ЛЕКОВИ, ПОМОШНИ ЛЕКОВИТИ СРЕДСТВА И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА**

## *А-5-15-1* Одобрение за увоз

Увозот, помошни лековити средства и медицински помагала , односно на супстанциите и материјалите од кои истите се произведуваат се врши врз основа на одобрение за увоз, (чл. 101 ст. 2 и чл. 103 од Законот за лековите, помошните лековити средства и медицински помагала (Сл. Весник на РМ бр. 21/98) - во понатамошнот текст Законот).

Во Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз (Сл. Весник на РМ бр. 39/98) лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала, односно супстанциите и материјалите од кои истите се произведуваат покрај формата на увоз, односно извоз треба да бидат означени со „1„ ( Д1) што означува дека при увозот на овие стоки потребно е да се прибави **одобрение кое го издава Министерството за здравство.**

Бидејќи увозот на лекови, помошни лековити средства и медицински помагала, односно супстанци и материјали од кои истите се произведуваат се врши врз основа на одобрение за увоз, а со оглед на фактот што постојат лекови, помошни лековити средства и медицински помагала, односно супстанции и материјали од кои истите се произведуваат кои што во Одлуката за распоредување на стоките во форми на извоз и увоз сеуште не се означени со „1„ ви укажуваме дека и покрај тоа што измените и дополнувањата во Одлуката сеуште не се направени, увозот на лекови, помошни лековити средства и медицински помагала, односно супстанци и материјали од кои истите се произведуваат задолжително треба да се врши врз основа на одобрение за увоз, без разлика дали овие стоки во Одлуката се или не се означени со „1„.

Лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала, за чиј што увоз е потребно одобрение за увоз дефинирани се во смисла на Законот во Прилозите 1, 2 и 3.

***Увозот на стоките наведени во Прилозите 1, 2 и 3 се врши исклучиво врз основа на <u>одобрение за увоз кое го издава Министерството за здравство.</u>***

Одобрението за увоз во согласност на Одлуката за распоредување на стоките на форми на увоз и извоз, ќе се издава на корисникот при увозот, односно на производителот на стоките при извозот и истото ќе ги содржи следните податоци:

- фирма, матичен број и полн назив на корисникот при увозот односно производителот при извозот на стоките,

- името на производителот на лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала,
- името на лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала,
- пакувањето на помошните лековити средства и медицинските помагала,
- количината изразена во единица мерка,
- тарифната ознака на десетцифрено ниво,
- наименованието на стоката според царинската номенклатура,
- рок во кој што ќе се изврши увозот.

## *А-5-15-2* Задржување под царински надзор

Лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала, односно супстанциите и материјалите од кои истите се произведуваат се задржуваат под царински надзор до добивањето на одобрението за увоз или судската одлука за конфискување на производите за кои се бара увоз (член 101 ст. 5 од Законот).
Сместувањето под царински надзор на овие стоки го одобрува надлежната царинарница и истото може да се врши во царински складови кои ги исполнуваат условите за чување и складирање на ваков вид на стоки.
Надлежната царинарница ќе дозволи чување и сместување на стоките од овој вид во определен царински склад доколку се исполнети посебните услови за чување и складирање на предметните стоки согласно Законот за лековите, помошните лековити средства и медицински помагала (Сл. весник на РМ бр. 21/98) врз основа на претходното издадено **Решение од страна на Министерството за здравство за вршење на дејност и исполнетост на услови за чување и складирање на лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала, односно супстанциите и материјалите од кои истите се произведуваат.**

Царинската управа треба да ги евидентира сите царински складови кои ги исполнуваат условите за чување и складирање на ваков вид на стоки. Упатување на лековите, помошните лековити средства и медицински помагала, односно супстанциите и материјалите од кои истите произведуваат, заради нивно сместување под надзор се врши во овие претходно евидентирани царински складови кои ги исполнуваат условите за чување и складирање на ваков вид на стоки (Член 101 ст. 4 од Законот).

## А-5-15-3 Инспекциски надзор

Со стапувањето во сила на Законот за лековите, помошните лековити средства и медицински помагала инспекцискиот надзор над примената на овој закон го врши надлежниот орган на управата преку инспектори за лекови, помошни лековити средства и медицински помагала (чл. 121 ст. 1 од Законот) и со тоа е укината надлежноста за вршење на надзор на овој вид на стоки од страна на граничниот санитарен инспекторат.

Контролата на спроведување на законската забрана на увоз, односно на извоз на лековите, помошните лековити средства и медицински помагала кои:

- не поседуваат одобрение за ставање во промет (чл. 102 и 104 од Законот),
- се неточно означени (чл.102 и 104),
- се фалсификувани (чл. 102 и 104 ),
- се со изминат деклариран рок на употреба (чл. 100 ст. 2),
- се со утврдена неисправност на пропишаниот квалитет (чл. 100 ст.2)
- се декларираат како лекови на кои им се пропишува лековито дејство, а кои не се сметаат за лекови во смисла на овој закон (чл. 100 ст. 1).

подразбира контрола од страна на инспекторите за лекови, помошни лековити средства и медицински помагала која ќе се спроведува по завршената постапка на увозно, односно извозно царинење во постапката на пуштањето на лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала во внатрешен промет.

***Инспекцискиот надзор над примената над овој закон не се врши директно во постапката на увозно односно извозно царинење, туку во внатрешниот промет.***

## ПРИЛОГ 1

**Лекови** во смисла на Законот се супстанции или комбинација на супстанции наменети за лекување, дијагностицирање или сузбивање на болести, односно за спречување, корегирање или модифицирање на физиолошките функции кај луѓето или животните (чл. 2 ст. 1 од Законот).

**Лекови**, во смисла на претходниот став можат да бидат:

1. Готови лекови производи, со утврден квалитативен и квантитативен состав што се произведуваат по индустриски и лабораториски пат, согласно со овој закон и прописи донесени врз основа на овој закон, а се ставаат во промет под заштитено или генеричко име, во облик и пакување во кое ги ставил производителот, а можат да бидат:

- производи за превентивна и куративна употреба или производи што ја модифицираат физиолошката функција;

- имунолошки производи, како вакцини, токсини, имуно серуми, алергени или било кои други агенси употребени да предизвикаат активен или пасивен имунитет или за дијагностицирање на отпорноста на организмот;

- производи од деривати на човечка крв или плазма, како што се албумините, факторите на коагулација, имуноглобулините и други;

- други биолошки производи во готов облик или во китови, што содржат еден или повеќе радионуклоиди (радиоизотопи), подготвени за употреба веднаш или после реконструкција или комбинација со други радионуклеиди;

- лекови што содржат или се изработени од генетски модифицирани организми;

- производи што содржат раствори за перентерална исхрана;

- производи што содржат раствори за чување на органи;

- производи што содржат раствори за дијализа;

- производи што содржат раствори за конзервирање на крв и

- медицински гасови, дезифициенси, вештачки солзи, флуорирани дентални производи, контрастни средства и други производи за дијагностицирање што се внесуваат во организмот;

2. Официнелни препарати - производи што се изработуваат врз основа на монографија или официнелна проскрипција пропишана со важечката фармакопеја или други фармакопеји и се наменети за употреба кај одреден пациент воздравствената организација;

3. Хомеопатски лекови-производи што се изготвуваат од основниот раствор на активната супстанција, во согласност со постапката за хомеопатско производсство, а го носат латинското име на супстанцијата од која е изработен основниот раствор со назначен степен на разредувањето, а се наменети исклучително за орална или надворешна употреба;

4. Гранични производи на кои им се припишува својство на лек или пак им се декларира терапевтска индикација;

5. Опојни дроги и психотропни супстанции содржани во Листата на ратификуваните меѓународни конвенции за спојни дроги и психотропни супстанции 1961 и 1971 на ООН.

## ПРИЛОГ 2

***Помошни лековити средства*** во смисла на Законот, се производи со слабо дејство кои се употребуваат традиционално, а се наменети исклучиво за орална или надворешна употреба, изработени или произведени од супстанции од растително, животинско или минерално потекло, со контролиран квалитет и терапевтска ефикасност, која не мора да биде и научно докажана. (чл. 3 ст. 1 од Законот).

***Помошни лековити средства***, во смисла на претходниот став се:

1. чаеви со тераписка индикација
2. мешавини на чаеви со тераписка индикација
3. пудри

4. екстракти
5. тинктури
6. раствори за леќи
7. масти
8. креми

Во групата на лекови и помошни лековити средства спаѓаат и сите препарати што содржат витамини и минерали во сите форми и пакувања за продажба на мало (тарифен број 3004 50 10 00) со соодветна терапевтска ефикасност.

## ПРИЛОГ 3

***Медицински помагала*** во смисла на Законот се инструменти, апарати, апликатори и други производи и нивните придружни делови, што немаат фармаколошка, метаболичка или имунолошка активност, а кои во согласнсот со упатствата се употребуваат самостојно или во комбинација, кај луѓето или животните, а служат за:

- откривање, превенција, следење или лекување на болестите или ублажување на нивните симптоми;
- откривање, превенција, следење или ублажување последиците од повреда или анатомско, односно функционално пореметување односно надополнување;
- надополнување или замена на анатомски дел од телото или физиолошки процес;
- контролирање на фортилизација и заштита од полови заразни болести;
- примена на лекот (чл. 3 ст. 1 од Законот).

Медицински помагала во смисла на претходниот став се:

1. завоен материјал, средства за шиење рани, средства за спречување на крварење (вата и производи од вата, газа и производи од газа, завои, лепливи адхезивни фластери, хируршки конец и други средства за шиење рани и спречување на крварење);
2. стоматолошки материјал што непосредно доаѓаат во допир со ткивото на усната шуплина и ткивото на забите (материјали за механичко пополнување, стоматолошка протетика и слично);
3. производи што по хируршки пат се вградуваат во организмот (вештачки зглобови, срцеви ид руги протези, електронски стиумлатори на срцевата работа, механички средства за заштита од бременост, материјал за остеосинтеза, интраскуларни леќи, стентови и слично);
4. медицински прибор за еднократна или повеќекратна употреба (игли, шприцеви, прибор за земање и давање крв и инфузија, пибор за дијализа, катетри, сонди, тубуси и трахеостомски канали, пенкала за инсулин и други пумпи, прибор за вештачко дишење и слично);
5. дијагностички средства што не се внесуваат во организмот;
6. други производи.

## А-5-15-4 Увоз на лекови и помошни лековити средства

Увозот на на лекови и помошните лековити средстава се врши врз основа на Одобрение за увоз издадено од Министерството за здравство- Биро за лекови. Примерок од образецот на Одобрението за увоз е даден во ***Прилог бр. 1.***

Поради фактот што Одобрението за увоз има рок на важност шест месеци од денот на издавање, може да се случи истиот документ да биде поднесен повеќе пати пред царинскиот орган, се до конечно изцрпување на количините. Во вакви случаи увозникот или неговиот застапник до царинскиот орган треба да го достават оригиналниот примерок од Одобрението за увоз и фотокопија од истиот. На оригиналот и фотокопијата царинскиот орган ќе ја отпише увезената количина, со евидентирање на број на декларација, датум и царинска испостава. Фотокопија задржува во декларацијата, а оригиналот го враќа на странката, се до конечното исцрпување кога царинскиот орган ќе го поништи исцрпеното Одобрение за увоз и истото ќе го задржи во царинската декларација.

При постапката на увозно царинење на лекови и помошни лековити средства кои се предмет на увоз покрај Одобрение за увоз, увозникот или неговиот застапник треба да приложи **еден од следните документи** во кои ќе бидат наведени нивните **сериските броеви:**

1. **пакинг листа со сериски броеви** од странскиот производител или дистрибутер или
2. **спецификација на сериски броеви на** фармацевтските производи, во случај кога во пакинг листата нема наведени сериски броеви или
3. **сертификат за квалитет со сериски број** на производот издаден од странскиот производител

Увозникот или неговиот застапник е должен да приложи еден од наведените документи и тоа во два примерока. Царинскиот орган треба да го евидентира на двата примерока бројот на Одобренито за увоз, според кој се врши увозот и да стави печат и факсимил, како и број на ЕЦД за увоз и датум на увоз. Оригиналниот заверен примерок се враќа на странката, а вториот примерок се задржува во декларацијата заедно со другите документи за увоз.

**Република Македонија**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
Бр. xxxx ________ 2005 година

Скопје

Врз основа на член 101 став 2 од Законот за лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала ("Службен весник на Република Македонија", бр. 21/98), како и член 2 став 1 точка 1 од Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз ("Сл. весник на РМ" бр. 91/2004), Министерството за здравство, постапувајќи по барањето бр. xxxxx од 07.03.2005 година **на XXXXXX . од - Скопје,** донесе

**О Д О Б Р Е Н И Е**
**за увоз на лекови, помошни лековити средства и медицински помагала**

СЕ ОДОБРУВА УВОЗ на лекови, помошни лековити средства и медицински помагала и тоа:

| *Тарифна ознака* | *Наименување на стоката* | **Трговско име на стоката** | **Количина** */пакување* | **Единечна цена ЕУР** | **Вкупно во валута ЕУР** |
|---|---|---|---|---|---|
| **3004 90 19 00** | лекови, друго | Bismofalk tabl. 150 mg x 100 | 100 | 7,20 | 720,00 |
| 3004 90 19 00 | лекови, друго | Salofalk tabl. 500mg x 100 | 200 | 35,80 | 7.160,00 |
| 3004 90 19 00 | лекови, друго | Salofalk tabl. 250mg x 100 | 100 | 17,90 | 1.790,00 |
| **3004 90 19 00** | лекови, друго | Salofalk supp.500mg x 10 | 300 | 7,70 | 2.310,00 |
| **3004 90 19 00** | лекови, друго | Salofalk supp.500mg x 30 | 50 | 45,00 | 2.250,00 |
| 3004 90 19 00 | лекови, друго | Salofalk klizmi 4g/60g x 7 | 20 | 32,80 | 656,00 |
| **3004 90 19 00** | лекови, друго | Mucofalk jabolko 150g | 100 | 7,38 | 738,00 |
| **3004 90 19 00** | лекови, друго | Mucofalk portokal 150 g | 100 | 7,38 | 738,00 |
| 3004 90 19 00 | лекови, друго | Ursofalk caps. 250 mg x 50 | 500 | 15,40 | 7.700,00 |
| **ВКУПНО:** | | | | | **10.666,00** |

Про/фактура, број и датум: **497856 од 25.02.2005 година**

*Увозник:* ***XXXXXXXX од XXXXXX***

*Странски производител:* ***Dr.FALK PHARMA GmbH - Germanija***

*Странски добавувач:* ***Др.ФАЛК ПХАРМА ГмбХ - Германија***

*Корисник:* ***HHHHHHHH od HHHHHHH***

*Матичен број на корисникот:* ***00000000***

## А-5-15-5 Враќање на извезена стока - лекови

Врз основа на направени контроли и увид во царинските декларации констатрано е дека при враќање на предходно извезена стока - лекови, во увозните царински декларации не се приложени дозволи од Министерството за здравство-Биро за лекови, што представува повреда која произлегува од Законот за производство и промет со опојни droги и психотропни супстанци, Законот за лекови, помошни лековити средства и медицински помагала.

Согласно Законот за производство и промет со опојни droги (Службен лист бр. 13/91) увозот и извозот на лекови кои содржат опојни droги и психотропни супстанци се врши исклучиво со дозвола која ја издава Министерството за здравство- Биро за лекови. Освен тоа согласно Законот за лекови, помошни лековити средства и медицински помагала ( Службен весник на РМ бр. 21/1998) предвидува при увоз на наведената стока увозникот да приложи одобрение за увоз од Министерство за здравство-Биро за лекови.

Кога пратката од лекови која предходно била извезена **повторно се увезува или враќа после определен рок,** неопходно е кон увозната декларација да се приложи Одобрение или Дозвола за увоз од Министерство за здравство-Биро за лекови, од причина што царинскиот службеник не може да претпостави во какви услови се чувани предметните лековите, дали истите се во соодветен рок на употреба или дали воопшто се враќаат истите лекови кои биле предходно извезени.

Пуштањето во промет на ваков вид вратени лекови без дозвола или одобрение од надлежен орган, претставува повреда согласно наведените законски прописи, а освен тоа се доведува во прашање и здравствената состојба на идните консументи -лица кои ќе ги употребуваат истите.

За одредена пратка на лекови која била предходно извезена и после определен рок се враќа во земјата, Министерството за здравство треба да издаде одобрение или дозвола за увоз, доколку пратката ги исполнува условите да се внесе во земјата. Доколку пак пратката со лекови не ги исполнува условите за пуштање во промет Министерството издава решение за уништување на стоката, кое треба да се спроведе согласно законските прописи и на трошок на увозникот.

Царинскиот службеник не смее во никој случај да пушти во промет ваков вид на стока (**вратени лекови**) без одобрение или дозвола, а доколку надлежниот орган има донесено решение за уништување истото треба да се спроведе согласно законските прописи.

Согласно горенаведеното упатуваме на доследна примена на законските прописи. Во спротивно ќе бидат превземени соодветни дисциплински мерки.

## A-5-15-6 Мерки на ветеринарна контрола за лекови, помошни лековити средства и медицински помагала за ветеринарна употреба

Согласно Законот за лекови, помошни лековити средства и медицински помагала (Службен весник на РМ 21/98) увозот на лекови, помошни лековити средства и медицински помагала, односно на супстанциите и материјалите од кои истите се произведуваат, за употреба во ветеринарната медицина се врши врз основа на **одобрение за увоз од надлежен орган на управа - Управа за ветеринарство**. Тоа значи дека **и физички лица при влегувањето во Република Македонија немаат право да внесуваат лекови, помошни лековити средства и медицински помагала односно супстанци и материи, од кои истите се произведуваат, за ветеринарни цели, ако не поседуваат одобрение за увоз од Управата за ветеринарство.**

Во случаите кога патникот при влегувањето во царинското подрачје на РМ ја пријави горенаведента стока, а за истата нема одобрение за увоз од Управата за ветеринарство, во тој случај царинскиот работник ќе нареди стоката да се врати во странство или со изјава да се отстапи во корист на буџетот на РМ, при што ќе го извести граничниот ветеринарен инспектор на граничниот премин за случајот.

Ако при царинска контрола во личниот багаж на патникот, кој влегува во земјата се пронајдат **непријавени** лекови, помошни лековити средства и медицински помагала, односно супстанциите и материјалите од кои истите се произведуваат, за употреба во ветеринарството, **царинскиот службеник треба привремено да ја одземе предметната непријавена стока, да сочини записник за царински прекршок согласно Царинскиот закон, како и да го извести граничниот ветеринарен инспектор за случајот.**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**УПРАВА ЗА ВЕТЕРИНАРСТВО**
**УП И бр. *11-*___**
_______ **година**
**СКОПЈЕ**

По барање на ***(назив на правното лице)***, бр. ***(службен број од архивската евиденција)*** од ***(датум на прием во архива)*** година, за (увоз) (извоз) на *лекови за употреба во ветеринарната медицина*, а врз основа на член 101 од Законот за лековите, помошните лековити средства и медицински помагала (Службен Весник на Република Македонија 21/98) и член 3 точка 1 од Одлуката за распоредување на стоки на форми на извоз и увоз (Службен весник на Република Македонија 91/04), Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство го издава следното:

## О Д О Б Р Е Н И Е

за (увоз)(извоз) на *лекови за употреба во ветеринарната медицина* според приложената спецификација која е составен дел на ова одобрение.
Ова одобрение важи 90 дена од денот на неговото донесување.

## О Д О Б Р Е Н И Е

за увоз на *лекови за употреба во ветеринарната медицина*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | 2. | | 3. | |
| 4. | | 5. | | 6. | |
| 7. | | 8. | | 9 | |

според приложената спецификација која е составен дел на ова одобрение.
Ова одобрение важи 90 дена од денот на неговото донесување.

Правно лице
подносител на барање: *(назив и даночен броја на правното лице)*

Странски производител: *(назив и адреса на производител)*
Странски извозник: *(назив и адреса на странскиот извозник)*

Увозник: *(назив и адреса на увозник)*
Корисник: *(назив и адреса на корисник)*
Намена на стоката *(намена на стоката)*
Рок на увоз: *(период во кој се планира увозот)*

**МИНИСТЕР**
***САДУЛЛА ДУРАКИ***

*Доставено:*
- Подносител
- Управа за Ветеринарство
- ПЕ Ветеринарна Инспекција
____________________
- Царинска Управа МФ
- Архива

## *СПЕЦИФИКАЦИЈА за Одобрение број ___________________*

**Назив на Правното Лице**

**Даночен број на Правното Лице**

| рб | Тарифна ознака на десетцифрено ниво | Наименување на стоката според царинска номенклатура | Трговско име на стоката | Единечно Единечн |
|---|---|---|---|---|
| 1) | 0 1 2 3 4 5 6 7 8 9 | | | |
| 2) | | | | |
| 3) | | | | |
| 4) | | | | |
| 5) | | | | |
| 6) | | | | |
| 7)<br>8) | | | | |
| 9) | | | | |
| 10) | | | | |

## Опојни droги и психотропни супстанци

## А-5-5

*Правен основ* Прометот со дроги и психотропни супстанци е регилиран соглано законот за производство и промет на опојни дроги (Службен весник наСФРЈ 12/91), како и согласно Законот за лекови**,** помошни средства и медицински помагала (Сл. весник на Република Македонија број 21/1998).

### А-5-5-1 Поим

Под опојните дроги и психотропни супстанци се супстанци, природни или вештачки, соли и препарати изработени врз основа на овие супстанци, со чија употреба може да се создадат состојби на зависност, што може да предизвиката оштетување на на здравствената состојба или на друг начин може да го загрози човечкиот интегритет.

Под промет на опојни дроги и психотропни супстанци се подразбира увоз, извоз, транзит и складирање.

**А-5-5-2** Производство и промет на опојни дроги и психотропни супстанци може да врши исклучиво само за медицински, ветринарни, лабараториски, научни и наставни цели само врз оснаова на **дозвола /одобрение од Министертво за здравство.**

Списокот на опојни дрогите и психотропните супстанци е даден во прилог 2 од Прирачникот за царинење. Опојните дроги и психотропни супстанци се вклучени во листите на Конвенцијата за опојни дроги од 1961 година и на Конвенцијата за психотропни супстанци од 1971 година.

Со оглед на тоа што во Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз, готовите лекови врз база на опојни дроги и психотропни супстанци при извоз не се опфатени, а со цел да се почитува горенаведениот Закон и конвенциите, **потребно е** и при увоз/ внесување/извоз на лекови кои содржат опојни дроги да биде **задолжително приложено одобрение/ дозвола** од Министерството за здравство.

## Прекурзори
## А-5-6

### Упатство за примена за Законот за прекурзори

**А-5-6-1** Законот за прекурзори *(Службен весник на РМ бр. 37/2004)* го регулира системот на контролата и следењето на производството и прометот со прекурзорите, со цел да се спречи злоупотреба на прекурзорите за нелегално производство на опојни дроги и психотропни супстанци, како и заради заштита на животот и здравјето на луѓето и заштита на животната средина од штетното влијание на прекурзорите.

- "**Прекурзор**" согласно Законот е класифицирани супстанци и смеси кои ги содржат овие супстанци, како и производите од природно потекло, од кои лесно се екстархираат (извлекуваат) прекурзорите, во кои не спаѓаат лековите, фармацевтските препарати или други препарати што содржат прекурзори.
- Прекурзорите се распоредени во три категории според прилогот даден кон ова упатство.

Дел од прекурзорите во втората и третата категорија се распоредени во групата на отрови, што значи дека за нив ќе се применуваат и одредбите од Законот за промет на отрови.

- Пекурзори може да се ***увезуваат*** (физичко да се внесуваат во земјата), ***извезуваат*** (физичко да се изнесуваат од земјата) и ***транзитираат*** ( да се транспортираат меѓу други земји преку територија на Република Македонија, без било каков претовар) само врз основа на **дозвола издадена од Министерството за здравство.**

Дозволата за увоз, извоз или транзит се доставува до надлежниот царински орган при поднесување на соодветната царинска декларација ( ЕЦД за увоз, извоз или транзит или ТИР Карнет). Во царинската декларација се наведува забелешка дека кон неа е приложена дозвола за прекурзори.

***А-5-6-2 Активности во внатрешните царински испостави***

- ***за увозно царинење***

Кога пратката со прекурзори ќе пристигне во внатрешната царинска испостава за **увозно царинење** во ЕЦД за увоз се приложува оригиналниот оверениот примерок (од влезната граничната царинска испостава) *од дозволата за увоз.* По завршување на вообичаената

постапка на увозно царинење дозволата за увоз се заверува (со број на утврдување на увозната декларација, датум и печат). Фотокопија од дозволата се задржува во делот од декларацијата кој останува во царинската испостава, а оригиналниот заверен примерок директно се испраќа до Министерството за здравство.

Согласно членот 7 од законот за прекурзори **не смее да се дозволи ниту привремено чување и ниту складирање** на истите во царински склад од било кој тип и треба веднаш да се започне постапка за увозно царинење.

### А-5-6-3 Казнени одредби

Внесување, увозот, извозот и транзитот на прекурзори без дозвола од Министерство за здравсто е забрането.

### А-5-6-4 Преодни одредби

- Правните лица кои вршат промет со отрови, до денот на влегување во сила на овој Закон, продолжуваат да вршат промет со прекурзори наведени во член 3 од Законот за прекурзори (дадени во прилог на ова упатство) до усогласувањето на нивната работа со одредбите од овој Закон и прописите донесени врз основа на него.
- Правните лица кои вршат промет со отрови се должни да ја усогласат својата работа во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој Закон.
- Правните лица кои вршат промет со отрови се должни да поднесат барање за издавање на одобрение за вршење на промет со прекурзори во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој Закон.

Овој упатство се применува од 22.06.2004 година кога и Законот за прекурзори стапува на сила.

## Прилог

Прекурзорите, согласно со ратификуваните меѓународни договори и меѓународните нормативи и стандарди, се распоредуваат во три категории :

1) **во првата катагорија спаѓаат супстанциите** :

-1- Фенил-2- Пропанон ( Phenyl-2-Propanon) кој може да биде означен и како Фенилацетон( Phenylacetone) ;

- Н-ацетилантранилна киселина( N-acetylanthranilic acid) која може да биде означена и како 2-Ацетамидобензоева киселина ( 2-Acetamidobenzoic acid) ;
- Исосафрол ( цис и транс) ( Isosafrol ( cis+trans) ;
-3,4- Метилендиоксифенил пропанон (3,4- Methylenedioxyphenyl-propane-2-on) кој може да биде означен и како 1-(1,3-Бензодиоксол-5-ил) пропан-2 он (1-(1,3-Benzodioxol-5-yl) propan-2-one) ;
- Пиперонал ( Piperonal) ;
- Сафрол ( Safrol) ;
- Ефедрин ( Ephedrine) ;
- Псеудоефедрин ( Pseudoephedrine) ;
- Норефедрин( Norephedrine) ;
- Ергометрин ( Ergometrine) ;
- Ерготамин ( Ergotamine) ;
- Лизергинска киселина ( Lysergic acid) и
- солите на супстанциите наведени во оваа категорија кога постоењето на тие соли е можно ;

2) **во втората категорија спаѓаат супстанциите** :
- Анхидрид на оцетна киселина ( Acetit anhydride) ;
- Фенилоцетна киселина ( Phenylacetic acid) ;
- Антранилна киселина ( Anthranilic acid) ;
- Калиум перманганат ( Pottasium permanganate)
- Пипередин ( Piperidine) и
- Солите на супстанциите наведени во оваа категорија кога постоењето на тие соли е можно и

3) **во трета категорија спаѓаат супстанциите** :
- Хлороводородна киселина ( Hydrochloric acid) која може да биде означена и како Водороден хлорид ( Hydgogen chloride) ;
- Сулфурна киселина ( Sulphuric acid) ;
- Толуен ( Toluene) ;
- Етил етер ( Ethyl ether) кој може да биде означен и како и како Диетил етер ( Diethyl ether) ;
- Ацетон ( Acetone) и
- Метил етил кетон ( Methylethylketone) ( MEK) кој може да биде означен и како Бутанон ( Butanone)

Прекурзорите од овој прилог од точка 2) алинеи 1, 2 и 4 и од точка 3) алинеи 1, 2, 3, 4 и 5 се распоредени и во група на отрови согласно со прописите за отрови.

Списокот на прекурзори е даден во Прилог 2 од Прирачникот за тарифа за чии промет е потребна дозвола од Министерство за здравство

## А-5-7 Увоз на отрови

*Правна основа* Со Законот за промет на отрови ("Службен лист на СФРЈ" бр. 13/1991 год) и со Законот за превоз на опасни материи ("Службен лист на СФРЈ" бр. 27/1990 год.) е регулиран увозот, извозот, превозот и транзитот на отровите.

***Под ошрови*** *се йодразбирааш суйсшанцииеше од йриродно или синшешичко йошекло и йрейарашише йроизведени од шие суйсшанции кои, внесени во орīанизмош или во дойир со орīанизмош можаш да īи заīрозаш живошош или здравјешо на луѓешо или шшешно да делувааш врз живошнаша средина (Член 2 од "Законош за йромешош на ошрови" Сл.лисш на СФРЈ бр. 13/91).*

### А-5-7-1-1 УВОЗ НА ОТРОВИ

Отров може да се увезува ако увозникот прибавил од **Министерството за здравство одобрение** дека прометот на отровот е дозволен на територијата на Република Македонија.

Органите на царинската служба **не можат** да вршат царинење на отровот **без одобрение од Министерството за здравство** (Член 39 од "Законот за прометот на отрови" Сл.лист на СФРЈ бр. 13/91).

Ако со "Законот за прометот на отрови" поинаку не е определено, **се забранува** прометот (увоз,извоз, продажба и секој друг начин на пуштање на отровите во промет) на следните отрови:

**- алдрин,**

**- диелдрин,**

**- хексахлоробензен,**

**-хексахлороциклохексан(технички); сотрговско име ЛИНДАН.**

**Забраната важи за сите изомери освен гама изомерот.**

**- хептахлор,**

**- хлордан,**

**- хлордимеформ,**

**- лептофос,**

**- натриум флуорацетат,**

**- оловен арсенат и препарати произведени од тие материи.**

---

**-бензен и препарати во кои содржината на бензен изнесува повеќе од 1% зафатнина**

Одделни отрови може да се употребуваат во индустриското производство, во согласност со прописите кои ги донесува Министерството за економија **по претходна добиена согласност од Министерството за здравство** (член 12 од Законот за промет на отрови ("Службен лист на СФРЈ" бр. 13/1991 год.).

Листата на отрови што можат да се пуштаат во промет е објавена во "Службен лист на СФРЈ" бр. 58/82, 7/84, 9/86, 18/87 и 33/88.

Правилникот за означување на отровите што на домашниот пазар се пуштаат во промет е објавен во "Службен лист на СФРЈ" бр.13/86

Во случај да се увезуваат производи на кои од страна на производителот е ставен симболот кој означува отров или производи во чија трговска декларација е наведено дека содржат отрови, односно дека претставуваат отрови а истите не се наведени во списокот на отрови, увозното царинење може да се изврши само со **одобрение за увоз од Министерството за здравство.**

Доколку призводите во својот состав содржат отров во количество кое според Листа V, VI i VII (Правилник за

условите во поглед на здравствената исправност на предметите за општа употреба што можат да се пуштаат во промет објавен воСл. Лист на СФРЈ бр. 26/83 ), се сметаат за предмети од општа употреба, кои не влијаат штетно на здравјето на луѓето, Министеството за здравство ќе издаде известување до Царинската управа за непречен увоз на конкретниот производ.

Средствата за заштита на растенијата можат да се пуштаат во промет врз основа на постојана, привремена и вонредна дозвола издадена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (Член 39).
Постојаната и привремената дозвола за пуштање во промет на средствата за заштита на растенијата се издава врз основа на физички, хемиски и биолошки испитувања, како и решение за распоредување во група на отрови издадено од Министерството за здравство (Член 41 и 43 од  Законот за заштита на растенијатаг, Сл весник на РМ 25/98).

**Списокот и секоја измена и дополнување на средствата за заштита на растенијата за која е издадена дозвола за пуштање во промет, се објавува во Сл. Весник . (Член 47 од в Законот за заштита на растенијатаг, Сл весник на РМ 25/98)**

За лековите кои содржат отрови и отровите кои се употребуваат за лабораториски или научно истражувачки цели е потребно одобрение за увоз од **Министерството за здравство** согласно член 101 од Законот за лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала ("Службен весник на РМ" бр. 21/1998 год.).

**Во прилог 7 од Прирачникот за царинење  даден е список на отрови кои можат да се стават во промет со Одобрение од Министерството за здравство** во согласност со Министерството за внатрешни работи

## Животна средина
## A-5-8

### A-5-8-1 - Животна средина општо

Законот за животна средина кој е објавен во ″ Службен весник на Р.М. број 53 од 2005 година″, ги регулира правата и обврските на правните и физичките лица, како и надлежните органи во поглед на заштита и унапредување на животната средина. Заради заштита и унапредување на животната средина покрај примената на овој општ закон, ќе се применуваат и одредбите од повеќе поодделни законони за одредени области (закон за води; закон за воздух; закон за отпад; биолошлка разновидност и природно богатство, заштита на озонската обвивка и јонизиерачко и нејонизирачко зрачење и др).

Со законот за животна средина се предвидува забрана/ограничување на промет на одделни производи доколку со нив се загрозува животната средина и природата или здравјето на луѓето. Истите може да се внесуваат искучиво до дозвола од Министерство за животна средина и просторно планирање

Забрана на увоз на:

- Отпадни, опасни, штетни и радиоакивни и отпадни материи
- Заштитени диви животни и растенија
- Биолошки неразградливи супстанци и пестициди што содржат полифосфати
- Забранети технологии и технолошки линии од еколошки причини
- Супстанци кои ја оштетуваат или осиромашуваат озонската обвивка

---

- Според Законот за отпад постои забрана за /увоз и влез во земјата на опасен отпад
- Исклучени од забрана можат да бидат отпади кои може безбедно да се рециклираат или реупотребат ако за истите Министертвото за животна средина издаде **дозвола /согласност за внесување /увоз /извоз**

---

За наведените стоки може да се дозволи увоз ако за истите е приложена **дозвола од Министертвото за животна средина**.

Во Прирачникот за царинење стоките кои се предмет на увоз, кои се означени со **Д4** како и стоките наведени во Прилозите: **Прилог 3-Список на супстанци што ја осиромашуваат озонската обвивка**; **Прилог 4 - Список на загрозени видови диви животни ; Прилог 5-Список на загрозени видови на растенија; Прилог 6-Список на загрозени габи,** потребно е при постапката на увозно царинење да се приложи дозвола за увоз од Министертво за животна средина и просторно планирање.

## А-5-8-2 НАДОМЕСТОЦИ КОИ СЕ НАПЛАЌАТ ПРИ УВОЗ

*Правен основ* Согласно членот 179 точка 7, членот 183, 184 и 185 од Законот за животна средина, кој е објавен во Службен весник на Р.М. број 53 од 2005 година, како и Одлуката за определување на производите за кои се плаќаа надоместок при промет, увоз/извоз, која е објавена во Службен весник на РМ бр. 75 од 2005 година, **пропишани се надоместоци кои ќе се наплатуваат при увоз** и истите ќе започнат да се примаенуваат од **01.01.2006 година.**

### А-5-8-2-1 Видови на стоки за кои ќе се наплатуваат надоместоци:

***а)употребувани патнички автомобили и други моторно возила за превоз на лица и превоз на стока***

***б) цигари, пури и цигарилоси што содржат тутун***

***в) нафтени деривати***

***г) кеси и вреќи од полимери на етилен и други пластични маси***

### А-5-8-2-2 Обврзници за плаќање на надоместоците

Како обврзници за плаќање на надоместоци при увоз се увозниците (правни или физички лица) на наведените стоки. Надоместокот го наплатува царинскиот орган при наплата на другите увозни давачки, а се уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

### А-5-8-2-3-Износ на надоместок кој се наплаќа при увоз на

**а)** ***употребувани патнички автомобили и други моторно возила за превоз на лица и превоз на стока***

- Висината на надоместокот што се плаќа при увоз на **употребувани** моторни возила за превоз на десет и повеќе лица, вклучувајки го и возачот (автобуси), од следните тарифните броеви на Царинската тарифа

  8702 10 19 00

  8702 10 99 00

  8702 90 19 00

  8702 90 39 00

  **износува <u>6 000,00 ден/парче</u>**

- Висината на надоместокот што се плаќа при увоз на **употребувани** патнички автомобили, со внатрешно согорување со палење со помош на свеќички, со зафатнина на цилиндерот:
  - што не надминува 1 000 $см^3$, од тарифниот број на Царинската тарифа 8703 21 90 00, **износува <u>2 500,оо ден/парче</u>,**

- што надминува 1 000 см$^3$, но не надминува 1 500 см$^3$, од тарифен број 8703 22 90 00 на Царинската тарифа, **изнесува 3 500,00 ден/парче,**
- што надминува 1 500 см$^3$, но не надминува 3 000 см$^3$, од тарифните броеви 8703 23 90 10, 8703 23 90 20 и 8703 23 90 90 на Царинската тарифа, **изнесува 4 000,00 ден/парче,**
- што надминува 3 000 см$^3$, од тарифен број 8703 24 90 00 на Царинската тарифа, **изнесува 5 000,00 ден/парче**

- Висината на надоместокот што се плаќа при увоз на **употребувани** патнички автомобили, со клипни мотори со внатрешно согорување на палење со помош на компресија (дизел и полудизел), со зафатнина на цилиндерот:
  - што не надминува 1 500 см$^3$, од тарифните броеви 8703 31 90 10 и 8703 31 90 90 на Царинската тарифа**, изнесува 4 000,00 ден/парче,**
  - што надминува 1 500 см$^3$ но ненадминува 2 500 см$^3$, од тарифните броеви 8703 32 90 10 и 8703 32 90 90 на Царинската тарифа**, изнесува 5 000,00 ден/парче,**
  - што надминува 2 500 см$^3$, од тарифните броеви 8703 33 90 10 и

    8703 33 90 90 на Царинската тарифа**, изнесува 6 000,00 ден/парче.**

- Висината на надоместокот што се плаќа при увоз на **употребувани** моторни возила за превоз на стока, со клипен мотор на внатрешно согорување на палење со помош на компресија (дизел и полудизел), со бруто маса:
  - што не надминува 5 t, од тарифните броеви 8704 21 39 00 и 8704 21 99 00 на Царинската тарифа, изнесув

    **7 500,00 ден/парче,**
  - што надминува 5 t, но не надминува 20 t, од тарифниот број 8704 22 99 00 на Царинската тарифа, изнесува **10 000,00 ден/парче,**
  - што надминува 20 t, од тарифниот број 8704 23 99 00 на Царинската тарифа, изнесува **12 500,00 ден/парче.**

- Висината на надоместокот што се плаќа при увоз на **употребувани** моторни возила за превоз на стока, со клипен мотор на внатрешно согорување на палење со помош на свеќички, со бруто маса:
  - што не надминува 5 t, од тарифните броеви 8704 31 39 00 и 8704 31 99 00 на Царинската тарифа, **изнесува**

    **6 000,00 ден/парче,**
  - што надминува 5 t, од тарифен број 8704 32 99 00 на Царинската тарифа, **изнесува 8 500,00 ден/парче.**

*б) цигари, пури и цигарилоси што содржат тутун*

- Висината на надоместокот што се плаќа при увоз на тутунски преработки изнесува за:
  - **за една** увезена **цигара** што содржи тутун, од тарифните броеви 2402 20 10 00 и 2402 20 90 00, **изнесува 0,05 ден/парче** и
  - **за една** увезена **пура или цигарилос** што содржи тутун, од тарифната ознака 2402 10 00 00, **изнесува 0,0160 ден/парче.**

***в) нафтени деривати***

- Висината на надоместокот што се плаќа при увоз и производство на нафтени деривати за:
  - **моторен бензин** и тоа:

    -моторен бензин со содржина на олово повисока од 0,013 г/л од тарифните броеви 2710 11 51 00 и 2710 11 59 00 и авионски бензин, од тарифен број 2710 11 31 00 **изнесува 0,15 ден/литар,** односно **0,198 ден./кг**

    -безоловен бензин со содржина на олово до 0,013 г/л, од тарифните броеви 2710 11 41 00, 2710 11 45 00 и 2710 11 49 00, **изнесува 0,08 ден/литар гасно масло,** и тоа за употреба како:

    - доколку гасното масло се користи како гориво за дизел мотори, од тарифните броеви 2710 19 41 00, 2719 19 45 00 , 2710 19 4910 и 2710 19 4990 **изнесува 0,03 ден/литар** односно **0,035 ден/кг**

    - доколку гасното масло се користи како масло за горење - екстра лесно, од тарифните броеви 2710 19 41 00, 2710 19 45 00, 2710 19 4910 и 2710 19 49 90 **изнесува 0,04 ден/литар** , односно **0,047 ден/кг**
  - **масло за горење М1 (мазут) и М 2 (мазут),** од тар. број 2710 19 61 00 , 2710 19 63 00, 2710 19 65 00 и 2710 19 69 00 **изнесува 0,05 ден/кг.**

***г) кеси и вреќи од полимери на етилен и други пластични маси***

- Висината на надоместокот што се наплаќа за пластика и пластични производи изнесува:
  - вреќи и ќеси за транспорт или пакување на стока од полимери на етилен со тарифен број 3923 21 00 00
  - вреќи и ќеси за транспорт или пакување на стока од други пластични маси со тарифен број 3923 29 10 00 и 3923 29 90 00

  **изнесува 10,00 ден/кг**

Наплатата на надоместокот се врши на нето тежината која мора да биде идентична со декларираната количина во единица мерка (рубрика 38=рубрика 41 на ЕЦД).

Надоместокот за наведените стоки кои се увезуваат, влегува во даночната основица за пресметување на ДДВ и истиот се наплаќа при царинење на истите, заедно со пресметаниот износ на увозните давачки, а се уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

### А-5-8-2-4 Начин на пополнување на рубриките во ЕЦД за увоз

Кога се пресметува и наплаќа овој надоместок, во првата колона на **рубриката 47** на ЕЦД (единствен царински документ) треба да се запише шифрата "F30". **Надоместокот** преставува дел од вкупниот збир на царинскиот долг искажан во ЕЦД и **се наплаќа на иста сметка** заедно **со другите давачки** кои се наплаќаат при царинењето.

При увозно царинење **надоместокот се плаќа** за производи кои се декларирани **за редовен увоз и пуштање во слободен увоз** со **шифра** за вид на постапка (рубрика 37 на ЕЦД) **"40"**

Одделението за наплата, буџет, гаранции и анализа при Централната управа, собраните средства на име на надоместок ги уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

### А-5-8-2-5 Враќање на уплатени надоместоци

Во случај на извоз на тутунски производи, нафтени деривати и кеси и вреќи од полимери на етикен или од други пластични маси, за кои претходно се платени наведените надоместоци, обврзникот има право на враќање на уплатениот надоместок за извезената количина на производи. Барањето за враќање на платениот надоместок се поднесува до Министерството за животна средина.

## A-5-8-3 Заштита од јонизирачки зрачења и за нуклеарна сигурност

Според Законот за јонизирачки зрачења и нуклеарна сигурност забранет е внесување, увоз извоз и тарнзит на радиоактивен и нуклеарен материјал и отпадоци од овој вид на материјал, како и воопшто тела кои емитираат јонозирачки зрачења.

Со исклучок на определени количества кои се наменети во индустријата, медицината и за научни и истражувачки цели можат да се увезуваат извезуваат или транзитоираат само врз основа на дозвола од Дирекцијата за радиациона сигурност, како и врз основа на Лиценца на субјектите кои се овластени да вршат ваков вид на промет.

## A-5-8-3-1 Мерење на радијација на старо железо

Со допис бр. 13-3859/2 Министерството за животна средина и просторно планирање Царинската Управа известена е дека се спроведуваат засилени мерки за контрола на внесување на старо железо во Република Македонија во поглед на радиолошка исправност., согласно Законот за јонизирачко зрачење. При тоа е определено следното:

При **увоз на старо отпадно железо** во Република Македонија при приемот на царинската декларација на царинискиот орган ЗАДОЛЖИТЕЛНО МОРА ДА МУ СЕ ПРЕЗЕНТИРА ***Извештај за извршените мерења*** *на лице место на амбиентален дозен еквивалент на јонизирачко зрачењ*е кој го издава Републички завод за здравствена заштита (пример на Извештајот е дадено во Прилог) од кој се гледа дека вредноста на извршеното мерење **е прифатлива за увоз на старо отпадно железо во Р. Македонија**.

При **внесување на старо отпадно железо** во Република Македонија граничните царински испостави треба да ги упатуваат превозните средства за мерење на радиоактивно зрачење на првиот терминал и тоа:

**а) Во патниот сообраќај:**

- при внесување од ЦИ Блаци во ЦИ Терминал Скопје;
- при внесување од ЦИ Табановце во ЦИ Куманово;
- при внесување од ЦИ Деве Баир во ЦИ Деве Баир
- при внесување од ЦИ Ново Село во ЦИ Струмица
- при внесување од ЦИ Богородица во ЦИ Железничка станица Гевгелија
- при внесување од ЦИ Меџитлија во ЦИ Битола
- при внесување од ЦИ Ќафасан во ЦИ Струга

На останатите Царински испостави не се дозволува внесување на старо отпадно железо.

Доколку во горенаведените внатрешни царински испостави увозникот не поднесе соодветна царинска деклрација за увоз/реекспорт може да се одобри транзитна царинска постапка до друга внатрешна царинска испостава единствено доколку кон истата се приложи Извештајот за извршени мерење наведен во точка 1. Во овој случај фотокопија од Извештајот се задржува во ЦИ во која ќе започне транзитната постапка, а оригиналот од Извештајот се задржува во ЦИ во која ќе се изврши царинењето при увоз или реекспорт.

б) Во **железничкиот сообраќај** мерењата треба да се вршат во ЦИ Железничка станица Гевгелија при внесување на старо железо од Грција, во ЦИ Табановце при внесување на старо железо од Србија и Црна Гора и во ЦИ Волково при внесување на старо железо од Србија и Црна Гора (во делот на Косово).

3. Во случаите кога при од извештајот за извршено мерење ќе се утврдки дека стоката не е прифатлива за увоз во Република Македонија треба да се постапи како со стока чиј увоз е забранет согласно член 85 точка а), алинеа 4, или член 87 точка 2), од Царинскиот закон и истата треба да се врати во странство.

РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА
*Одделение за радијациона дозиметрија*
ул. 50 Дивизија бр. 6, П.Фах 577, СКОПЈЕ
тел. (02) 226510/ лок. 202 факс. (02) 223354 e-mail: dozimetrija@hotmail.com

Бр.: РД-У/ 02 29-05-2002

# И З В Е Ш Т А Ј

за извршените мерења на лице место на амбиенталниот дозен еквивалент на јонизирачко зрачење

| | |
|---|---|
| ПРИМЕРОК/МАТЕРИЈАЛ: | **Старо отпадно железо** |
| Датум на мерење: | **24-05-2002** |
| Вид на транспорт: | Камион SK 058 KJ |
| Декларирана количина: | / |
| Дистрибутер: | "Секунда суровина",у-и, Скопје, Петровец, ул. 22 бр 33 |
| Увозник: | Макстил - Скопје |
| Место на мерење: | Терминал - Фершпед, Скопје |
| Потекло на материјалот /примерокот: | СР Југославија / Косово / |

## Р Е З У Л Т А Т

| Реф. бр. | Измерена вредност H* ( μ Gy/h ) | Прифатлива вредност за увоз на старо отпадно железо во Р.Македонија H* ( μ Gy/h ) |
|---|---|---|
| SK 058 KJ | 0.15 | 0.08 - 0.25 |

**Резултатите се лимитирани на местото и датумот на извршените мерења*

*Дозиметрист*

Зденка Стојановска,дипл.инж.физ.

Борче Андоновски, техн.

Началник на Одделение за радијациона дозиметрија

Дипл. инж. Лидија ...овска
спец. по медицинска нуклеарна физика

## А-5-8-4 Насока за примена на Наредбата за забрана на производство, промет и употреба на детергенти за машинско перење на текстилни производи со содржина на фосфор во органска или неорганска форма со над 0,5% тежински

*Правен основ*: Согласно членот 20 од Законот за заштита и унапредување на животна средина и природата (69/96, *3/99,41/2000,96/2000 и 45/2002*) министерот за животна средина и просторно планирање во согласност со министерот за здравство, министерот за внатрешни работи, министерот за земједелство, шумарство и водостопанство и министерот за екиономија донесе **Наредба за забрана на производство, промет и употреба на детергенти за машинско перење на текстилни производи во домаќинставата, со содржина на фосфор во органска или неорганска форма со над 0,5% тежински** ( објавена во *Службен весник на РМ бр. 27/2005)* која почнува со примена **за увоз од 31.05.2005 година.**

**А-5-8-4-1** Согласно Наредбата како и согласно Законот за здравствена исправност на предмети од општа употреба (*Службен лист на СФРЈ бр. 53/91 и Службен весник на РМ 15/95);* Правилник за условите во поглед на здравствена исправност на предмети од општа употреба што можат да се пуштат во промет (*Службен лист на СФРЈ бр. 26/83)* *и* Законот за санитарната и здравствената инспекција (*Службен весник на РМ бр. 19/95*) **Државниот санитарен и здравствен инспекторат** е надлежен орган за вршење на:

- **контрола на содржината на фосфор ( дозволен за увоз до 0,5%)**
- **контрола на здравствена исправност на предмети од општата употреба** (во кој спаѓаат и детергенти за машинско перење наведени во категорија ***III. Средства за одржување чистота*** од упатство бр. 07-1385/1 од 11.02.2005 година)
- **како и контрола на декларирање и означување на производите кои се предмет на увоз во земјата.**

Со цел ефикасно спроведување на наредбата по консултација со Министерството за заштита на животната средина и просторно планирање, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Царинската Управа се договорија за следната процедура.

### А-5-8-4-2 Предмет на забрана за увоз

Согласно Наредбата, Забраната за увоз се однесува на **детергент за** машинско перење на текстилни производи, подготвени во

форма или пакување за продажба на мало, **со содржина на фосфор во органска и неорганска форма со над 0,5% тежински,** кој согласно царинската тарифа е распореден во тарифна ознака **3402 20 90 00**.

Тоа значи дека при увоз на детргент за машинско перење за тексилни производи, кој е подготвен во форма или пакување за продажба на мало чија содржина надминува 0,5% фосфор **не смее да се увезе и да се пушта во слободен промет.**

**Оваа наредба не се однесува на детергенти за рачно перење, како и сресства за чистење кои исто така се распоредуваат во оваа тарифна ознака**.

## А-5-8-4-3 Постапка на царинскиот орган и надлежниот орган за контрола

Постапката за увозно царинење на детергенти за машинско перење на текстилни производи во домаќинствата е потполно идентична како и за другите стоки од општа употреба согласно упатството бр. 07-1385/1 од 11.02.2005 година.

Царинскиот орган не смее да започне постапка за увозно царинење на предметната стока доколку не добие СОГЛАСНОСТ за царинење од Државниот санитарен инспекторат.

Државниот санитарен инспектор врз основа на приложените **документи во кои е наведена содржината на фосфорот** (*производната спецификација, производен сертификат или друг документ од странскиот производител*) утврдува дали предметната стока одговара согласно параметрите во наредбата. Доколку во документацијата е наведено дека содржината на фосфорот е поголема од 0,5%, предметната стока **не смее да се увезува и со истата се постапува како со стока чии увоз е забранет, согласно членот 85 точка а), алинеа 4, или член 87 точка 2) од Царинскиот закон.**

Државниот санитарен инспектор зема мостри заради лабараториско испитување на содржината на фосфорот, во присуство на царински службеник и овластен застапник на пропишано место (царински терминал или царинско складиште). За земената мостра надлежниот инспектор издава **записник**. Записникот се составува во 3 примероци (еден примерок за Царинскиот орган, еден за увозникот и еден примерок останува во евиденцијата на инспекторатот. Заедно со овој записник надлежниот инспектор издава **СОГЛАСНОСТ за царинење**, кој се издава во 4 примероци (еден за царинскиот орган, еден за увозникот и 2 примерока остануваат во евиденцијата на инспекторатот). **Врз основа на <u>Согласноста за царинење</u> царинскиот орган може да започне постапка за увозно царинење на предметната стока**.

**Со завршување на увозното царинење на пратката со стока од општа употреба врз основа на горенаведениот документ и пуштањето на истата во слободен промет, завршува надлежноста на Царинскиот орган .**

## A-5-8-4-4 Надлежности на Државниот санитарен инспектор

Согласно Законот за здравствена исправност на предмети од општа употреба, Правилникот за условите во поглед на здравствена исправност на предмети од општа употреба што можат да се пуштат во промет, Законот за санитарна и здравствена инспекција, како и Наредбата за забрана на промет и производство, **во понатамошната постапка, продолжуваат надлежностите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.**

На увозникот привремено му се забранува пуштање во промет/преработка на увезената стока се до добивање на резултатите од лабараториската анализа, односно се до добивање на Решението за пуштање во промет/преработка од инспекциски орган, до кога предметната стока останува привремено ускладиштена во простории на увозникот (магацини, стоваришта и сл).

По завршување на лабараториската анализа, доколку резултатите одговараат на пропишаните услови и приложените документи (производна спецификација, сертификат или друг документ од странскиот производител) надлежниот инспекциски орган му издава на увозникот Решение со кое се одобрува пуштање во промет-преработка .

Во спротивно, ако од резултатите од анализата се утврди дека пратката е со поголема содржина на фосфор од дозволената, здравствено-хигиенски неисправна, односно не е безбедна и не одговара на квалитетот на пропишаните услови, надлежните инспекциски органи издаваат Решение со кое се забранува пуштање во промет или преработка, кое се доставува до сите субјекти, при што предметната стока се враќа во странство или се уништува.

Доколку пратката за која е донесено Решение за забрането пуштање во промет не може од определени причини да се врати во странство, во тој случај надлежниот инспекциски орган издава Решение за уништување на здравствено-хигиенски неисправна стока, при што уништувањето се врши на трошок на увозникот. По уништување се сочинува записник за утврдување на фактичката сотојба.

Оваа насока започнува со примена од **31.05.2005 година.**

## **A-5-8-5** Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви животни и растителни видови (Вашингтон 1973) (Сл.весник на РМ бр.82/99) (ЦИТЕС)

Конвенцијата за заштита на дивиот свет и природните живеалишта во Европа (Сл. весник на РМ бр. 49/97)

### A-5-8-5-1 Надлежен орган

Министерството за животна средина и просторно планирање како надлежен орган за имплементација на Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви растенија и животни CITES, која Република Македонија ја има ратификувано во декември 1999 година, со допис број 07-8779/ од 09.09.2004 ја извести Царинската Управа на РМ посочувајки ја следната процедура во однос на дистрибуцијата на ЦИТЕС дозволата /сертификатот.

Видовите на загрозени растенија и диви животни се дадени во списокот број 4 и 5 како составен дел на Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз, кои се наоѓаат во прирачникот за царинење.

Согласно конвенцијата за Меѓународна трговија ( увозот, извозот и транзит) на загрозени растителни и загрозени диви животински видови, нивни делови и деривати, ЦИТЕС дозволата/сертификатаот **ја издава Министерството за животна средина и просторно планирање** на пропишан образец во 5 ( пет) примероци и тоа еден оригинал и 4 копии. На секој примерок во горниот десен гол е наведен бројот на примерокот:

- **оригиналот** патува со пратката

-**копија број 1** останува во Министерството за животна средина и просторно планирање, Служба за животна средина ( односно органот кој ја издава истата)

-**копија број 2** останува за апликантот/барателот на ЦИТЕС дозволата/сертификатот

-**копија број 3** останува кај Царинскиот орган (Царинската испостава кој врши заверка на дозволата/ сертификатаот )

-**копија број 4** останува кај Ветеринарниот орган

**A-5-8-5-2 Образецот на ЦИТЕС дозволата** / сертификатот е унифициран и испечатен на англиски и македонски јазик. На предната страна се наведени рубриките: број на сертификат, за која постапка се однесува (увоз, извоз или транзит), рок на

важност ( за извоз и транзит рокот на важност на дозволата е шест месеци, а за увоз е една година од датумот на издавање), увозник, извозник, вид на стока, цел на прометот, количина, земја на потекло, издавач на дозволата, потврда од надлежен орган за извоз, увоз или реекспорт (Царинска испостава). На позадината на дозволата е испечатена инструкција и појаснување за рубриките на образецот.

Царинска испостава ја контролира пратката при увоз, извоз или транзит и ја заверува ЦИТЕС дозволата/сертификатот на оригиналниот примерок и копиите број 2, 3 и 4. Доколку податоците од документацијата (фактурата, дозволата) се усогласени со фактичката состојба царинскиот службеник ја заверува дозволата во **рубрика број 14 (количина, Царинска испостава, датум, потпис, број на царински документ и службен печат).**

Заверената копија број 3 од дозволата се задржува кај Царинскиот орган (Царинска испостава која извршила заверка на дозволата/ сертификатаот) и ја одложува во царинската декларација. Заверените примероци од дозволата (оригиналот, копијата број 2 и 4) се враќаат на лицето кое ја прати пратката (барателот на дозволата /апликантот ). Ова лице има обврска оригиналната заверена дозвола да ја врати на Министерството за животна средина и просторно планирање-Службата за животна средина ( односно органот кој ја издал).

Во прилог Ви доставуваме примерок на ЦИТЕС дозвола/ сертификат

**CONVENTION ON INTERNATIONAL TRADE IN ENDANGERED SPECIES OF WILD FAUNA AND FLORA**

**PERMIT/CERTIFICATE No.**

- ❑ EXPORT / ИЗВОЗ
- ❑ RE-EXPORT / РЕ-ИЗВОЗ
- ❑ IMPORT / УВОЗ
- ❑ OTHER: / ДРУГО:

**Ori**

2. Val
Ba

3. Importer (name and address) / Увозник (име и адреса)

3a. Country of import / Земја на увоз

4. Exporter/Re-exporter (name, address and country) / Извозник/ре-извозник (име, адреса и

Signature of the applicant / подносителот

5. Special conditions / Посебни услови

For live animals, this permit or certificate is only valid if the transport conditions conform to the Guidelines for Transport of Live Animals or, in the case of air transport, to the IATA Live Animals Regulations / За живи животни, оваа дозвола е важечка доколку условите на транспортот соодведствуваат со упатствата за транспорт на живи животни, или во случај на воздушен транспорт, со IATA правилата за живи животни

5a. Purpose of the transaction (see reverse) / Цел на трансакцијата (види позади)

5b. Security stamp N° / Безбедносна маркица бр.

6. Name, address, national seal/stamp and country of Management Authority / Име, адреса, печат и земја на надлежниот орган

**Republic of Macedonia**

**Ministry of Environment and Physical Planning**

Drezdenska 52, 100(
tel. ++389 02 3066-
fax: ++389 02 3066-
e-mail: infoeko@mc

| 7./8. SCIENTIFIC NAME (genus and species) AND COMMON NAME OF ANIMAL OR PLANT / НАУЧНО ИМЕ (ГЕН И ВИД) И ЗАЕДНИЧКО ИМЕ НА ЖИВОТНОТО ИЛИ РАСТЕНИЕТО | 9. Description of specimens, including identifying marks or numbers (age/sex if live) / Опис на примероци, вклучувајќи идентификациони ознаки и броеви (возраст/пол ако се живи) | 10. Appendix No. and source (see reverse) / Додаток број и извор (види позади) | 11. Quantity (including unit) / Количина (вклучувајќи одел) | 11a. Tota Qu Вкуп Квот |
|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **A** | 7./8. | | | 9. | | 10. | 11. | 11a. |
| | 12. Country of origin * / Земја на потекло * | Permit No. / Дозвола број | Date / Дата | 12a. Country of last re-export / Земја на последен ре-извоз | Certificate No. / Сертификат број | Date / Дата | 12b. No. of the operation ** or date of acquisition *** операција ** или датум на наб | |
| **B** | 7./8. | | | 9. | | 10. | 11. | 11a. |
| | 12. Country of origin * / Земја на потекло * | Permit No. / Дозвола број | Date / Дата | 12a. Country of last re-export / Земја на последен ре-извоз | Certificate No. / Сертификат број | Date / Дата | 12b. No. of the operation ** or date of acquisition *** операција ** или датум на наб | |
| **C** | 7./8. | | | 9. | | 10. | 11. | 11a. |
| | 12. Country of origin * / Земја на потекло * | Permit No. / Дозвола број | Date / Дата | 12a. Country of last re-export / Земја на последен ре-извоз | Certificate No. / Сертификат број | Date / Дата | 12b. No. of the operation ** or date of acquisition *** операција ** или датум на наб | |
| **D** | 7./8. | | | 9. | | 10. | 11. | 11a. |
| | 12. Country of origin * / Земја на потекло * | Permit No. / Дозвола број | Date / Дата | 12a. Country of last re-export / Земја на последен ре-извоз | Certificate No. / Сертификат број | Date / Дата | 12b. No. of the operation ** or date of acquisition *** операција ** или датум на наб | |

* Country in which the specimens were taken from the wild, bred in captivity or artificially propagated (only in case of re-export) / Земја од која примероците се земени од дивината, о кафези или вештачки размножени (само во случај на ре-извоз)

** Only for specimens of Appendix-I species bred in captivity or artificially propagated for commercial purposes / Само за примероците од Додаток-I видови кои се одгледувани во каф вештачки размножувани за комерцијални цели

*** For pre-Convention specimens / За пре-Конвенциски примероци

13. THIS PERMIT / CERTIFICATE IS ISSUED BY: / ОВАА ДОЗВОЛА / СЕРТИФИКАТ Е ИЗДАДЕНА ОД:

Place / Место — Date / Дата — Security stamp, signature and official seal / Безбедносна маркица, потпис и сл

| 14. EXPORT ENDORSEMENT: / ПОТВРДА НА ИЗВОЗОТ | 15. Bill of lading/Air Way-bill Number: / Сметка на приземјување/Број на авионска сметка | | | |
|---|---|---|---|---|

| Block/Група | Quantity/Количина | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| A | | | | | |
| B | | | | | |
| C | | | | | |
| D | | Port of Export<br>Пристаниште на извоз | Date / Дата | Signature / Потпис | Official stamp an<br>Службен печ |

## ИНСТРУКЦИИ И ПОЈАСНУВАЊА

(одговараат на бројот во формуларот)

1. Обележето го квадратчето кое одговара на видот на издадениот документ (дозвола за извоз, сертификат за ре-извоз, дозвола за увоз или друго. Ако е обележано квадратчето "друго", мора да се наведе видот на документот. Оригиналниот број е единствен број определен за секој документ од надлежните државни органи.
2. За дозволи за извоз и сертификати за реизвоз, датумот на истекувањето на документот не може да биде повеќе од шест месеци после датумот на издавање (една година за дозволи за увоз).
3. Пополнете го името и адресата на увозникот.

3а. Името на земјата треба да биде целосно напишано.

4. Пополнете го името и адресата на извозникот /реизвозникот. Името на земјата мора да биде наведено. Во случај на отсуство на потпис на апликантот, дозволата или сертификатот се неважечки.

5. Специјалните услови може да се однесуваат на националната легислатива или за специјалните услови за испораката од страна на надлежниот орган што го издава документот. Оваа точка може да се употреби и за образложување за испуштањето на одредена информација.

5а. Треба да се користат следните шифри: Т за комерцијални цели, З за зоолошки градини, Г за ботанички градини, Љ за циркуси и патувачки изложби, С за научни цели, Х за ловечки трофеи, П за лични цели, М за биомедицинско истражување, Е за едукација, Н за интродукција или реинтродукција во дивата природа и Б за одгледување во кафези или вештачко размножување.

5б. Наведете го бројот (вклучувајќи го ИСО кодот на земјата) на сигурносниот жиг ставен во точка 13.

6. Името, адресата и земјата на надлежниот државен орган што го издава документот треба да бидат отпечатени на формуларот.

7-8. Наведете го научното име (род или вид, доколку е потребно и подвидови) на животното или растението, под кое е внесено во додатоците на Конвенцијата или референтната листа, одобрена од Конференцијата на Страните и општото име на животното или растението под кое што е познато во земјата што ја издава дозволата.

**A** Растенијата кои вештачки се размножувани во согласност со (Резолуцијата 11.11 на Конференцијата, став а) како и нивни делови и деривати извезени според одредбите од член ВИИ, став 5 од Конвенцијата (примероци од видови кои се вклучени во Додатокот И и кои биле вештачки размножени за некомерцијални цели и примероци на видови вклучени во Додаток ИИ и ИИИ).

**C** Животните одгледувани во кафези во согласност со (Резолуцијата 10.16 на Конференцијата, ревидирана), како и нивни делови и деривати, извезени според одредбите на член ВИИ, став 5 од Конвенцијата (примероци на видови вклучени во Додатокот И кои се одгледани во кафези за некомерцијални цели и примероци на видови вклучени во Додатокот ИИ и ИИИ.

**F** Животни родени во кафез ($Ф_1$ или изродените генерации) кои не се опфатени со дефиницијата "одгледани во кафези" во (Резолуцијата 10.16 на Конференцијата, ревидирана), како и нивни делови и деривати.

**U** Непознат извор (мора да биде образложено)

**I** Конфискувани или одземени примероци.

11. Наведете го вкупниот број на видови или, ако тоа не е можно, количината и внесете ја употребната единица мерка ( на пример тежина во килограми). Не користете општи термини такви како "еден пакет" или "една кутија".

11а. Наведете го вкупниот број на видови извезени во тековната календарска година (вклучувајќи ги оние што се опфатени со односната дозвола) и квотата на тековната година за односните видови (на пример 500/1000). Ова треба да се направи за националните квоти како и за оние одредени од Конференцијата на Страните.

12. Земјата на потекло е земја во која видовите се земени од дивата природа, одгледани во кафези или вештачки размножени. Наведете го бројот на дозволата за извоз на земјата и датата на издавање. Ако целата информацијата или дел од неа е непозната ова треба да се образложи во точка 5. Оваа точка треба да се пополни само во случај на реизвоз.

12а. Земјата на последениот реизвоз е земјата од која видовите биле реизвезени, пред да влезат во земјата во која се издава актуелниот документ. Внесете го бројот на сертификатот за реизвоз на земјата на последниот реизвоз и датата на неговото издавање. Ако целата информацијата или дел од неа е непознат тоа треба да се образложи во точка 5. Оваа точка треба да се пополни само во случај на реизвоз за примероци кои претходно биле реизвезени.

9. Опишете ги што е можно попрецизно, примероците кои се предвидени за трговија (живи животни, кожи, парчиња месо, паричници, обувки и итн.). Ако видот е означен (ознаки, знаци за идентификација, прстени и итн) без оглед дали тоа се бара со Резолуција на Конференцијата на Страните (видови кои потекнуваат од фарми, видови кои подлежат на квоти одобрени од Конференцијата на Страните, видови од Додатокот И за видови што се одгледуваат во кафези за комерцијални цели и итн.), наведете го бројот и типот на знакот. Ако е можно треба да се наведе полот и возраста на живите животни.

10. Внесете го бројот на Додатокот од Конвенцијата (I, II i III) во кој е вклучен видот. Користете ги следните кодови за означување на изворот:

**W** Примероци земени од дивата природа

**R** Примероци кои потекнуваат од одгледување на фарма

**D** Животни од Додаток И одгледувани во кафези за комерцијални цели и растенија од Додатокот И веШтачки размножувани за комерцијални цели, како и нивни делови и деривати, извезени според одредбите од член ВИИ, став 4 од Конвенцијата.

13. Пополнува службено лице што ја издава дозволата. Името на службеното лице и неговата функција мора да се напишат целосно. Во оваа точка треба да се стави сугурносниот жиг и треба да се легализира преку печат и потпис на службеното лице што ја издава дозволата. Печатот, потписот и бројот на сигурносниот жиг мора да бидат читливи.

14. Пополнува службено лице кое врши инспекција на пратката во времето на увоз, извоз или реизвоз. Внесете ги количините на видовите кои се стварно увезени, извезени или реизвезени. Прецртајте ги неупотребените блокови.

15. Внесете го бројот на товарниот лист или авионскиот товарен лист доколку методот на транспорт бара користење на таков документ.

**Документот мора да биде напишан на еден од работните јазици на Конвенцијата (Англиски, Француски и Шпански) или мора да вклучи целосен превод на еден од овие три јазици. Извезените и реизвезените примероци не треба да стојат на ист документ, освен ако не е јасно наведено кои примероци се извезуваат, а кои се реизвезуваат.**

**ПО УПОТРЕБА ОВОЈ ДОКУМЕНТ МОРА ДА СЕ ВРАТИ КАЈ НАДЛЕЖНИОТ ОРГАН НА ЗЕМЈАТА УВОЗНИЧКА**

# Здравствена заштита
# А-5-22

## У П А Т С Т В О за примена на Закон за изменување и допонување на Законот за здравствена заштита

### I . НАДОМЕСТОЦИ КОИ СЕ НАПЛАЌАТ ПРИ УВОЗ

## А-5-22-1 Законски основ

Согласно членот член 32-а од Законот за измена и дополнување Законот за здравствена заштита (објавен во Службен весник на РМ бр. 111/2005), **пропишани се надоместоци кои ќе се наплатуваат при увоз** и истите ќе започнат да се примаенуваат од **01.01.2006 година.**

## А-5-22-2 Видови на стоки за кои ќе се наплатуваат надоместоци:

***а) увоз на тутунски производи***

## А-5-22-3 Обврзници за плаќање на надоместоците

Како обврзници за плаќање на надоместоци при увоз се увозниците (правни лица) на наведените стоки. Надоместокот го наплатува царинскиот орган при наплата на другите увозни давачки, а се уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

## А-5-22-4 Износ на надоместок кој се наплаќа при увоз

➢ Висината на надоместокот што се плаќа при увоз на тутунски преработки изнесува за:

- **за една** увезена **цигара** што содржи тутун, од тарифните броеви 2402 20 10 00 и 2402 20 90 00, **изнесува 0,25 ден/парче**
- **за една** увезена **пура или цигарилос** што содржи тутун, од тарифната ознака 2402 10 00 00, **изнесува 10ден/парче**
- **за едно** увезено **пакување на тутун за џвакање,** од тарифната ознака 2403 99 10 00 , **изнесува 15 ден/ пакување**
- **за едно** увезено **пакување на тутун за виткање и тутун за луле,** од тарифната ознака 2403 10 10 00 и 2403 10 90 00 , **изнесува 15 ден/ пакување**

## А-5-22-5 Постапки во кои се наплатувааат овие надоместоци

Надоместокот се наплатува за редовен увоз, при пуштање на стоката во слободен промет.

Наплатата на надоместокот се врши на нето тежината која мора да биде идентична со декларираната количина во единица мерка (рубрика 38=рубрика 41 на ЕЦД).

Надоместокот за наведените стоки кои се увезуваат, влегува во даночната основица за пресметување на ДДВ и истиот се наплаќа при царинење на истите, заедно со пресметаниот износ на увозните давачки, а се уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

## А-5-22-6 Начин на пополнување на рубриките во ЕЦД за увоз

Кога се пресметува и наплаќа овој надоместок, во првата колона на **рубриката 47** на ЕЦД (единствен царински документ) треба да се запише шифрата "**F35**". **Надоместокот** преставува дел од вкупниот збир на царинскиот долг искажан во ЕЦД и **се наплаќа на иста сметка** заедно **со другите давачки** кои се наплаќаат при царинењето.

При увозно царинење **надоместокот се плаќа** за производи кои се декларирани **за** редовен увоз и пуштање во слободен увоз со **шифра** за вид на постапка (рубрика 37 на ЕЦД) **"40"**

Одделението за наплата, буџет, гаранции и анализа при Централната управа, собраните средства на име на надоместок ги уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

## А-5-22-7 Враќање на уплатени надоместоци

Во случај на извоз на тутунски производи, за кои претходно се платени наведените надоместоци, обврзникот има право на враќање на уплатениот надоместок за извезената количина на производи. Барањето за враќање на платениот надоместок се поднесува до Управата за јавни приходи.

## Интелектуална сопственост (*Индустриска сопственост, авторски права и сродни права*) А-5-17

### Упатство за примена на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост

***Правна основа*** Законот за примена на царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, кој е објавен во ″ Службен весник на Р.М. број 38 од 2005 година″, ќе започне со примена по донесување на Правилникот за спроведување на царински мерки, објавен во ″ Службен весник на Р.М. број 58 од 2005 година″. Начинот на регулирање на заштита на правата од индустриска сопственост и авторските права се пропишани со: Законот за индустриска сопственост ″Службен весник на Р.М. број 47/2002, 42/2003, 09/2004 и 40/2004 година и Законот за авторски и други сродни права Службен весник на Р.М. број 47/1996, 03/1998 , 98/2002 и 04/2005 година.

Царинските мерки за заштита на правата од интелектуалана сопсвеност претставуваат една од нетарифните (нефискалните) мерки кои се применуваат при спроведување на редовните царински постапки, согласност Законот за Царинска управа и Царинскиот закон. Царинските мерки се применуваат само за стока која е ставена во некоја царинска постапка. За стока која е пуштена во слободен промет на домашен пазар надлежни се други органи, како: Државниот пазарен инспекторат, МВР, Министерството за култура и други.

### А-5-17-1 Поими

Правата од интелектуална сопственост можат да бидат: права од индустриска сопственост и авторски и други сродни права.

***Права од индустриска сопственост*** се права од интелектуални творби и економски врски од областа на индустријата и трговијата, вклучително и земјоделството. Тие се:

- трговска марка
- патент
- индустриски дизајн,
- ознака за потекло
- географска ознака

**Трговска марка** претставува знак кој може графички да се прикаже и со кој се разликува стоката на еден учесник во прометот од стоката на друг учесник во прометот. Трговската марка може да се појави во облик на: зборови, броеви, букви, слики, цртежи, комбинации на бои, тродимензионални форми, вклучително и форми на стоки или нивното пакување како и комбинација на напред сите наведени знаци.

**Патентот** претставува пронајдок во сите области на техниката и технологијата, кој е нов, содржи инветивен придонес и кој може да се применува во индустријата.

**Дизајнот** претставува нова форма на тело, слика, цртеж, контура, комбинација на бои, текстура или нивна комбинација, што може да се пренесе на одреден индустриски или занаетчиски производ или негов дел.

**Ознака за потекло** е географски назив на земја, регион или местото со кој се означува производот , кој потекнува од тоа подрачје и чиј квалитет и посебни својства се условени од географската средина и условите на тоа подрачје или регион.

**Географска ознака** е географски назив на земјата, регионот или местото со кој се означува производот чии квалитет, углед и други карактеристики можат да се препишат на географското потекло.

***Авторски и други сродни права*** опфаќаат права стекнати со создавање на авторските дела (книжевни, музички, драмски, кинематографски, фотографски, ликовни, компјутерски, аудиовизуелни и др.) кои претставуваат креативна работа, која се однесува на содржината. Други сродни права се права на изведувачи, артисти, уметници, продуценти и други сродни права. Авторот на делото е носител на авторското право со самото негово создавање.

## А-5-17-2 Превземање на дејствија од страна на царинските органи

Царинскиот орган ќе превземе соодветни дејствија согласно Законот кога постојат оправдани причини за сомневање дека со царинската стока се повредува право од интелектуалната сопственост во следните случаи кога:

- таквата стока е декларирана за пуштање во слободен промет, извоз и повторен извоз во согласност со царинските прописи

- таквата стока е откриена при контрола на стоката која се внесува во или изнесува од царинското подрачје на Р.М , која е ставена во постапка на трнзит, царинско складирање, увоз за облагородување, преработка под царинска контрола или привремен увоз или која е ставена во слободна зона или слободен склад во согласност со царинските прописи

**Овој Закон не се применува во следните случаи, за:**

- Стока заштитена со трговска марка, патент, индустриски дизајн, ознака за потекло или географска ознака, стока заштитена со авторско право, која е изработена со согласност на носителот на правото, а која без негова согласност се наоѓа во една од горе наведените царински постапки. (на пример: во случај на паралелен увоз, кога се увезува стока која не е фалсификат, а за истата како увозник се јавува правно лице кое што не е овластен дистрибутер, или увозот на овластените застапници и дистрибутери кои увезуваат стока која не е фалсификувана. Овие и други примери не се опфатени со овој закон)
- Стока од точка 1 која е изработена под услови спротивни на договорените со носителот на правото
- Стока која е дел од личниот багаж на еден патник, предмети од некомерцијална природа со мала вредност кои покрај предметите од личниот багаж ги внесува патник од странство и предмети од некомерцијална природа со мала вредност кои повремено се примаат од странство, кои се ослободуваат од плаќање на увозни давачки согласно царинските прописи, кога не постојат оправдани причини за сомневање дека таквата стока е дел од комерцијален промет.

## А-5-17-3 Стока со која се повредува право од интелектуална сопственост

***Фалсификувана стока е***

- стока, вклучувајќи го и пакувањето, на која без согласност од носителот на правото стои трговска марка идентична со важечката трговска марка регистрирана за ист вид на стока која е во важност, или која не може да се разликува во суштинските обележја од таквата трговска марка и со тоа ги повредува правата на носителот на трговската марка согласно Законот,
- секој знак од кој се состои трговската марка, вклучувајќи и лого, зборови, букви, бројки, слики, цртежи, комбинации на бои, тродимензионални форми; форми на стоката или нејзиното пакување; комбинации на напред наведените знаци; налепница, брошура, упатство за употреба или гарантен документ кои носат таков знак, дури и да се наоѓа одделен од стоката, под истите услови како во предходната алинеа
- пакување на кое стои трговска марка на фалсификувана стока, дури и да се наоѓа одделено од стоката, под истите услови како во предходната алинеа

***Пиратска стока*** која е направена, или која содржи примероци направени, без согласност на носителот на авторско право или сродно право, ако со нејзина изработка се повредува авторско

право или сродно право согласно Законот. Како пиратска стока најчест случј се пиратски ЦД-а, ДВД и друго.

***Стока со која се повредува правото на патент, индустриски дизајн, ознака на потекло или географска ознака согласно Законот***

Стока со која се повредува право од интелектуална сопственост е и секој ***калап или матрица*** посебно дизајнирани или прилагодени за изработка на таков вид на стока, доколку со употребата на таквите калапи или матрици се повредуваат правата на носителот во Република Македонија, средства, производи, компоненти или делови за избегнување или изигрување на заштита (смарт картички, декодери, компјутерски програми, системи за преметнување или друг вид на промена и слично) или на контрола на копирање.

**А-5-17-4 Носител на право од интелектуална сопственост**

Како носител на правото на интелектуална сопственост согласно Законот може да биде:

- секое домашно и странско, правно и физичко лице кое согласно закон, е носител на правото од патент, индустриски дизајн, трговска марка, ознака на потекло, географска ознака, авторско право или сродно право или
- **секое друго домашно и странско, правно и физичко лице кое има право да користи некое од правата од интелектуална сопственост од точка 1) од овој став или**
- **застапник на носителот на правото или на лицето кое има право да користи некое од правата од интелектуална сопственост.**

Поимот правно лице вклучува и здруженија чија единствена и главна цел е колективно остварување на авторски или сродни права; форми на здруженија и комори кои имаат поднесено пријава за заштита на географ ски назив, односно пријава за признавање на правото на користење на заштитен географски назив со заштитена ознака на потекло на производот или заштитена географска ознака.

**А-5-17-5** Дејствување на царинскиот орган

- ***Врз основа на поднесено барање за превземање на царински дејствија***
- ***По службена должност***

**А-5-17-5-1** ***Дејствување на царинскиот орган по поднесување на барање за превземање на мерки за заштита на права од интелектуална сопственост***

**А-5-17-5-1-2** Поднесување на барање за превземање на дејствија

Носителот на правото, согласно точката 5 од ова Упатство, може во писмена фирма да поднесе барање за заштита на интелектуалните права до Централната управа на Царинската управа-Сектор за царинско правни работи. Барањето се поднесува на пропишан образец (*Прилог бр.1*) и истото треба да ги содржи сите податоци кои се потребни за лесно препознавање на предметната стока од страна на царинските органи и тоа:

1. податоци за подносителот на барањето

2. детален технички опис на стоката со соодветни прилози

3. доказ за статусот на подносителот на барањето. Како доказ дека подносителот на барањето е носител на правото се смета:

-извод од регистарот на носителите на права за трговски марки/патент/индустриски дизајн/ознака за потекло/географска ознака, кој се води во Државниот завод за индустриска сопственост

- извод од регистарот на застапници кој се води во Државниот завод за индустриска сопственост

- извод од регистарот на корисници на правата, кој што се води во Државниот завод за индустриска сопственост или копија од друг документ со кој што се стекнува правото на користење ( договор за лиценца и друго)

- доказ за авторство или статус на носителот на правото при авторски и сродни права

Подносителот на барањето задолжително доставува изјава, која што е нотарски заверена и во која се обврзува дека ќе ја надоканди можната штета која би можела да настане за сопственикот или примачот на стоката поради превземање на царинските мерки, а за кои подоцна ќе се покаже дека биле неоправдани. Со изјавата подносителот исто така се согласува дека ќе ги поднесе и сите трошоци за чување и манипулација, вклучувај ќи ги и трошоците за ништење на стоката под царински надзор (*Прилог бр. 2).*

Носителот на правото треба исто така да ги достави сите други податоци кои ги има во врска со:
1) царинската вредност во Република Македонија на оригиналната стока;
2) локацијата на стоката или нејзиното одредиште;
3) карактеристики кои ја одликуваат пратката;
4) очекуван датум на пристигнување или поаѓање на стоката;
5) податоци за користените транспортни средства;
6) податоци за увозникот, извозникот или лицето кое ја поседува стоката;
7) земјата или земјите на производство и користените рути на пренесување;

8) техничките разлики, доколку се познати, помеѓу оригиналната стока и стоката за која постои сомневање дека е стока со која се повредува право од интелектуална сопственост.
9) тарифна ознака на оригиналната стока

Покрај наведените податоци во барањето, царинскиот орган може да побара и дополнителни податоци карактеристични за видот на предметното право на интелектуална сопственост.

Врз основа на поднесеното барање Секторот за царинско правни работи писмено го известува подносителот на барањето за прифаќање или отфрлање на истото во рок од 30 дена, од денот на прием на барањето. Во одлуката за прифаќање на барањето се определува рокот за превземање на дејствија, кој не може да биде подолг од 1 година. Царинскиот орган за обработка на барањет

о наплатува надоместок, кој го пропишува Министерот за финансии, во висисна од 5.000,00 денари. Овој износ, подносителот на барањето, е должен да го уплати на наведената жиро сметка, на образецот ПП 50, даден во (*прилог број 3*). За продолжување на рокот на примена на царинските мерки за заштита на правата од интелектулна сопственост, подносителот на барањето може да го продолжи овој рок, доколку поднесе барање за продолжување и ги подмири долговите кои евентуално би можеле да настанат. Трошоците за продолжување на рокот за наредната година изнесуваат 2.000,00 денари, согласно Правилникот за спроведување на Законот на царински мерки.

Одлуката за прифаќање на барањето или одлуката за продолжување на рокот, Секторот за царинско правни работи веднаш ја испраќа до надлежната Царинарница (до одговорниот Координатор) и ќе го извести Секторот за контрола и истраги ( *прилог 4*). Сите Царинарници повремено ќе добиваат прегледи на прифатени барања за превземање на дејствија по носители на права, вид на стока и број на одобрение со рок на важност.

Доколку барањето не ги содржи задолжителните податоци или ако истите не се целосни, Секторот за царинско правни работи со заклучок го отфрла барањето за превземање на дејствија со соодветно образложение. Против заклучокот може да се поднесе жалба во рок од 8 дена од приемот на истиот до Министерот за финансии.

## А-5-17-5-1-2 Превземање на дејствија од страна на царински орган

Кога царинската испостава при спроведување на мерките на царински надзор или контрола на стоката односно при спроведувањето на царинските постапки, ја идентификува стоката наведена во известувањето на Секторот за царинско

правни работи, дека се работи за стока за која постои оправдано сомение за повредување на право на интелектуална сопственост, го одложува пуштањето на стоката или ја задржува под córинскi надзор. За своите дејствија, царинската испостава по консултација со Координаторот од надлежната царинарница веднаш писмено по факс го известува Секторот (***прилог бр. 5***) при што со известувањето му доставува фото копии од ЕЦД, фактура или друг документ (слика, проспект и др). Царинската испостава воедно писмено го известува и декларантот или лицето кое ја поседува стоката ( ***прилог бр. 6***). Секторот за царинско правни работи писмено го известува носителот на правото и Секторот за контрола и истраги.

На барање на носителот на правото, царинскиот орган може да одобри преглед на стоката и земање на мостри исклучиво за анализа и за водење на понатамошна постапка, во согласност со важечките прописи. Земањето на мостра се врши по налог на Секторот за царинско правни работи. Еден примерок од земената мостра врз основа на записник за земена мостра се доставува до Централната Управа на Царинската Управа-Сектор за царинско правни работи, а еден примерок му се дава на барателот.

## А-5-17-5-1-3 Поедноставена постапка -уништување на стоката

Кога царинската испостава задржала стока или одложила пуштање на истата за која постојат оправдани причини за сомевање дека е стока со која се повредува правото од интелектуална сопственост, за истата може да спроведе поедноставена постапка со уништување на стоката, по добивање на известување за уништување на стоката од страна на Секторот за царинско правни работи, врз основа на кое надлежната Царинараница ќе донесе **Решение за уништување** на предметната стока, согласно членот 11 од Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост ( ***Прилог 7***). Уништувањето на стоката под царински надзор може да се изврши без да се утврди дали некое право од интелектуална сопственост било повредено, ако носителот на правото писмено го извести Секторот за царинско правни работи во рок од 10 работни дена или 3 работни дена за лесно расиплива стока, од приемот на известувањето за задржување на стоката и при тоа и достави **писмена согласност за отстапување за уништување на стоката** од декларантот, лицето кое ја поседува стоката или сопственикот на стоката ***( Прилог 8.)*** **Уништувањето на стоката се врши на трошок и на одговорност на носителот на правото во согласност со царинските прописи за уништување на стоката под царински надзор**. Царинската испостава која ќе изврши уништење на стоката е должна да состави записник и да земе мостра која ја чува во согласност со царинските прописи и истата ќе се користи како доказ.

Во случаите кога не е доставена писмена согласност за отстапување на стоката за уништување во пропишаниот рок, Секторот за царинско правни работи писмено ќе ја извести царинската испостава за пуштање на стоката во одобрената царинска постапка, доколку се завршени сите царински формалности и доколку тоа не е во спротивност со прописите за забрани и ограничувања.

### A-5-17-5-1-4 Задржување на стоката до добивање на одлука од надлежен суд

По привременото задржување на стоката, носителот на правото, застапникот или корисникот на правото е должен во рок од 10 работни дена или 3 работни дена за лесно расиплива стока, да и достави доказ (тужба) од надлежен суд, дека е започната постапка за утврдување на повреда на право од интелектуална сопственост на Централната Управа на Царинската Управа- Сектор за царинско правни работи.

По добивањето на соодветниот доказ Секторот за царинско правни работи писмено ја известува царинската испостава за одложување на пуштање на стоката се додека надлежниот судски орган не се произнесе за стоката. Рокот од 10 работни дена за поднесување на доказ може во определени случаи да се продолжи за уште 10 работни дена, меѓутоа за лесно расиплива стока продолжување на рокот не е е дозволено.

### A-5-17-5-2 Дејтвување *на царинскиот орган по службена должност*

Кога царинската испостава при спроведување на мерки на царински надзор или контрола на стоката односно при спроведување на царинската постапка, а пред поднесување на било какво барање на носителот на правото или неговиот застапник, утврди дека постојат оправдани причини за сомневање дека со преметната стока се повредува право од интелектуална сопственост испостава, царинската испостава по консултација со Координаторот од надлежната царинарница, го одложува пуштањето на стоката или истата ја задржува. За своите дејствија, царинската испостава веднаш писмено по факс го известува Секторот за царинско правни работи (***прилог бр. 5***) и притоа со известувањето му доставува фото копија од ЕЦД и фактура или друг документ (слика, проспект и сл).Секторот за царинско правни работи ќе го извести Секторот за контрола и истраги. Секторот за царинско правни работи писмено го известува носителот на правото дека доколку тој во рок од 3 работни дена не поднесе барање за превземање на дејства, согласно членот 6 од истоимениот закон, ќе се одобри пуштање на стоката или нејзиното задржување престанува, под услов да

се завршени сите карински формалности и доколку тоа не е во спротивност со прописите за забрани и ограничувања.

Доколку во рок од 3 работни дена, носителот на правото, застапникот или корисникот на правото поднесе барање за превземање на дејствија до Секторот за царинско правни работи со стоката се постапува како што е наведено во делот *И. Дејствување на царинскиот орган по поднесување на барање за превземање на мерки за заштита на права од интелектуална сопственост.*

## А-5-17-6 Постапување со стока за која е утврдено дека повредува право од интелектуална сопственост

За стока за која по спроведената постапка од страна на надлежниот суд е утврдено дека повредува право од интелектуална сопственост, истата не смее да се:

- внесе во царинско подрачје на Република Македонија
- пушти во слободен промет
- изнесе од царинското подрачје на Република Македонија
- извезе
- повторно извезе
- стави во одложувачка постапка или
- внесе во слободна зона или слободен склад

## А-5-17-7 Одговорност на царинскиот орган

Прифаќањето на барањето не му дава право на надомест на штета на носителот на правото, застапникот или корисникот на правото, кога царинскиот орган не открил стока со која се повредува право од интелектуална сопственост, била пуштена или не била задржана.

Спроведувањето на надлежностите и превземените дејствија од страна на царинскиот орган, не предизвикуваат негова одговорност за надомест на штета предизвикана на лицата вклучени во предметната постапка.

## А-5-17-8 Одговорност на подносителот на барањето за превземање на дејства

Носителот на правото, застапникот или корисникот на правото се должни да ја известат Централната Управа на Царинската Управа за престанок на нивното право на интелектуална сопственост.

Тие се должни да соработуваат со Централната Управа на Царинската Управа во делот на обезбедување на сите релевантни податоци во врска со стоката со која се повредува право од

интелектуална сопственост, да обезбедат техничка и административна помош за спроведување на царинските мерки.

## А-5-17-9 Казнени одредби

Со овој закон предвидени се казнени одредби - прекршоци со парична казна за:

- правното лице и одговорното лице во правното лице
- физичкото лице ако:

- веднаш не ја извести Царинската Управа за престанок на неговото право

- добиените податоци од царинскиот орган ги употреби надвор од постапката и целите за утврдување на повреда на правото од индустриска сопственост

- внесе, пушти во слободен промет, изнесе, извезе, повторно извезе, стави во одложувачка постапка или внесе во слободна зона или слободен склад стока за која во предходно завршената постапка е утвредено дека го повредува правото од интелектуална сопственот

Прилози: 7

ПРИЛОГ БР.1

**БАРАЊЕ ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА**

<table>
<tr>
<td>

**1. Ден на прием на барањето за превземање на дејствија од страна на Централната управа на Царинската управа**

ден/месец/година [ ]/[ ]/[ ]

**3.Податоци за барателот**

( т.е носителот на правото согласно член 3 точка 3 од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост)

</td>
<td>

ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА ОД СТРАНА НА ЦАРИНСКИТЕ ОРГАНИ**

согласно со член 6 став 1 од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост

</td>
</tr>
<tr>
<td>

**Назив / Име:**

**Функција**:

**Адреса**:

**Место:**

**Поштенски фах:**

**Земја:**

**Даночен бр./ Матичен бр. :**

**Тел.:**

**Мобилен телефонски бр.:**

**Факс:**

**е-пошта (адреса):**

**Интернет адреса:**

</td>
<td>

**2. Име и адреса на надлежниот орган кај кој е поднесено барањето**

**ЦЕНТРАЛНА УПРАВА НА ЦАРИНСКА УПРАВА**

**ул. Лазар Личеноски бр.13**

**СКОПЈЕ**

</td>
</tr>
<tr>
<td colspan="2">

**4. Статус на барателот** ( согласно член 3 точка (3) од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост) (1):

[ ] Носител на право (*) [ ] Застапник на носителот на правото(*)

</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| ☐ Овластен корисник на правото (*) ☐ Застапник на овластениот корисник(*) | |
| **5. Видот на право на кое се однесува барањето**[(1)]:<br>☐ Трговска марка ☐ Право на дизајн<br>☐ Авторско право или сродно право ☐ Патент<br>☐ Дополнителен сертификат за заштита ☐ Заштитена ознака на потекло<br>☐ Заштитена географска ознака<br>☐ Географски ознаки на алкохолни пијалоци | |
| **6. Име и адреса на лицето за контакт** (административни работи) | **7. Име и адреса на лицето за контакт** (технички работи) |
| | |
| Телефон:<br><br>Мобилен телефон:<br><br>Факс:<br><br>е-пошта (адреса):<br><br>Интернет адреса: | Телефон:<br><br>Мобилен телефон:<br><br>Факс:<br><br>е-пошта (адреса):<br><br>Интернет адреса: |
| **8. Приложувам суштински технички податоци за оригиналната стока**:<br>☐ Број на приложени документи [(2)] ☐ Број на приложени фотографии [(2)] | |
| **9. Приложувам специфични информации за видот или шемата на измамата:**<br>☐ Број на приложени документи [(2)] ☐ Број на приложени фотографии[(2)] | |
| **10. Приложувам документ(и) како доказ дека барателот е носител на правото за предметната стока согласно член 3 точка 3 од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост** | **11. Ја приложувам изјавата за превземање одговорност согласно член 7 од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост со која се обврзувам дека преземам одговорност во ситуациите** |

| | |
|---|---|
| ☐ Број на приложени документи (2) | **изложени во тој член (*):**<br>☐ Приложена изјава за превземање одговорност |

**12. Секоја друга информација која ја поседува носителот на правото, на пример**:

| | |
|---|---|
| Земја или земји на производство | Бр.на приложени документи (2) ☐ |
| Локација на стоката или нејзино одредиште | Бр.на приложени документи (2) ☐ |
| Очекуван датум на пристигнување или поаѓање | Бр.на приложени документи (2) ☐ |
| Податоци за користените транспортни средства | Бр.на приложени документи (2) ☐ |
| Податоци за увозникот,извозникот или лицето | Бр.на приложени документи (2) ☐ |
| Карактеристики кои ја одликуваат пратката | Бр.на приложени документи (2) ☐ |
| Тарифна ознака на оргиналната стока | Бр.на приложени документи (2) ☐ |
| Технички разлики помеѓу оригиналната и сомнителната стока: | Бр.на приложени документи (2) ☐ |
| Други корисни информации | Бр.на приложени документи (2) ☐ |

**13. Ден на поднесување на барањето:**

Ден на негово изготвување Место: Потпис и печат на барателот(**)

Ден/месец/година: ☐☐☐ ☐ ☐

(*) Види Рубрика 10

(**) Доколку барателот е застапник на носителот на правото, тој мора да обезбеди доказ дека е овластен за застапување на носителот на правото.

(1) Означи ја/ги соодветната рубрика/рубрики.

(2) Внеси го соодветниот број, доколку нема прилози, внеси "0".

**14. ПОПОЛНУВА ЦАРИНСКОТ ОРГАН**

☐ Барањето е одобрено Регистарски бр.:

Датум: ден/месец/година: ☐☐☐ Потпис и печат

Место:

☐ **Барањето важи до:** ☐☐☐

Секое барање за продолжување на рокот за важност треба да се испрати до надлежниот орган од Рубрика 2, најмалку 30 работни дена пред истекот на важноста на барањето.

☐ **Барањето е отфрлено**

Приложени се: заклучок за отфрлање со соодветно образложение и информации за постапката за поднесување на жалба.

Ден: ден/месец/година: ☐☐☐ Потпис и печат

Место:

ПРИЛОГ 2

# И З Ј А В А

## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ ОДГОВОРНОСТ

Јас, долупотпишаниот _______________________________________________ со МБ__________________, л.к. број _____________, издадена од __________________, како одговорно лице на правното лице носител на право согласно член 3 точка (3) од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост (Службен весник на Република Македонија број 38/2005) (во понатамошниот текст Законот) потврдено со приложените документи, преземам обврска во согласност со член 7 од Законот да преземам одговорност кон лицата засегнати согласно член 1 став (1) од Законот, во случај на прекинување на постапка, поради дејствие или неисполнување од моја страна или во случај дополнително да се утврди дека засегнатата стока не повредува право од интелектуална сопственост.

Со ова преземам обврска за плаќање на сите трошоци настанати согласно член 10 и член 11 од Законот, за чување на стоката под царинска надзор, вклучувајќи ги трошоците настанати со уништување на стоката која повредува право од интелектуална сопственост.

Со ова преземам обврска да ја известам Централната управа на Царинската управа за секоја промена или губење на моите права од интелектуална сопственост. Истотака потврдувам дека сум запознаен со одредбите од член 12 од Законот поврзани со употребата на добиените податоци од страна на Централната управа на Царинската управа.

Изготвено во_____________

Датум : _________________

Прилог 4

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИ
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Ц Е Н Т Р А Л Н А   У П Р А В А**

Лазар Личеноски 13, 1000 Скопје
тел. 02/3116 188, факс 02/3237 832
cu@customs.gov.mk

Број: 07- __________________

Датум: __________________

**ДО**

**Царинарница________________**

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Носителот на правото/застапник/корисник на правото од интелектуална сопственост на ден_____________ поднесе барање бр. _________________за превземање на дејствија за заштита на право од интелектуална сопственост до Централната Управа на Царинската Управа на Република Македонија.

Барањето за превземање на дејствија се однесува за следното право:

- ☐ трговска марка ____________________________________________
- ☐ патент ____________________________________________
- ☐ дизајн ____________________________________________
- ☐ ознака за потекло ____________________________________________
- ☐ географска ознака ____________________________________________
- ☐ авторско право или сродно право______________________________

Централната Упрва на Царинска Управа по разгледување на предметното барање го прифати и истото го регистрира со број _________________________,кое е со важност до ______________________.

Предметното барање се однесува за заштита на следната стока:__________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
____________________________

**Прилог бр. 5**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ЦАРИНАРНИЦА _________________**
**Ц.И. ___________________________**

Број: ________________

Датум: __________________

**До**
**Централна Управа на Царинска Управа**

**И З В Е С Т У В А Њ Е**

☐ Дејствување на царинскиот орган врз основа на поднесено барање за превземање на дејтва, одлука бр. ________________________

☐ Дејствување на царинскиот орган по службена должност

ЕЦД бр.______________ и фактура бр. ________________________, вид на стока_________________, марка _______________________, со тарифна ознака ____________________, пријавена за ________________ на увозникот ____________________________декларант______________________________,

предметната стока е сместена во царински марацин/складиште_____________________

Поради основано сомнение дека со предметната стока се повредува право од интелектуална сопственост истата привремено се задржува.

Поради тоа што утврдивме дека предметната стока ги има следните карактеристики:

______________________________________________________________________________
________________________________________________________Причини поради кои се сомневаме дека истата е:

☐ фалсификувана стока

☐ пиратска стока

☐ друг вид на стока

се:____________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
_____________

Прилог: фото копија од ЕЦД, фактура,(друго: слика, проспект, цртреж.....)

**Датум :** **Потпис/ печат/ факсимил**

*Прилог бр. 6*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЦАРИНАРНИЦА___________________
ЦИ_______________________________
Број______________________________
Датум:____________________________

ДО

______________________

______________________

Согласно член 10 став 2 од Царинскиот закон и член 10 став 2 од Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, донесува

**И З В Е С Т У В А Њ Е**

На ден __________________ во ЦИ________________ увозникот_______________________ преку шпедицијата ______________________ со ЕЦД___________________ ја пријавил за царинење следнава стока:______________________________________________________ во количина од ___________________________.

Поради основано сомнение дека предметната стока е стока со која се повредува право од интелектуална сопственост, царинскиот орган го одлага нејзиното пуштање и истата ја задржува под царински надзор во царинското складиште/магацин ______________________.

Со предметната стока може да се постапи на два начини:

- да се спроведе поедноставена постапка, за која Вие и носителот на правото ќе се согласите дека стоката која е предмет на постапка е стока со која се повредува право од интелектуална сопственост и писмено го известите царинскиот орган дека истата ја отстапувате за уништување. Во овој случај царинскиот орган може да ја уништи стоката под царински надзор, без да се утврди дали со стоката било повредено некое право од интелектуална сопственост, согласност член 11 од Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост.
- доколку носителот на правото ја извести Централната Управа на Царинската Управа дека е започната постапка за утврдување дали е повредено правото од интелектуална сопственост со поднесување соодветен доказ од надлежен суд, царинскиот орган ја задржува предметната стока се додека судот не се произнесе за стоката, согласно член 14 од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост.

Доколку не се постапи на ниту еден од наведените начини, царинскиот орган ќе ја пушти стоката во одобрената царинска постапка, доколку се завршени сите царински формалности и доколку тоа не е спротивно со прописите на забрани и ограничувања.

**Ш е ф**

____________________

***Прилог бр. 7***

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Ц А Р И Н А Р Н И Ц А** _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Лазар Личеноски 13, 1000 Ск
тел. 02/3116 188, факс 02/3237 832
cu@customs.gov.mk

Број: 07- __________________

Датум: __________________

*Царинарницата _____________________ решавај ќи по барањето на носителот на правото ______________________________ од ______________ со седиште на ул:________________________________ за заштита на права од интелектуална сопственост, надлежна врз основа на член 10 став 2 од Царинскиот закон и член 11 од Законот за царинските мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, донесува*

# Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УНИШТУВА** стоката пријавена со ЕЦД________ од ________ на ЦИ __________ и тоа: количина_______________, со тарифна ознака______________, а во вредност од ___________ .

Жалбата не го одложува извршувањето на ова решение.

## О б р а з л о ж е н и е

Носителот на правото/корисникот или застапникот_____________________, поднесе писмено известување бр._________од __________до Централната Управа на Царинската Управа -Сектор за царинско правни работи, во кое е приложена писмена согласност од декларантот, лицето кое ја поседува стоката или сопственикот на стоката, нотарски заверена, за отстапување за уништување на стоката.

Врз основа на поднесеното писмено известување и писмената согласност, а согласно член 11 став од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, царинскиот орган ќе спроведе поедноставена постапка, со која ќе се уништи стоката под царински надзор, без да се утврди дали некое право од интелектуална сопственост е повредено. Уништувањето ќе го изврши царинскиот орган______________________ и за истото ќе биде сочинет записник.

Уништувањето се врши на трошок и на одговорност на носителот на правото, во согласност со царинските прописи за уништување на стока под царински надзор и при тоа е проследено со земање на мостри кои царинскиот орган___________________________ ќе ги чува во согласност со царинските прописи и кои можат да се кристат како докази.

Царинскиот орган не одговара за штетите кои можат да произлезат од уништувањето на стоката во согласност со член 11 став 2 од Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерот за финансии во рок од 8 дена од денот на доставување на решението. Жалбата се поднесува преку оваа Царинарница, и истата треба да биде таксирана со 250,00 денари административна такса од Тар.бр.2 од ТАТ.

Такса од Тар.бр.1 и 72/4 од ТАТ во износ од 250,00 денари е наплатена.

**Управник**

____________________

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА

***Рубрика 3*:** Се пополнува Назив / Име, адреса и својство во кое се јавува барателот. Согласно член 3 точка 3 од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, барателот може да е и самиот носител на правото, лице кое има право да користи право од интелектуална сопственост или назначен застапник.

***Рубрика 4:*** Се означува соодветното поле во однос на статусот на барателот.

***Рубрика 5*:** Се означува соодветното поле во однос на видот на правото за кое се однесува барањето за превземање на дејствие.

***Рубрика 6 и 7:*** Во рубриката 6 се запишуваат податоци за лицето за контакт на барателот кое ги извршува административните работи. Рубриката 7 е за податоци за лицето кое би било одговорно за контактирање со царинските органи за разгледување на техничките податоци за задржаната стока.

***Рубрика 8, 9 и 12:*** Рубриката 8 се употребува за прецизни и практични информации кои ќе им овозможат на царинските органи брзо и коректно да ја идентификуваат автентичната стока. Рубриката 9 се употребува за било која информација која имателот на правото ја има, а се однесува за видот или начинот на вршење на измамата (фотографии, документи и т.н.). Информацијата треба да е што е можно подетална за да можат царинските органи да ги идентификуваат сомнителните пратки на едноставен начин и ефикасно со користење на анализата на ризик. Рубриката 12 се употребува за различни видови на информации кои на царинскиот орган ќе му овозможат да ги подобри разузнавачките информации за производите и начините на вршење на измамата. Може да се обезбедат и дополнителни корисни податоци како што се: вредноста пред одданочување на легалната стока, локацијата на стоката или нивната планирана дестинација, податоци кои ја идентификуваат пратката или пакетите, планираниот ден на пристигнување или заминување на стоката, користеното транспортно средство, идентитетот на увозникот, извозникот или лицето кое ја поседува стоката и слично.

***Рубрика 11*:** Се употребува од лицето кое ја пополнува рубриката бр. 3 од Барањето за превземање на дејствија кое ги обезбедува и документите предвидени во рубрика 11 од Барањето за превземање на дејствија.

***Рубрика 13*:** Со потпишување на оваа рубрика, носителот на правото потврдува дека ги прифаќа условите на Законот и своите обврски.

## ЗАБЕЛЕШКИ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА

### *1. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРАВАТА И МОЖНОСТА НА ДЕЈСТВУВАЊЕ*

- Кога носителот на правото лично го поднесува барањето:

- за право кое е регистрирано право или за кое е поднесено барање, задолжително е поднесување на доказ за регистација кај надлежен орган или доказ дека барањето е поднесено,

- за авторско право, сродно право или право на индустриски дизајн кое не е регистрирано или за кое не е поднесено барање, задолжително е поднесување доказ за авторство или за статус на барателот како првобитен носител.

- Кога барањето го поднесува друго домашно и странско, правно и физичко лице кое има право да користи некое од правата од член 3 точка 3 подточка 2 од Законот, како дополнение на доказот од претходната точката а), задолжително е поднесување на документ со кој лицето стекнува право на користење на предметното право.
- Кога застапник на носителот на правото или застапник на друго домашно и странско, правно и физичко лице има право да користи некое од правата од член 3 точка 3 подточка 2 од Законот, како дополнение на доказот кој се бара под претходните точките а) и б) задолжително се поднесува и документ со кој му се одобрува да делува како застапник.

**Лицето, домашно и странско, правно и физичко, кое ја пополнува рубриката бр. 3 од Барањето за превземање на дејствија, мора, во сите случаи, да биде тоа кое ќе ги обезбеди документите предвидени во рубрика 11 од Барањето за превземање на дејствија.**

- Рубриката 5 ги содржи сите географски ознаки. Заштитен географски назив со заштитена ознака на потекло на производот или заштитена географска ознака се официјалните ознаки согласно прописите. Индивидуални производители како и група на производители можат да поднесат барање.

- Кога се поднесува барање, за заштитен географски назив со заштитена ознака на потекло на производот или заштитена географска ознака потребно е доставување на регистрација и спецификации.

## *2. СОДРЖИНА НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА*

Барање за превземање на дејствија може да се користи од страна на носителот на правото, како превентивна мерка, кога тој има причина да верува дека неговото право или права од интелектуална сопственост се повредени или има причини за сомневање дека ќе бидат повредени. Барањето мора да ги содржи сите податоци потребни за стоката да може да биде веднаш препознатлива за царинските органи, а особено:

- прецизен и детален технички опис на стоката,
- секоја специфична информација која ја поседува носителот на правото за видот или начинот на вршење на измамата,
- името и адресата на лицето за контакт определено од страна на носителот на правото,
- дејството кое барателот треба да го преземе согласно член 7 од Законот и доказ дека барателот е носител на правото за предметната стока.

Носителите на правото задолжително мора да го вратат доказот за прием на известувањето кое им е упатено од страна на царинската служба, согласно членовите 5 (постапување по службена должност, ex-officio) и 10 од Законот. Тоа мора да се направи веднаш по приемот на ова известување. Роковите (три до 10 работни дена) почнуваат од моментот на прием на известувањето. Задолжително е носителот на правото, веднаш откако ќе биде известен од царинскиот орган, без одлагање да го потврди приемот на известувањето.

Согласно член 3 точка 4 од Законот, "работен ден" е работен ден на Централната управа на Царинската управа. При пресметувањето на работните денови согласно членовите 5 и 13 од Законот, мора да се земе

предвид фактот дека денот на приемот на известувањето не се засметува во во пропишаните рокови. Роковите кои се земаат предвид во смисла на Законот почнуваат да се пресметуваат од денот по приемот на известувањето.

### *3. ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА*

Носителот на правото мора да го поднесе барањето за превземање на дејствија кај Централната управа на Царинската управа од рубрика 2 од образецот. По прием на барањето, Централната управа на Царинската управа го обработува и го известува барателот во писмена форма за својата одлука во рок од 30 работни дена. Доколку органот го одбие барањето со образложена одлука, барателот има право на жалба. Рокот во кој царинските органи преземаат акција е една година, со продолжување од по една година.

### *4. ОБЈАСНУВАЊЕ НА ГЛАВНИТЕ РУБРИКИ КОИ ГИ ПОПОЛНУВА БАРАТЕЛОТ*

***Рубрика 3*:** Назив / Име, адреса и својство во кое се јавува барателот. Согласно член 3 точка 3, барателот може да е и самиот носител на правото, лице кое има право да користи право од интелектуална сопственост или назначен застапник.

***Рубрика 4****:* Статус на барателот. Означи ја соодветната рубрика.

***Рубрика 5*:** Видот на правото за кое се однесува барањето за превземање на дејствие.

***Рубрика 6 и 7:*** Во рубриката 6 се запишуваат податоци за лицето за контакт на барателот кое ги извршува административните работи. Рубриката 7 е за податоци за лицето кое би било одговорно за контактирање со царинските органи за разгледување на техничките податоци за задржаната стока. Лицето мора да е лесно и брзо достапно.

***Рубрика 8, 9 и 12****:* Рубриката 8 е за прецизни и практични информации кои ќе им овозможат на царинските органи брзо да ја идентификуваат автентичната стока коректно и за било која информација која имателот на

правото ја има, а се однесува за видот или начинот на вршење на измамата (фотографии, документи и т.н.).

Информацијата треба да е што е можно подетална за да можат царинските органи да ги идентификуваат сомнителните пратки на едноставен начин и ефикасно со користење на анализата на ризик.

Во овие рубрики треба да се запишуваат различни видови на информации кои на царинскиот орган ќе му овозможат да ги подобри разузнавачките информации за производите и начинит на вршење на измамата. Може да се обезбедат и дополнителни корисни податоци како што се: вредноста пред одданочување на легалната стока, локацијата на стоката или нивната планирана дестинација, податоци кои ја идентификуваат пратката или пакетите, планираниот ден на пристигнување или заминување на стоката, користеното транспортно средство, идентитетот на увозникот, извозникот или лицето кое ја поседува стоката.

***Рубрика 11:*** Лицето, домашно и странско, правно и физичко, кое ја пополнува рубриката бр. 3 од Барањето за превземање на дејствија, мора, во сите случаи, да биде тоа кое ќе ги обезбеди документите предвидени во рубрика 11 од Барањето за превземање на дејствија.

***Рубрика 13:*** Со потпишување на оваа рубрика, носителот на правото потврдува дека ги прифаќа условите на Законот и своите обврски.

ПРИЛОГ БР 3

НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА

**НАЛОГОДАВАЧ**

НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА
Приходи по основ на поднесено
барање за превземање дејства

ПОТПИС

**ПРИМАЧ**

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ
Царинска управа
на РМ

БАНКА НА ПРИМАЧОТ
НБРМ

СМЕТКА
100000000063095

ИЗНОС
МКД

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК: 0900300175
ЕДИНКА КОРИСНИК: 631 14

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА: 725939 20

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА
Скопје

образец ПП50

## Злато и благородни метали А-5-19

**А-5-19-1** *Внесување и изнесување на монетарно злато и пригодни ковани пари*

Монетарно злато ( е злато што е предмет на монетарни резерви на земјата, кое не може да биде предмет на купопродажба и истото може да биде во различни форми како на пример: златни шипки, полуги или гранули) во Република Македонија може да внесе и изнесе само Народна Банка на Република Македонија**, врз основа на ПОТВРДА издадена од овластенао лице на Народна банка на Република Македонија.**

Пригодни ковани пари издадени во Р.Македонија резиденти и нерезиденти можат да ги внесуаат во Р.Македонија **без ограничување, меѓутоа истите СЕ ДОЛЖНИ да ги пријават на надлежниот царински орган.**

Пригодни ковани пари се изработуваат за одредени јубилеи и истите се искованi од различни материјали како: злато, сребро, посебни легури за ковани пари во оптек или нумизматика. Златните ковани пригодни монети се изготвуваат врз основа на Одлука на Влада на РМ. Пригодните ковани монети ги издава Народна банка на Р.М. и истите можеда се ги продаваат на колекционери во земјата или странство или на деловните банки за понатамошна продажба. Изнесувањето на пригодни ковани пари од земјата може да се врши само со сметка на овластен продавач за нивно купување во Р. Македонија - Народна Банка или деловни банки во земјата, односно врз основа на издадена потврда од царински орган, доколку истите биле предходно внесени во земјата и пријавени при нивното внесување во земјата.

Сите постари нумизматички примероци на стари ковани монети може да се изнесат од земјата само врз основа на одобрение издадено од Министерството за култура во соработка со музеите на Р.Македонија.

**А-5-19-2** При увоз на злато, сребро, платина или други благородни метали, во необработена состојба(полупроизводи, необработено или во прав) со исклучкок на монетарно, потребна согласност/ дозвола од Министертво за економија.

## Културно наследство
## А-5-20

*Правен основ* Законот за заштита на културното наследство, објавен е во " Службен весник на Република Македонија" број 20/2004 година, кој започна со примена од 01.01.2005 година.

Законот за заштита на културното наследство ги определува видовите, категориите и идентификација на културното наследство, режимот на заштита, правата и обврските на правните и физички лица, надлежностите и надзорот за примена на овој закон.

### А-5-20-1 Поим

Под ***културно наследство*** се сметаат материјалните и нематеријалните добра кои имаат културно, уметничко, археолошко, етнолошко и друго историско значење, кои заради нивната заштита и користење се наоѓаат под правен режим.

### А-5-20-2 Поделба на културното наследство

Културното наследство се дели на: **недвижно, движно и духовно.**

**Од царински аспект посебно внимание треба да се обрне на ДВИЖНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО.**

Во категорија на движно културно наследство спаѓаат:
-***археолошки предмети*** (ископани од земја или извадени од вода кои потекнуваат од определен период);
-***етнолошки предмети*** (предмети кои сведочат за начинот на живеење, традицијата, обичаите и сл.);
-***историски предмети*** (кои потекнуваат од определени историски настани или ги користеле историски личности, како и стари монети -пари);
-***уметнички предмети*** (слики, цртежи, скулптури, бакрорези, гравури и други уметнички композиции);
-***технички предмети*** (машини, алати, инструменти, опрема и сл. кои потекнуваат од одредена етапа на технички прогрес);
-***архивска граѓа ;***
-***библиотечни добра*** (стари ракописи настанати до крајот на XIX век, стари и ретки книги и други публикации );
-***кинотечни добра*** (снимени конематографски дела, филмови-цртани, документарни, научно-популарни и др.) и
-***фонотечни добра*** (снимени звуци односно оригинални музички и друг вид на звучни записи).

Движното културно наследство според степенот на неговата заштита може да биде:
**- незаштитено културно наследство**

**- заштитено културно наследство, односно културно наследство под режим на забрана.**

## А-5-20-3 Надлежен орган за заштита

Надлежен орган за заштита на културното наследство е Министерството за култура-**Управа за заштита на културното наследство**, која при извоз или привремено изнесување на овој вид стоки, ги издава следните документи :

**I. за незаштитени добра**:
-Уверение за извоз на незаштитени добра *(Прилог бр. 1);*
-Уверениеза привремено изнесување на незаштитени добра (*Прилог бр. 2)* .

**II. за заштитени добра:**
-Одобрение за извоз на заштитени добра (*(Прилог бр. 3);*
-Одобрение за привремено изнесување на заштитени добра (*Прилог бр. 4)*

**-Решение за забрана за извоз на заштитено културно добро**

**Составен дел на овие документи ќе биде ЗАДОЛЖИТЕЛНА ЗАВЕРЕНА ФОТО ДОКУМЕНТАЦИЈА** издадена од Управата за заштита на културното наследство.
Горенаведените документи се издаваат во четири примероци: 2 примерока се доставуваат за странката (едниот примерок е наменет за странката, другиот кој е **посебно означен за царинскиот орган**), а другите 2 примерока се наменети за Управата за заштита на културното наследство.
Надлежен орган за заштита на архивската граѓа е **Државниот архив на Република Македонија**.

## А-5-20-4- Исклучоци за кои не важат одредбите од Законот за заштита на културно наследство

Посебна категорија на стоки кои **немаат карактер на антиквитет, односно културно наследство** представуваат **сувенирите**. За овој вид на стоки **извозот или изнесувањето е слободно, односно не подлежат под режим на издавање на Уверенија за извоз или изнесување.**

Извозот или изнесувањето на **репродукции - копии на музејски експонати** (антиквитети и други музејски предмети), е слободен односно не е под режим на издавање на Уверенија за извоз или изнесување. Извозот односно ознесувањето на вакви предмети е можно со соодветен **серификат** *( прилог бр. 5)* со кој се потврдува копијата, потеклото на оригиналниот предмет и институцијата

која што го издала (музеите или другите институции, кои имаат право да ги произведуваат).

Идентификацијата на предметите што претставуваат различни сувенири или репродукции треба да се базира на видливи физички својства кои овие новосоздадени предмети ги разликуваат од антиквитети и оригинални уметнички предмети

## А-5-20-5 Контакт со Управата за заштита на културно наследство

***Заради ефикасна контрола, а воедно и непречен и брз проток на стоки и партници на граничните царински испостави, договорена е стручна помош и консултација со контакт лица од Управата за заштита на културното наследство . Во случај кога царинскиот службеник неможе да утврди дали се работи за сувенир, репродукција или оригинално уметничко дело, заради дополнителни консултации со стручни лица од Управата за заштита на културно наслетство, во било кој период од работното време може телефонски да се обрати преку ДОЦ службата на Царинската Управа, која ќе биде задолжена да стапи во контаткт со задолжените лица од Управата за заштита на културното наследство.**

## А-5-20-6 Постапка на извоз или привремено изнесување на движно културно наследство

Движно културно наследство може привремено да се изнесе заради излагање, конзервација и други цели, од страна на правно или физичко лице врз основа на Уверение /Одобрение за привремено изнесување, при што по определен временски рок истото треба да се врати во земјата.

## А-5-20-6 а) Извоз или привремено изнесување на културни добра во постапка на патнички промет

Патникот (физичкото лице) може да врши извоз или привремено изнесување на културно добро врз основа на соодветно **Уверение / Одобрение за извоз или привремено изнесување**, со прилог на заверена фото документација на културното добро, со усмена декларација на излезната гранична царинска испостава или со АТА карнет.

Патникот на царинскиот службеник на излезната царинска испостава треба да му ги стави на увид двата примерока од соодветниот документ, заедно со предметната стока.

Царинскиот службеник на двата примерока **задолжително** го става датумот на излез, потпис, факсимил и службениот печат на испоставата. Заверениот примерок на соодветното Уверение / Одобрение за извоз или привремено изнесување, заедно со

прилогот на заверена фото документација, наменето за странката се враќа на патникот. Кога патникот (физичкото лице) ќе се врати во земјата овој заверен документ ќе претставува доказ дека предметната стока била привремено изнесена, односно истиот ќе служи како потврда за истоветност (идентичност) на стоката, согласно ќе Упатството бр. 02-266/1 од 24.01.2001 година.

Царинскиот службеник го задржува примерокот наменет за царинскиот орган и го одложува редоследно во посебен регистар што се води во испоставата.

## А-5-20-6 б) Извоз или привремено изнесување на културни добра во постапка на стоково царинење

Правните или физички лица можат да вршат извоз или привремено изнесување на културни добра врз основа на соодветно **Уверение / Одобрение за извоз или привремен извоз** со прилог на заверена фото документација на движното добро, со ЕЦД за извоз / ЕЦД за привремен извоз според постапката за извозно царинење во внатрешна царинска испостава или со АТА карнет на гранична царинска испостава.

Правните или физички лица на царинскиот службеник во извозната царинска испостава или на граничната царинска испостава ( ако се користи АТА карнет) **треба** да му ги стави на увид двата примерока од соодветниот документ, заедно со предметната стока.

Царинскиот службеник на двата примерока **задолжително** го става бројот и датумот на извозната декларација или АТА карнетот, потпис, факсимил и службениот печат на испоставата. Заверениот примерок на соодветното Уверение / Одобрение за извоз или привремено изнесување, заедно со прилогот на заверена фото документација, се враќа на странката.

Примерокот наменет за царинскиот орган се задржува во ЕЦД-то за извоз или привремен извоз во царинската испостава за извоз или на граничната царинска испостава (ако се користи АТА карнет) .

Царинските службеници треба да обрнат поголемо внимание при контролата во случаите **на извоз или изнесување на заштитените културни добра** кои **можат да се извезуваат или привремено да се изнесуваат врз основа на Одобрение за извоз со или Одобрение за привремено изнесување со прилог на заверена фото документација** издадени од Управата за заштита на кутурното наследство на Република Македонија. Податоците за видот на стоката, количината и идентитетот на лицето кои ги извезува или привремено изнесува, наведени во Одобрението за извоз или изнесување на културните добра и прилогот на заверената фото документација на истото, треба да соодветствува со стоката која се става на увид пред царинскиот орган за извоз или привремено изнесување.

*Прилог бр. 1*

*Рейублика Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното .

*Прилог бр. 2*

УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице, врз основа на член 171 од Законот за општата управна постапка и член 97 став 4 и 7 од Законот за заштита на културното наследство (вСлужбен весник на РМг бр. 20/04), по барање бр.__________ од _____________ на ________________, адреса:_____________________________, а по претходно мислење од ______________________________, издава

**У В Е Р Е Н И Е**

**за изнесување во странство незаштитени добра**

Се потврдува дека уметничките дела од _________________________________ не се запишани во Националниот регистар на културно наследство и можат да се изнесат во странство без ограничување по основ на заштита на културното наследство.

Ова уверение се издава врз основа на Националниот регистар на културно наследство што го води Управата за заштита на културното наследство.

Составен дел на Уверението е фото документацијата за уметничките дела што се изнесуваат во странство.

Таксата во износ од 50,00 денари, со таксена марка е наплатена и прилепена на барањето од странката.

Во прилог на Уверението се доставува список на уметничките дела.

ДИРЕКТОР,

*Јован Ристов*

ВД/СК

*Република Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство

Бр.xxxxx
xxxxx..2005 год

УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице, врз основа на член 171 од Законот за општата управна постапка и член 97 став 4 од Законот за заштита на културното наследство (IСлужбен весник на РМг бр. 20/04), по барање од ____________________ бр. ______ од ________ година со адреса: __________________, и по претходно прибавено Мислење бр. ________ од _________ година од ______________________________________, издава

**У В Е Р Е Н И Е**

**за извоз на незаштитени добра**

Се потврдува дека уметничкото дело од ___________________:

-
-
-
,

што ќе го изнесува лицето ___________________во____________________, не е запишано во Националниот регистар на културно наследство и може да се извезе без ограничување по основа на заштита на културното наследство. Делото е сопственост на _______________________________.Ова уверение се издава врз основа на Националниот регистар на културно наследство што го води Управата за заштита на културното наследство.

Составен дел на Уверението е фотодокументацијата за уметничкото дело што се извезува.

Таксата во износ од 50,00 денари, со таксена марка е наплатена и прилепена на Барањето од странката.

ДИРЕКТОР,

*Јован Ристов*

ВД/БЈ

*ПрилоГ бр. 3*

*РеПублика Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство

Бр. xxxxxxx
xxxxxxxxxx год.
Скопје

УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице, врз основа на член 97 став 1 од Законот за заштита на културното наследство (IСлужбен весник на РМ бр. 20/04), по барање од __________________________________________ бр.______ од _______ година, за извоз на заштитени добра, и претходно прибавено мислење од ________________ бр.________ од _______ година, издава

**О Д О Б Р Е Н И Е**

**за извоз на заштитени добра**

СЕ ОДОБРУВА на ____________________________________________ да изврши извоз во ________________________________________________на заштитени добра и тоа:

-
-
-

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

______________________________________________ поднесе барање за извоз на заштитени добра во ________________________________________ бр. _______ од _______ година. Во барањето наведе дека извозот се прави заради __________________________________________________________, а дека ќе го реализира__________________________. Кон барањето, странката достави _____________________________________________________________ _____________________________________________________________________.

Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице, постапувајќи како надлежен првостепен орган оцени дека заштитените добра што се предмет на извоз не се под режим на општа забрана за извоз во смисла на член 52 од Законот за заштита на културното наследство и дека може да бидат извезени согласно член 97 став 2 точка 1 и 2 и став 3 точка 2 од истиот закон.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

Согласно со член 18 точка 30 од Законот за административни такси ("Службен весник на РМ" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01 и 24/03) не се плаќа административна такса за ова одобрение.

**Упатство за правно средство:**

Против ова одобрение може да се изјави жалба до Министерството за култура, во рок од 15 дена од приемот на одобрението преку Управата за заштита на културното наследство.

ДИРЕКТОР,

*Јован Ристов*

- странката
- досие
- архива

СЕРТИФИКАТ

**Св. ЈОВАН БОГОСЛОВ**
камена икона, XIV век
Музеј на Македонија - Скопје
(копија, бр.      )

CERTIFICATE

**St. JOHN THE THEOLOGIAN**
stone icon, 14th century
Museum of Macedonia - Skopje
(copy, No.      )

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА
MUSEUM OF MACEDONIA


Ќурчиска бб, 1 000 Скопје
Тел. + 389 2 11 60 44, маркетинг: + 389 2 12 93 23 факс: + 389 2 11 64 39
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ćurčiska bb, 1 000 Skopje
Tel. + 389 2 11 60 44, marketing + 389 2 12 93 23 fax: + 389 2 11 64 39
REPUBLIC OF MACEDONIA

e-mail musmk@mt.net.mk
www museummk.com


## СВЕТИ ЈОВАН ТЕОЛОГ



## SAINT JOHN THE THEOLOGIAN

СЕРТИФИКАТ
(Копија од печена глина бр.      )

CERTIFICATE
(Copy of baked clay N°      )

MUSEUM OF MACEDONIA


Ќурчиска бб, 1 000 Скопје
Тел. + 389 2 11 60 44, факс: + 389 2 11 64 39; маркетинг 12 93 23
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ćurčiska bb, 1 000 Skopje
Tel. + 389 2 11 60 44, fax: + 389 2 11 64 39; marketing 12 93 23
REPUBLIC OF MACEDONIA

e-mail musmk@mt.net.mk; www musmk.org.mk


## Чаша со мотив на македонски штит



## Cup with decoration of Macedonian shield

Икона од камен, најдена во 1952 година на локалитетот "Манастир" во Демир Капија. Датирана е во 14 век. Евангелистот Свети Јован е прикажан во полупрофил со отворено Евангелие во раце. Сигнатурата е во левот горен агол. Таа е портативна икона и се носела со себе за заштита.
Апостол Свети Јован Теолог, или Богослов, е современик и ученик на Исус Христос. Бил син на рибарот Заваdej и Салома. Со својот брат Јаков е меѓу првите следбеници и ученици на Христос. Христос го нарекол "син на громовите", за да се слушне далеку и гласно како гром учењето на Богословието. Како човек бил најдобар и Христос најповеќе го сакал. Тој го следел и сочуствувал со Христос и во најголемите страдања и маки. Само тој можел да ја стави главата во скутот на Христос и за време на Тајната вечера да го праша кој ќе те предаде. Дури и кога Христос бил распнат на крстот, Јован Богослов -Теолог бил до Марија. Христос, чувствувајќи ги силните болки на Мајката, и рекол: "Еве ти син". Така до крајот на животот на Марија Свети Јован Богослов се грижел за неа. Свети Јован Теолог живеел над 100 години. Во својот живот направил многу чуда. Например, после еден бродолом, поминал на море 40 дена. Преживеал и морските бранови го исфрлаат. Патувал многу. Во Рим бил мачен за време на цар Домицијан. Сверски бил тепан, му дале отров и го фрлиле во зовриено масло. Откако ги преживеал сите маки го избркале на островот Патмос. Тука на својот верен ученик и придружник Прохор му го диктирал Евангелието. Умира во Ефес, кај Измир. Тука, на неговиот гроб, подоцна е подигната голема базилика посветена на него.

Stone icon discovered at the site of Manastir in Demir Kapija in 1952. It is dated to the 14th century. The apostle St. John the Theologian is rendered in semi-profile holding in his hands the opened Gospel Book. There is signature in the upper left corner. This is a portable icon and was carried for protection.
Apostle St. John the Theologian was a contemporary and disciple of Christ. He was son of the fishermen Zavadius and Salome. He and his brother Jacob were among the first followers and disciples of Christ, who called St. John "son of thunder" for the learning of theology to be heard as loudly and as far away as thunder. He was the kindest heart and Christ' favourite disciple. St. John the Theologian followed Christ and had compassion for his pains and sufferings, being the only one that could lay head on Christ lap during the Last Supper and ask him by whom he had been betrayed. When Christ was crucified, St. John was beside Mary. Feeling his mother's pains Christ said to her: "This will be your son". After that St. John took care of Mary by the end of her life. He lived over 100 years. In his lifetime he made a lot of miracles. For example, he spent 40 days at sea after a shipwreck, surviving and having been thrown at the shore by the waves. He traveled a lot. In Rome he was tortured during emperor Domitianus. He was severely beaten, given poison and thrown into burning oil. Having survived all the tortures, he was expelled to the Patmos island. There he told the Gospel to his faithful ac companion and disciple Prohor. He died in Ephesus, near Izmir. A large basilica was later erected over his grave dedicated to him.

## Чаша со мотив на македонски штит

Вардарски Рид, Гевгелија, III-II век пред н.е.

Пронајдена е во 1998 г. при археолошките истражувања на старомакедонскиот град на локалитетот Вардарски Рид во Гевгелија.

Припаѓа на времето на III-II век пред н.е. Изработена е од глина во техника на калапење и се користела за пиење вино.

Како симбол, мотивот на штитот прераснал во вистински државен грб на Античка Македонија.

## Cup with decoration of Macedonian shield

Vardarski Rid, Gevgelija, 3rd-2nd century BC

It was discovered in 1998 during excavations at the site of Vardarski Rid near Gevgelija in an old Macedonian town.

The cup belongs to the 3rd-2nd century BC. It is made of clay in a mold and was used for drinking wine.

As a symbol, the decoration had become the official coat-armour of the Ancient Macedonian state.

## Вооружување (воена опрема, стопански експлозив, ловечко и спортско оружје и нивна муниција, хемиско оружје)

## А-5-9

---

## А-5-9-1 - Вооружување(воена опрема, стопански експлозив, ловечко оружје и нивна муниција)

*Правен основ* Според Законот за вооружување и воена опрема како и Законот за оружје прометет со оружје и воена опрема ( внесување, увоз, извоз и трансит ) се врши **со Дозвола од Министертвото за одбрана/Министертвото за внатрешни работи.**

Правен субјект за да може да врши промет и производство на оружје, воена опрема и мора предходно да добие согласност од Министерство за економија врз основа на прегходно добивање на мислење од Министертво за одбрана и Министерство за внатрешни работи.

**А-5-9-1** Царинската постапка, царинскиот надзор на вооружување и воена опрема која се увезува или извезува се врши кај производителот, увозникот или кај Министертвото за внатрешни рабити, односно Министертвото за одбрана. Царинскиот надзор се врши во присуство на претставник од Министертвото за внатршни работи или Министертвото за одбрана.

Физичко лице може да внесе ( увезе) оружје за свои потреби доколку има дозвола за увоз од Министертво за внатрешни работи

---

***Д7*** - Дозвола за увоз од Министерство за одбрана за тешко и лесно оружје и воена опрема за свои потреби

**Д7** -Дозвола за увоз од Министерство за внатрешни работи вооружување и експлозивни матрии за комерцијална намена

---

## А-5-9-2 Хемиско оружје

Во Република Македонија забрането е производство и промет на сите средства на вооружување и воена опрема чија употрена е забранета според мегународни конвенции. Република Македонја ја има ратификувано Конвенцијата за забрана на произвопдство, складирање и промет на хемиско оружје.

# Опасни материи
# А-5-10

## Информација за постапување со опасни материи

## А-5-10-1 ОПШТО

Согласно одредбите од Законот за превоз на опасни материи (Сл.лист на СФРЈ бр. 27/90) и Европската спогодба за меѓународен превоз на опасни материи во патниот сообраќај (АДР) од 1957 година, а со оглед дека царинските работници во делокругот на своето работење секојдневно доаѓаат во контакт со опасни материи, а имајќи ги во предвид физичко-хемиските особини на опасните материи што се превезуваат, а се со цел избегнвуање на можноста од експлозија, пожар, истурање на опасни материи или друга хаварија за да не дојде до загрозување на животот и здравјето на луѓето, животната средина, материјалните блага и безбедноста на сообраќајот, Царинската управа ги дава следните напатствија:

Претпријатијата и другите правни лица и поединци кои превезуваат или предаваат на превоз опасни материи и вршат дејствија во врска со тој превоз, како и поединци кои во текот на превозот непосредно ракуваат или на друг начин доаѓаат во допир со опасни материи, се должни да превземаат превентивни и заштитни мерки со кои се обезбедува заштита на животот и здравјето на луѓето, на животната средина или материјалните добра односно безбедност на сообраќајот.

При внесување  на опасни материи истите мора да бидат пропратени со документ за превозот на истите кој го издава Министертво за транспорт и врски, во соработка со Министертво за внатрешни работи (согласно АДР конвенцијата). Освен тоа  за одредени  видови на опасни материи: потребнни се  одобренија од надлежни органи (на пример за експлозиви  одобрение од Министертво за внатрешни работи;  за отрови -Одобрение  од Министрство за здравство;  за радиоактивни материи -Одобрение од Дирекција за радиациона сигурност и тн).

При превозот на опасни материи  возилото односно товарот, или неговата амбалажа треба да се означени со соодветни меѓународни ознаки  за опасност.

## А-5-10-2 ВИДОВИ ОПАСНИ МАТЕРИИ

Опасните материи се делат на следните класи:

Класа 1а - Експлозивни материи;
Класа 1б - Предмети полнети со експлозивни материи;
Класа 1в - Средства за палење, огнометни предмети и други предмети;
Класа 2 -Збиени гасови, гасови претворени во течност и гасови растворени под пристисок;
Класа 3 - Запални течности;
Класа 4.1- Запални цврсти материи;
Класа 4.2- Материи склони кон самопалење;
Класа4.3- Материи што во допир со водата развиваат запални гасови;
Класа 5.1- Оксидирачки материи;
Класа 5.2- Органски пероксиди;
Класа 6.1- Отрови;
Класа 6.2- Гадни и заразни материи;
Класа 7 - Радиоактивни материи;
Класа 8 - Корозивни (нагризувачки) материи;
Класа 9 - Други опасни материи (азбест, сув мраз, магнетни мате-ријали и сл.).

## А-5-10-3 ОЗНАКИ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ

Во прилог на дописот Ви доставуваме **ОЗНАКИ ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ**, кои најчесто се среќаваат во царинската постапка

## Налепници за опасност и Кемлерови таблички кои се употребуваат во превози согласно АДР Спогодбата

**<u>Класа 1 - Експлозивни материи:</u>**

Во зависност од подгрупата, се поставува една од следните налепници:




**<u>Класа 2 - Гасови:</u>**

Ако гасовите се и запалливи, се поставува црвената налепница, со бројот 2 во долната половина.
Ако гасовите се отровни, се поставува белата налепница со бројот 2 во долната половина










**<u>Класа 3 - Запалливи течности</u>**

(линиите може да бидат црни или бели):






## Класа 4 - Други запалливи материи:

Класа 4.1- Запалливи тврди материи




Класа 4.2 - Самозапалливи материи




Класа 4.3 - Материи опасни во контакт со влага
(линиите може да бидат црни или бели)







## Класа 5 - Оксиданти и органски пероксиди:

Класа 5.1 - Оксиданти




Класа 5.2 - Органски пероксиди



## Класа 6  Отровни и заразни материи

Класа 6.1 Отровни материи



Класа 6.2 - Заразни материи




## Класа 7 - Радиоактивни материи

Може да се стави една од следните налепници, во зависност од транспортниот индекс (I, II или III)










## Класа 8 - Корозивни материи




## Класа 9 - Други опасни материи




## Кемлерови таблички:

Моторното возило, приколката, полуприколката или друго возило со кое се превезуваат опасни материи мора да биде означено со таблички со правоаголна форма со големина од 400 x 300 mm, со портокалова боја, со црн раб со максимална широчина од 15 mm.
Портокалова табличка може да биде празна, или да биде оформена, што значи на неа да се впишани и одредени броеви, кои се одделени меѓу себе со хоризонтална црта. Во тој случај во горната половина на табличката се впишува бројната ознака на опасноста, а во долната половина - бројната ознака на опасната материја (со 4 цифри). Вака пополнетите таблички за опасност се наречени "Кемлерови таблички":

Ознака на опасноста
( Кемлеров број)

ОН број на материјата
(секоја опасна материја има
единствен ОН број).




**Бројната ознака на опасноста** (горниот број) се состои од
цифри (две или три цифри), односно од буква и цифри.

**Првата цифра** ја означува главната опасност, и тоа по следната класификација:

2 Гас
3 Запалливи течни материи
4 Запалливи цврсти материи
5 Оксидирачки материи или органски пероксиди
6 Токсични (отровни) материи
7 Радиоактивни материи
8 Корозивни (нагризувачки) материи

Втората и третата цифра ја означуваат дополнителната опасност или интензитетот на реакција според следната класификација:

0 Без значење
1 Опасност од експлозија
2 Ослободување на гасови поради притисок или хемиски реакции
3 Запалливи течности (пареа) или гасови
5 Оксидирачко дејство
6 Отровност (токсичност)
8 Корозивност
9 Опасност од спонтана бурна реакција при разложување или полимеризација

Кога видот на опасноста може да се означи само со една цифра, зад неа следи цифрата **0** (на пример: **20 -** инертен гас, **30** - запаллива течност).
Доколку видот на опасноста е означен со две исти цифри, значи дека главната опасност е <u>многу изразена</u>: (**33** означува **лесно** запаллива течност; **66** означува **многу** отровна материја; **88** означува **многу** корозивна материја).
Буквата **"X"** пред бројната ознака означува дека опасната материја **не смее да дојде во допир со вода**, ниту во случај на пожар или незгоди на возилото или товарот.

Некои од идентификационите броеви на опасност (шифрата на основната опасност), го имаат следното значење:

**22** Оладен втечнет гас
**33** Лесно запалливи течности (температура на палење под 21$^{o}$C)
**X423** Запаллива тврда материја која реагира опасно со вода ослободувајќи запалливи гасови
**558** Многу оксидирачка материја која е и корозивна
**638** Отровна материја, запаллива (точка на палење помеѓу 23$^{O}$C и 61$^{O}$C), корозивна
**76** Радиоактивна материја, отровна
**842** Корозивна тврда материја која реагира со вода ослободувајќи запалливи гасови

**ОН** бројот на материјата (четирицифрениот број во долната половина) го означува бројот за идентификација на опасната материја кој е единствен за секоја позната опасна материја.

## A-5-10-4 ПОСТАПУВАЊЕ СО ОПАСНИ МАТЕРИИ

**Постапвуање на терминалите на внатрешни и гранични Царински испостави**:

Шефовите во внатешните и граничните Царински испостави каде има царински терминали, треба да ги известат одговорните лица за стопанисување со царинските терминали, таму каде што постојат реални услови за тоа да се превземат активности во насока:

1.Превозните средства кои превезуваат стока т.е. опасни материи **да бидат паркирани на посебно за тоа одредено (обележано) место;**
2. Во непосредна близина на одреденото место каде се паркираат превозните средства што превезуваат стока т.е. опасни материи **да има задолжително соодветна според позитивните законски прописи ХТЗ опрема**.
3. Превозните средства кои превезуваат стока т.е. опасни материи **да бидат издвоени на соодветно безбедно растојание од другите превозни средства** што превезуват друга стока.

## А-5-10-5 БЕЗБЕДНОСТ НА ЦАРИНСКИ РАБОТНИЦИ

1. Царинските работници кои доаѓаат во контакт со стока т.е. опасни материи во текот на своето работење, **да внимаваат како на својата лична безбедност** така и на безбедноста на другите непосредно вклучени лица;
2. Царинските работници во одредени случаи кога доаѓаат во контакт со стока т.е. опасни материи можд да побараат согласно ЦЗ и помош од страна на вешто лице.

## А-5-10-6 Известување за опремата која е потребна за возачот и возилото при домашни и меѓународни превози на опасни материи

Врз оснвоа на Законот за превоз на опасни материи (Службен весник на СФРЈ бр. 45/90 и Службен весник на РМ бр. 12/93), Европската спогодба на меѓународен патен превоз на опасни стоки (АДР) и дописот број 09-032 од 25.05.2005 година добиен од Стопанската интересна заедница за патен транспорт А.М.Е.Р.И.Т „Македонија сообраќај„ - Скопје, Царинската управа Ве известува дека при домашни и меѓународни превози на опасни материи опрема која е потребна за возачот и возилото е следна:

## A-5-10-6-1 **Опрема за возилото**:

- најмалку еден клан за подметнување под тркалата (клоцна);
- два триаголника;
- две трепкачки лампи со црвена или портокалова боја, со напојување независно од напојувањето на возилото;
- еден противпожарен апарат со два килограми сув прав;
- по еден противпожарен апарат со шест килограми сув прав за секоја возна единица од комбинацијата на возила;
- Опрема за собирање на истечените материи. Обично во оваа опрема спаѓаат вреќи песок или струготини, алуминиумска лопата, алуминиумска или пластична канта и метла.

## A-5-10-6-2 **Опрема за возачот:**

- пластичен шлем за индустриска употреба;
- гумени ракавици;
- пластични очила со странична заштита;
- гумени чизми или чевли со челичен врв;
- сигнален елек со флуоросцентни ленти;
- пластични или алуминиумски батериски лампи.

Ако се превезуваат корозивни материи во опремата треба да има и шише со течност за плакнење на очите. Ако се превезуваат отровни материи опремата треба да има и заштитна маска со соодветен филтер.